# ЗАКОН ЗА РЕШАВАЊЕ БАНКИ (*)

## ГЛАВА I
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување
Член 1

Со овој закон се уредуваат:
- правилата, постапката и инструментите за решавање на лицата од членот 2 став (1) на овој закон;
- овластувањата и одговорностите на Народната банка на Република Северна Македонија како орган за решавање и овластувањата и одговорностите на други органи и лица во врска со решавањето на лицата од членот 2 став (1) на овој закон;
- основањето, финансирањето, користењето средства и управувањето со Фондот за решавање банки.

### Примена на законот
Член 2

(1) Овој закон се применува на:
1) банка со дозвола за основање и работење издадена од Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка),
2) финансиска институција со седиште во Република Северна Македонија којашто е подружница на лицата од точките 1) и 3) од овој став и е опфатена со супервизијата на тие лица на консолидирана основа, согласно со законот кој го уредува работењето на банките, и
3) финансиско холдинг друштво, мешовито финансиско холдинг друштво или холдинг друштво со мешовита активност со седиште во Република Северна Македонија коешто е матично лице на лицето од точката 1) од овој став.

(2) Овој закон не се применува на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје.

(3) На банката врз која се спроведуваат активности за решавање, се применува законот кој го уредува работењето на банките и подзаконските акти донесени врз негова основа, освен доколку поинаку не е уредено со овој закон.

(4) Одредбите на овој закон коишто се применуваат на банките, соодветно се применуваат и на другите правни лица од ставот (1) на овој член, доколку поинаку не е определено со овој закон.

### Дефиниции
Член 3

(*) Со овој закон се врши усогласување со Директивата на Европскиот парламент и на Советот од 15 мај 2014 година за воспоставување на рамка за обновување и решавање на кредитни институции и инвестициски фирми и за изменување на Директива 82/891/ЕЕЗ, и Директиви 2001/24/ЕС, 2002/47/ЕЗ, 2004/25/ЕЗ, 2005/56/ЕЗ, 2007/36/ЕЗ, 2011/35/ЕУ, 2012/30/ЕУ и 2013/36/ЕУ, и Регулативи (ЕУ) бр. 1093/2010 и (ЕУ) бр. 648/2012, на Европскиот парламент и на Советот

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) „Активности за решавање" се донесување одлука за започнување постапка на решавање на банка, примена на инструменти за решавање на банка или примена на овластувањата за решавање на банка;

2) „Акционери" се сопственици на акции или иматели на други сопственички инструменти;

3) „Банка" го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

4) „Банка којашто се решава" е банка спрема која се преземаат активностите за решавање предвидени со овој закон;

5) „Банкарска група" го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

6) „Вкупен износ на заштитни слоеви на капиталот" го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

7) „Вонредна јавна финансиска помош" е државна помош во смисла на прописите со кои се уредува користењето државна помош којашто се обезбедува заради одржување или обновување на одржливоста, ликвидноста или солвентноста на банка;

8) „Главни деловни линии" се деловните линии и услугите поврзани со нив коишто претставуваат значаен извор на приходи или добивка на банката или групата на која ѝ припаѓа банката;

9) „Група" го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

10) „Група за решавање" е носителот на решавањето и неговите подружници коишто не се сметаат за носители на решавањето и коишто не се подружници на друг носител на решавањето;

11) „Договор за финансиско обезбедување со пренос на сопственост" го има значењето определено во законот кој го уредува финансиското обезбедување;

12) „Договор за финансиско обезбедување со заложно право" го има значењето определено во законот кој го уредува финансиското обезбедување;

13) „Договор/изјава за пребивање" е договор/изјава со која банката којашто се решава и друга договорна страна меѓу себе пребиваат две или повеќе побарувања или две или повеќе обврски;

14) „Дозволени обврски" се обврските коишто ги исполнуваат условите од членот 11 на овој закон;

15) „Должнички инструменти" се обврзници и други облици на пренослив долг, инструменти коишто создаваат или признаваат долг и инструменти коишто даваат право на стекнување должнички инструменти;

16) „Дополнителни капитални барања" се однесува на повисокото ниво на стапката на редовен основен капитал, стапката на основен капитал и/или стапката на адекватност на капиталот пропишано од Народната банка во согласност со законот кој го уредува работењето на банката;

17) „Друштво примач" или „купувач" е правно лице на кое му се пренесени или продадени акции, други сопственички инструменти, должнички инструменти, средства, права или обврски од банката којашто се решава;

18) „Засегнат доверител" е доверител чиешто побарување од банката е намалено или претворено во акции или други сопственички инструменти, преку спроведување на

овластувањето за отпис или за претворање при примената на внатрешната распределба на загубите;

19) „Инвестициско друштво“ го има значењето определено во законот кој ги уредува финансиските инструменти;

20) „Квалификувано учество во банка“ го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

21) „Консолидирана основа“ го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

22) „Кредитна институција“ го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

23) „Критични функции“ се активности, услуги и работи коишто доколку престанат да се извршуваат би можеле да доведат до нарушување на финансиската стабилност или до прекин на услугите неопходни за реалниот сектор, поради големината, пазарниот удел, поврзаноста на банката со други лица во финансискиот сектор, сложеноста или прекуграничните активности на банката или на групата на која ѝ припаѓа банката, особено од аспект на заменливоста на тие активности, услуги и работи;

24) „Ликвидносна поддршка во исклучителни околности“ е обезбедување ликвидносна поддршка од Народната банка или која било друга помош како резултат на која може да се обезбеди ликвидносна поддршка од Народната банка на солвентна банка која се соочува со привремени ликвидносни проблеми, согласно со Законот за Народната банка на Република Северна Македонија;

25) „Лица со посебни права и одговорности“ го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

26) „Мал клиент“ е клиент на инвестициско друштво или на банка којашто врши инвестициски услуги и активности, а којшто не ги исполнува условите за професионален клиент, а во Република Северна Македонија како што е уредено со законот со кој се уредуваат финансиските инструменти;

27) „Матично лице“ го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

28) „Мерки за спречување криза“ се мерките за отстранување на недостатоците или ограничувањата за примена на планот за закрепнување и/или мерките за рана интервенција, согласно со законот кој го уредува работењето на банките, мерките за отстранување на пречките за решавање согласно со членот 9 на овој закон и примената на овластувањето за отпис или претворање на соодветни капитални инструменти и дозволени обврски од главата IV на овој закон;

29) „Мерки за управување со криза“ се активностите за решавање од овој закон, именувањето на посебните управители согласно со членот 23 на овој закон или на лицата согласно со членот 40 став (1) и членот 59 став (2) на овој закон;

30) „Мешовито финансиско холдинг друштво“ го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

31) „Можност за решавање на банка“ е можност врз банката да се спроведе стечајна постапка или да се спроведат активностите за решавање, согласно со условите од членот 8 на овој закон;

32) „Надлежен орган за супервизија“ го има значењето дефинирано во законот кој го уредува работењето на банките;

33) „Надлежен орган за супервизија на консолидирана основа“ го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

34) „Надлежен орган за решавање“ е орган овластен со закон за решавање банки, односно за решавање кредитни институции;

35) „Носител на решавањето“ е банката за која со планот за решавање од членовите 5 или 6 на овој закон е предвидено преземање активности за решавање или правно лице со седиште во Република Северна Македонија за кое во планот за решавање на банкарската група од членот 7 на овој закон е предвидено преземање активности за решавање;

36) „Нетинг аранжман“ е аранжман според кој повеќе побарувања или обврски можат да се претворат во едно нето побарување, што вклучува одредби за нетирање со затворање според кои при настанување на настанот на извршување (независно од тоа како е дефиниран), обврските на договорните страни стануваат веднаш достасани или престануваат, а во секој случај се претвораат во едно нето побарување, вклучувајќи „пребивање“ согласно со законот кој го уредува финансиското обезбедување и „нетирање“ согласно со законот кој ги уредува платежните услуги и платните системи;

37) „Обврски за внатрешна распределба на загубите“ се обврски и капитални инструменти коишто не ги исполнуваат условите за вклучување во редовниот основен капитал, додатниот основен капитал и дополнителниот капитал на банката и коишто не се исклучени од опфатот на внатрешната распределба на загубите согласно со овој закон;

38) „Обезбедени обврски“ се обврски кај кои правото на доверителот на наплата или друг облик на исполнување е обезбедено со товар, заложно право или со договор за финансиско обезбедување, вклучувајќи и обврски коишто произлегуваат од репо договори и други договори за финансиско обезбедување со пренос на сопственост;

39) „Оператор на платен систем“ го има значењето определено во законот кој ги уредува платежните услуги и платните системи;

40) „Прифатливи депозити“ се депозити коишто се предмет на заштита согласно со законот кој ја уредува заштитата на депозитите;

41) „Парични средства и други средства на клиент“ се паричните средства и другите средства на клиент на банката коишто таа ги чува или со кои управува во име и за сметка на клиентот;

42) „Подружница“ го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

43) „Покриени депозити“ се прифатливите депозити коишто не го надминуваат лимитот за обесштетување согласно со законот којшто ја уредува заштитата на депозитите;

44) „Покриени обврзници“ се должнички хартии од вредност покриени со изложености коишто се дел од активата на банката. Купувачите на покриените обврзниции имаат приоритет при наплатата од побарувањата врз основа на кои се издадени покриените обврзници во случај кога издавачот на обврзницата не ги намирува своите обврски.

45) „Право на раскинување на договор“ е право на раскинување или откажување на договор, предвремено исполнување или пребивање на обврските и која било слична одредба со која се откажува, менува или гаси обврска на договорната страна или одредба со која се спречува да настане некоја обврска која инаку би произлегла од договорот;

46) „Прописи со кои се уредува користењето државна помош“ се законот со кој се уредува контролата на државната помош во Република Северна Македонија и другите акти кои ги применува Комисијата за заштита на конкуренцијата при контролата на државната помош;

47) „Профил на ризичност“ е квантитативен и/или квалитативен приказ на нивото на мерливите и немерливите ризици коишто ги презема банката во своето работење, определен согласно со законот кој го уредува работењето на банките;

48) „Работен ден“ е кој било ден освен сабота, недела и државен празник согласно со законот кој ги уредува празниците во Република Северна Македонија;

49) „Решавање“ е примена на еден или повеќе инструменти за решавање заради остварување на една или повеќе од целите на решавањето од членот 17 на овој закон;

50) „Стечајна постапка“ е постапка којашто опфаќа делумна или целосна продажба или впаричување на имотот на должникот и именување стечаен управник или ликвидатор којашто се применува на банка, согласно со законот со кој се уредува работењето на банките, со исклучок на постапката на редовна ликвидација;

51) „Странска банка“ го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

52) „Соодветни капитални инструменти“ за потребите на главата III. оддел 2 отсек 5 и главата IV. на овој закон, се инструментите на додатниот основен капитал и инструментите на дополнителниот капитал;

53) „Сопственички инструменти“ се акции во банка, инструменти коишто можат да се претворат во акции или даваат право на стекнување акции или инструменти коишто претставуваат сопственост врз акции или врз други сопственички инструменти;

54) „Сопствени средства“ го имаат значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

55) „Стапка на претворање“ е стапката по која обврските од одредена категорија се претвораат во одреден број акции или други сопственички инструменти;

56) „Филијала“ го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

57) „Финансиска криза“ го има значењето определено во законот кој ја уредува финансиската стабилност;

58) „Финансиски деривативи“ се деривативни финансиски инструменти како што се дефинирани во законот кој ги уредува финансиските инструменти;

59) „Финансиски договори“ се следните видови договори и трансакции:

а) договор за хартии од вредност, вклучувајќи:
- договор за купување, продажба или заем на хартија од вредност, група или индекс на хартии од вредност;
- опции на хартија од вредност, група или индекс на хартии од вредност;
- репо трансакции или обратни репо трансакции на која било од тие хартии од вредност, група или индекс на хартии од вредност;

б) договор за стоки, вклучувајќи:
- договор за купување, продажба или заем на стока, група или индекс на стоки за идна испорака;
- опции на стока, група или индекс на стоки;
- репо трансакции или обратни репо трансакции на која било од тие стоки, група или индекс;

в) договор за фјучерси и договор за форварди, вклучувајќи и договор (којшто не е договор за стоки) за купување, продажба или пренос на стока или имот од кој било друг вид, услуга, право или удел по договорена цена на иден датум;

г) своп договори, вклучувајќи:
- свопови и опции поврзани со каматни стапки, спот трансакции и други трансакции на девизен пазар, валути, сопственички инструменти и индекс на сопственички инструменти, должнички инструменти и индекс

на должнички инструменти, стоки и индекс на стоки, метеоролошки услови, емисиски единици или инфлација;
- вкупен поврат, кредитен распон или кредитни свопови;
- какви било договори или трансакции слични на договорите и трансакциите од првата и втората алинеја од оваа потточка со кои периодично се тргува на пазарите на свопови или деривативи;

д) договори за меѓубанкарски заеми ако рокот на заемот е три месеци или помалку;

ѓ) рамковни договори за кои било договори или трансакции од потточките а) до д) од оваа точка.

60) „Финансиска институција“ го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

61) „Финансиско холдинг друштво“ го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

62) „Фонд за заштита на депозитите“ е фондот основан согласно со законот со кој се уредува системот за заштита на депозитите;

63) „Фонд за решавање“ е фондот воспоставен согласно со членот 72 на овој закон;

64) „Холдинг друштво со мешовита активност“ го има значењето определено во законот кој го уредува работењето на банките;

65) „Централна друга договорна страна“ го има значењето определено во законот кој ги уредува финансиските инструменти.

**Надлежен орган**

Член 4

(1) Народната банка е надлежен орган за решавање банки во Република Северна Македонија.

(2) Народната банка воспоставува соодветна внатрешна организација со цел да се обезбеди оперативна независност и да се спречи судир на интересите при вршењето на активностите како надлежен орган за решавање банки (функција на решавање на банки) согласно со овој закон и на активностите како надлежен орган за супервизија (супервизорска функција) согласно со законот кој го уредува работењето на банките. Функцијата на решавање банки и супервизорската функција се вршат преку две одделни организациски единици во Народната банка.

(3) Вработените лица во Народната банка од двете организациски единици меѓусебно соработуваат во постапките на планирање, подготвување и спроведување на активностите за решавање на банките.

(4) Народната банка со интерен акт подетално го пропишува начинот на соработка на посебните организациски единици од ставот (3) на овој член.

(5) Во овој закон, кога се споменува Народната банка се мисли на Народната банка како надлежен орган за решавање на банки, освен кога е изрично определено дека се мисли на Народната банка како надлежен орган за супервизија.

## ГЛАВА II
## ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА РЕШАВАЊЕ НА БАНКА

### Оддел 1
### Планови за решавање

## План за решавање на банка

Член 5

(1) Народната банка изработува план за решавање за секоја банка којашто не е дел од банкарска група. Планот за решавање содржи активности за решавање коишто Народната банка може да ги преземе ако банката ги исполнува условите за решавање од членот 19 став (1) на овој закон.

(2) Во планот за решавање Народната банка предвидува сценарија во кои банката престанува да работи како резултат на околности поврзани со конкретната банка или како резултат на нестабилност или други неповолни околности во финансискиот систем.

(3) Планот за решавање се разгледува и по потреба се ажурира најмалку еднаш годишно, како и при позначајни промени во организациската структура, деловната политика или финансиската состојба на банката или при други промени коишто можат значајно да влијаат на содржината или спроведливоста на планот.

(4) Банката е должна без одлагање да ја извести Народната банка за промените кои можат да влијаат на содржината или спроведливоста на планот во смисла на ставот (3) на овој член.

(5) Банката е должна да ги обезбеди и да ги достави до Народната банка сите информации и податоци потребни за изработување, ажурирање и спроведување на планот за решавање. На барање на Народната банка, банката е должна да учествува и/или да помогне во изработката и ажурирањето на планот за решавање.

(6) Планот за решавање, со исклучок на планот од членот 6 на овој закон, содржи најмалку:

1) резиме на главните елементи на планот;
2) резиме на значајните промени коишто настанале во банката по последната измена на планот за решавање;
3) оцена за постоењето јавен интерес;
4) опис на начинот на кој критичните функции и главните деловни линии на банката би можеле да се одвојат од останатите функции и линии, за да се обезбеди нивен континуитет во случај на исполнување на условите за решавање на банката од членот 19 став (1) на овој закон;
5) процена на потребното време за спроведување на секој значаен дел од планот;
6) опис на оцената на можноста за решавање, спроведена согласно со членот 8 на овој закон;
7) опис на мерките за отстранување на утврдените пречки за решавање, согласно со членот 9 на овој закон;
8) опис на процесот на утврдување на вредноста и можностите за пренос на критичните функции, главните деловни линии и активата на банката;
9) опис на начинот на кој се обезбедува добивање ажурирани информации и податоци од банката и нивна достапност во секое време;
10) образложение на можните начини на финансирање на активностите за решавање на банката без користење:
    - вонредна јавна финансиска помош, освен на средства од Фондот за решавање банки,
    - ликвидносна поддршка во исклучителни околности од Народната банка, или
    - ликвидносна поддршка од Народната банка со средства за обезбедување, рок на достасување и каматна стапка коишто отстапуваат од вообичаените;

11) опис на критичните меѓусебни зависности;
12) опис на различните стратегии за решавање што можат да се применат во зависност од можните сценарија и роковите за нивно спроведување;
13) опис на можните начини за задржување на пристапот до платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност, како и процена на преносливоста на позициите на клиентите;
14) анализа на влијанието на планот врз вработените во банката;
15) план за информирање на средствата за јавно информирање и јавноста во врска со решавањето на банката;
16) минимална стапка на сопствени средства и дозволени обврски согласно со членот 10 на овој закон и рок во кој банката е должна да ја достигне таа стапка;
17) опис на основните активности и системи во банката што се неопходни за одржување на континуитетот на оперативните процеси во банката;
18) начин на соработка и координација со надлежните органи за решавање и/или супервизија во странство во врска со решавањето на банката којашто е подружница на странска банка;
19) анализа за тоа како и кога банката би можела да побара користење на инструментите на Народната банка и кои средства на банката би биле прифатливо обезбедување.

(7) Народната банка го доставува до банката резимето на главните елементи на планот, по што банката има право да достави свое мислење до Народната банка, коешто е составен дел на планот.

(8) На барање на Народната банка, банката е должна да воспостави и редовно да го ажурира списокот на финансиски договори во кои е договорна страна и да го доставува до Народната банка на нејзино барање.

(9) Народната банка со подзаконски акт подетално ги пропишува содржината на планот за решавање на банка и на поедноставениот план за решавање од членот 6 на овој закон, како и потребните информации од ставот (5) на овој член и роковите и начинот на нивното доставување до Народната банка.

**Поедноставен план за решавање**

Член 6

(1) Народната банка може да изработи поедноставен план за решавање на банка, доколку оцени дека престанокот со работа и спроведувањето стечајна постапка над банката веројатно не би довеле до значителни негативни последици врз финансискиот пазар, другите банки или условите за финансирање.

(2) При оценката од ставот (1) на овој член, Народната банка ги зема предвид големината на банката, поврзаноста со други лица во финансискиот систем, обемот и сложеноста на активностите што ги врши банката, видот на дејноста, нејзиниот профил на ризичност и акционерската структура.

(3) Поедноставениот план може да се ажурира со помала фреквенција од предвидената во членот 5 став (3) од овој закон.

(4) Поедноставен план за решавање не може да се изработува за банките што се идентификувани како системски значајни банки, согласно со законот кој го уредува работењето на банките.

(5) Изработениот поедноставен план за решавање на банката не ја спречува Народната банка, доколку оцени дека е тоа потребно, да ги примени инструментите и овластувањата за решавање предвидени со овој закон.

(6) Народната банка со подзаконски акт подетално ги пропишува критериумите за оценка на влијанието од престанокот со работа на банката врз финансискиот пазар, другите банки и условите за финансирање.

**План за решавање на банкарска група**

Член 7

(1) Народната банка изработува план за решавање на банкарска група. Во планот за решавање на банкарската група се определуваат носителите на решавањето и групите за решавање.

(2) Со планот за решавање на банкарската група особено се предвидуваат:

1) активностите за решавање коишто можат да бидат преземени спрема матичното лице и спрема членките на банкарската група;
2) доколку банкарската група е составена од повеќе групи за решавање, активностите за решавање коишто можат да бидат преземени спрема носителите на решавањето од секоја група за решавање и ефектите од таквите активности врз другите членки коишто припаѓаат на истата група за решавање и врз другите групи за решавање;
3) начинот на кој инструментите и овластувањата за решавање би можеле да се применат спрема носителите на решавањето на усогласен начин, вклучувајќи мерки со кои би се олеснила продажбата на целата банкарска група или би се одвоиле функциите или деловните линии што ги вршат одделните членки на банкарската група или на групата за решавање, доколку е тоа потребно за решавање на банкарската група, како и опис на можните пречки за спроведување на решавањето;
4) начинот на соработка и координација со домашните и странските надлежни органи за супервизија и за решавање, во врска со решавањето на банкарската група, кога одделни членки на банкарската група подлежат на супервизија, односно решавање на друг орган;
5) можните начини на финансирање на активностите за решавање на банкарската група без користење:
    - вонредна јавна финансиска помош, освен средства од Фондот за решавање на банки;
    - ликвидносна поддршка во исклучителни околности од Народната банка; или
    - ликвидносна помош од Народната банка со средства за обезбедување, рок на достасување и каматна стапка кои отстапуваат од вообичаените;
6) минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски, утврдена согласно со членот 13 на овој закон;
7) дополнителни мерки коишто Народната банка може да ги преземе во врска со решавањето на банкарската група.

(3) Планот за решавање на банкарската група содржи и опис на оценката на можноста за решавање спроведена согласно со членот 8 на овој закон.

(4) Во однос на планот за решавање на банкарска група соодветно се применува членот 5 ставови (3), (4), (5), (7), (8) и (9) на овој закон, при што обврските од членот 5

ставови (4) и (5) ги извршува матичното лице со седиште во Република Северна Македонија за сите членки на банкарската група.

(5) Народната банка е должна до надлежните органи за решавање на подружниците коишто се дел од банкарската група на која се однесува планот за решавање, да ги достави информациите од членот 5 ставови (4), (5) и (7) на овој закон коишто се од значење за тие органи.

## Оддел 2
## Можност за решавање на банка

### Оцена на можноста за решавање
Член 8

(1) При изработувањето и ажурирањето на планот за решавање на банката согласно со членовите 5 и 6 на овој закон, Народната банка ја оценува можноста за решавање на банката.

(2) Можност за решавање на банка постои доколку е изводливо и оправдано врз банката да се спроведе стечајна постапка или е изводливо и оправдано врз банката да се применат инструментите и овластувањата за решавање предвидени со овој закон, без да се предизвикаат значајни негативни влијанија врз финансискиот систем и обезбедувајќи континуиран пристап до критичните функции на банката. Оцената на можноста за решавање на банката не може да се заснова на претпоставка за користење:

- вонредна јавна финансиска помош, освен на средства од Фондот за решавање банки;
- ликвидносна поддршка во исклучителни околности; или
- ликвидносна помош од Народната банка со средства за обезбедување, рок на достасување и каматна стапка кои отстапуваат од вообичаените.

(3) Можност за решавање на банкарска група постои доколку е изводливо и оправдано врз членките од групата да се спроведе стечајна постапка или е изводливо и оправдано врз носителите на решавањето од таа банкарска група да се применат инструментите и овластувањата за решавање предвидени со овој закон, без да се предизвикаат значајни негативни влијанија врз финансискиот систем и обезбедувајќи континуиран пристап до критичните функции коишто ги обезбедуваат правните лица од групата, доколку тие можат навремено да бидат одделени.

(4) Народната банка со подзаконски акт подетално го пропишува начинот на оценување на можноста за решавање на банката.

(5) При оценувањето на можноста за решавање на банкарската група соодветно се применуваат ставовите (1), (2) и (4) на овој член.

(6) Доколку банкарската група се состои од неколку групи за решавање, оценувањето на можноста за решавање се спроведува за секоја група за решавање, согласно со одредбите од ставовите (3) и (5) на овој член.

### Отстранување на пречките за решавање
Член 9

(1) Доколку врз основа на оцената извршена согласно со членот 8 на овој закон Народната банка утврди постоење значајни пречки за решавањето на банката, Народната

банка ја известува банката да достави предлог со мерки и рокови за отстранување на утврдените пречки.

(2) Банката е должна во рок од четири месеци од приемот на известувањето од ставот (1) на овој член да достави предлог со мерки и рокови за отстранување на утврдените пречки.

(3) По исклучок на ставот (2) на овој член, рокот за постапување на банката изнесува 14 дена по приемот на известувањето, доколку се утврдени следниве пречки за решавањето на банката:

1) банката ја исполнува минималната стапка на сопствени средства од членот 10 на овој закон, но не го исполнува вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот, утврден согласно со законот кој го уредува работењето на банките, заради исполнувањето на минималната стапка на сопствени средства , или
2) банката не ја исполнува минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски утврдена согласно со членовите 10 до 13 на овој закон.

(4) Доколку Народната банка оцени дека мерките и роковите што ги предложила банката согласно со ставовите (2) и (3) на овој член се соодветни, со решение ја задолжува банката да ги спроведе тие мерки во определените рокови.

(5) Доколку Народната банка оцени дека мерките предложени од банката согласно со ставовите (2) и (3) на овој член не можат ефективно да ги намалат или отстранат пречките за решавање, може со решение да ѝ наложи на банката да преземе други мерки за отстранување на пречките за решавање и да определи рокови за постапување по тие мерки.

(6) Во случаите од ставот (5) на овој член, Народната банка може да ѝ наложи на банката:

1) да ревидира договор за финансиска поддршка доколку таков договор постои во рамките на групата на која ѝ припаѓа или да ја преиспита потребата од склучување таков договор или да склучи договор за давање услуги во рамките на групата или со трети лица, со цел обезбедување на извршувањето на критичните функции на банката;
2) да ја ограничи изложеноста спрема поединечно лице и/или вкупната изложеност;
3) да оттуѓи делови од активата;
4) да го ограничи или да престане со извршувањето одредени активности или започнувањето со нови активности, развивањето нова деловна линија или воведувањето нов производ;
5) да направи соодветни организациски промени на банката и/или на која било членка на групата во која банката е матично лице, со цел да се намали сложеноста на банката и/или групата и да можат полесно да се одвојат критичните функции од другите функции во постапката на решавање на банката;
6) да издаде или на друг начин да обезбеди дозволени обврски согласно со барањата од членовите 12 или 13 на овој закон;
7) да го промени рокот на достасување на инструментите коишто се дел од сопствените средства на банката, по добивање согласност од Народната банка како надлежен орган за супервизија и/или на дозволените обврски од членот 11 на овој закон;

8) да доставува дополнителни информации за целите на решавањето на банката, на редовна основа или во поединечни случаи;
9) да преземе други активности заради исполнување на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски од членовите 10 до 13 на овој закон, вклучително и преговарање за измена на условите по кои се издадени дозволените обврски, инструментите на додатниот основен капитал и инструментите на дополнителниот капитал.

(7) Банката е должна да достави до Народната банка план за спроведување на мерките содржани во решението од ставот (5) на овој член, во рок од еден месец по приемот на решението.

(8) При донесувањето на решението од ставовите (4) или (5) на овој член, Народната банка оценува дали мерките се пропорционални во однос на утврдените пречки за решавање и го зема предвид можното негативно влијание од утврдените пречки врз финансиската стабилност и врз работењето на банката, нејзината стабилност и можноста да придонесе за поддршка на економијата.

(9) Заради обезбедување услови за спроведување на решавањето на банка преку користење на инструментот за внатрешна распределба на загубите од членот 31 на овој закон, Народната банка може преку мерката од ставот (6) точка 2) на овој член да ги ограничи вложувањата на банката во обврски за внатрешна распределба на загубите на други банки, односно да го ограничи примањето/издавањето на обврски за внатрешна распределба на загубите на други банки, освен на банките коишто се дел од иста група.

(10) Доколку планот за решавање предвидува можност за примена на инструментот за внатрешна распределба на загубите, Народната банка има право, доколку оцени дека е потребно, со решение согласно со овој член, да ѝ наложи на банката да обезбеди соодветен износ на одобрен акционерски капитал или други инструменти од редовниот основен капитал, за банката да не е ограничена во издавањето доволен износ нови акции или други сопственички инструменти со цел да може да се спроведе претворањето на обврските во акции или други сопственички инструменти, во случај на спроведување на овластувањата од членот 48 став (2) точки 7) до 11) на овој закон.

(11) Во случаите од ставот (10) на овој член, Народната банка оценува дали одобрениот акционерски капитал и/или другите инструменти од редовниот основен капитал се доволни за покривање на износот од членот 36 став (4) точки 2) и 3) на овој закон.

(12) Народната банка може да ѝ наложи на банката промени во статутот заради отстранување на која било пречка којашто може да ја ограничи можноста за претворање на обврските во акции или други сопственички инструменти.

(13) Доколку се утврдени значајни пречки за решавањето на банката согласно со ставот (1) на овој член, Народната банка го одложува изработувањето на планот за решавање сè до донесувањето на решението на Народната банка од ставот (4) или ставот (5) на овој член.

(14) Врз отстранувањето на пречките за решавање на банкарска група соодветно се применуваат ставовите од (1) до (13) на овој член.

## Оддел 3
## Мининална стапка на сопствени средства и дозволени обврски

### Минимална стапка на сопствени средства и дозволени обврски
Член 10

(1) Банката е должна постојано да одржува минимална стапка на сопствени средства и дозволени обврски, којашто се пресметува како:

1) однос помеѓу збирот на сопствените средства и на дозволените обврски коишто можат да се вклучат во пресметката на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски (во понатамошниот текст: збирот на сопствените средства и на дозволените обврски) и активата пондерирана според ризиците, утврдена во согласност со законот кој го уредува работењето на банките, и
2) однос помеѓу збирот на сопствените средства и на дозволените обврски и вредноста на изложеноста којашто се вклучува во утврдувањето на стапката на задолженост, утврдена во согласност со законот кој го уредува работењето на банките.

(2) Во постапката на изработка и ажурирање на планот за решавање, Народната банка носи одлука за висината на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски за секоја банка или банкарска група, имајќи ги предвид одредбите на овој член и членовите 11 до 16 на овој закон, во која се наведува рокот до кога банката е должна да ја исполни утврдената висина на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски.

(3) При носењето на одлуката од ставот (2) на овој член, Народната банка ги има предвид дополнителните капитални барања коишто е должна да ги исполнува банката, врз основа на законот кој го уредува работењето на банките.

(4) Народната банка го следи исполнувањето на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски од ставот (2) на овој член.

(5) Народната банка со подзаконски акт го пропишува начинот на утврдување на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски, вклучувајќи и:

1) дефинирање на дозволените обврски коишто можат да се вклучат во пресметката на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски, имајќи ги предвид одредбите од членот 11 на овој закон;
2) видот на документацијата, условите и постапката за издавање на претходната согласност од членот 11 став (4) на овој закон;
3) содржината и фреквенцијата на известување на Народната банка за одделните позиции од збирот на сопствените средства и на дозволените обврски;
4) содржината и фреквенцијата на податоците и информациите коишто банките треба да ги објавуваат во врска со минимална стапка на сопствени средства и дозволени обврски;
5) начинот на утврдување на дозволениот максимален износ за распределба поврзан со збирот на сопствените средства и на дозволените обврски од членот 14 на овој закон, вклучително и видот на информации коишто банката е должна да ги достави, согласно со членот 14 став (2) на овој закон;
6) видот на документацијата, условите и постапката за издавање на согласноста од членот 44 ставот (3) точка 1) на овој закон;
7) начинот на утврдување на вредноста на обврските коишто произлегуваат од финансиските деривати, вклучително и за потребите на членот 38 на овој закон;
8) начинот на утврдување на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски на банка којашто не е носител на решавањето, вклучително и на дозволените обврски коишто можат да се вклучат во

исполнувањето на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски на банката којашто не е носител на решавањето од членот 13 став (3) на овој закон.

**Дозволени обврски**

Член 11

(1) Следниве обврски се сметаат за дозволени обврски и се вклучуваат во збирот на сопствените средства и на дозволените обврски:

1) инструментите со преостаната рочност над една година коишто:
   - се дефинирани со членот 10 став (5) точка 1) на овој закон,
   - не се исклучени согласно со ставот (2) на овој член, и
   - не ги исполнуваат условите за вклучување во редовниот основен капитал, додатниот основен капитал и дополнителниот капитал, согласно со законот кој го уредува работењето на банките;
2) инструментите од дополнителниот капитал на банката со преостаната рочност до една година, до износот којшто не ги исполнува условите за вклучување во дополнителниот капитал, согласно со законот кој го уредува работењето на банките.

(2) Како обврски коишто се исклучени од збирот на сопствените средства и на дозволените обврски на банката се сметаат:

1) обврските од членот 32 став (2) на овој закон;
2) депозитите по видување и краткорочните депозити со договорна рочност до една година;
3) износот на прифатливите депозити којшто го надминува износот на обесштетувањето;
4) депозитите коишто би се сметале како прифатливи депозити доколку не биле примени преку филијали на банката во странство;
5) обврски настанати врз основа на финансиски деривативи и должнички инструменти во кои се вградени деривативи.

(3) За потребите на ставот (2) точка 5) на овој член, должничките инструменти коишто содржат опција за предвремено повлекување/отплата како дискрециско право само на издавачот и должничките инструменти со променливи каматни стапки поврзани со референтни каматни стапки, не се сметаат како обврски настанати врз основа на финансиски деривативи.

(4) Банката не смее да ги откупи или отплати дозволените обврски коишто не се сопствени средства, ниту да ја намали нивната вредност, пред договорниот рок на достасување, без да добие претходна согласност од Народната банка.

(5) Банката може да продава дозволени обврски на мали клиенти, само доколку станува збор за обврски на малиот клиент со номинална вредност од најмалку 50.000 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на денот на нивната продажба, при што се исполнети условите за ваков вид вложувачи, пропишани со законот со кој се уредуваат финансиските инструменти.

**Утврдување на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски**

Член 12

(1) При утврдувањето на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски од членот 10 на овој закон се имаат предвид најмалку следниве критериуми:

1) потребата да се овозможи остварување на целите на решавањето со примена на соодветните инструменти за решавање, вклучувајќи го и инструментот за внатрешна распределба на загубите;
2) потребата да се овозможи банката и нејзините подружници коишто се банки, но не се носители на решавањето, да имаат доволен износ на сопствени средства и дозволени обврски за покривање на загубите преку инструментот за внатрешна распределба на загубите или преку отпис или претворање во соодветни капитални инструменти и дозволени обрски и за достигнување стапка на адекватност на капиталот или стапка на задолженост на ниво потребно за непречено работење на банката, во согласност со законот кој го уредува работењето на банките;
3) потребата да се овозможи банката да има доволен износ сопствени средства и дозволени обврски за покривање на загубите и за достигнување стапка на адекватност на капиталот или стапка на задолженост на ниво потребно за непречено работење на банката во согласност со законот кој го уредува работењето на банките, доколку со планот за решавање е предвидено одредени видови дозволени обврски да се исклучат од примената на инструментот за внатрешна распределба во согласност со членот 33 на овој закон или доколку е предвидено нивно пренесување на трето лице во случај на делумен пренос;
4) големината, деловниот модел, начинот на финансирање и профилот на ризичност на банката;
5) негативното влијание коешто би го имал престанокот со работа на банката врз финансиската стабилност, како резултат на поврзаноста на банката со другите банки или со останатите институции од финансиски систем;
6) акционерската структура на банката и нејзината поврзаност со останатите членки на групата на која и припаѓа, особено доколку банката припаѓа на група во странство.

(2) Доколку со планот за решавање на банката е предвидено решавање или е предвиден отпис или претворање на соодветните капитални инструменти и дозволените обврски во согласност со членот 43 на овој закон, збирот на сопствените средства и на дозволените обврски е еднаков на износот којшто ќе овозможи:

1) целосно покривање на загубите коишто се очекува дека ќе настанат (во понатамошниот текст: износ за покривање на загубите), и
2) зголемување на сопствените средства на банката и нејзините подружници коишто се банки, но кои не се носители на решавањето до ниво кое ќе овозможи непречено работење на банката во согласност со законот кој го уредува работењето на банките (во понатамошниот текст: износ за докапитализација).

(3) По исклучок на ставот (2) на овој член, доколку со планот за решавање на банката е предвидено спроведување стечај, Народната банка може да ја утврди минималната стапка на сопствените средства и на дозволените обврски единствено врз основа на износот од ставот (2) точка 1) на овој член, при што се има предвид влијанието коешто би го имал стечајот на банката врз останатите институции во финансискиот систем и врз финансиската стабилност во Република Северна Македонија.

(4) Збирот на сопствените средства и на дозволените обврски за банка којашто е носител на решавањето е еднаков на:

1) за потребите на членот 10 став (1) точка (1) на овој закон, збирот на:
   - износот за покривање на загубите којшто е еднаков на потребниот капитал за исполнување на стапката на адекватност на капиталот, вклучувајќи ги и дополнителните капитални барања, утврдени согласно со законот кој го уредува работењето на банките, и
   - износот за докапитализација којшто би овозможил достигнување на стапката на адекватност на капиталот, вклучувајќи ги и дополнителните капитални барања, утврдени согласно со законот кој го уредува работењето на банките, по примената на соодветната стратегија за решавање на банката;
2) за потребите на членот 10 став (1) точка 2) на овој закон, збирот на:
   - износот за покривање на загубите којшто е еднаков на потребниот капитал за исполнување на стапката на задолженост, утврдена согласно со законот кој го уредува работењето на банките и
   - износот за докапитализација којшто би овозможил достигнување на стапката на задолженост, утврдена согласно со законот кој го уредува работењето на банките, по примената на соодветната стратегија за решавање на банката.

(5) За потребите на членот 10 став (1) точка (1) на овој закон, минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски се изразува како процент на износот утврден согласно со ставот (4) точка 1) на овој член и активата пондерирана според ризиците, утврдена во согласност со законот кој го уредува работењето на банките.

(6) За потребите на членот 10 став (1) точка 2) на овој закон, минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски се изразува како процент на износот утврден согласно со ставот (4) точка 2) на овој член и вредноста на изложеноста којашто се вклучува во утврдувањето на стапката на задолженост, утврдена согласно со законот кој го уредува работењето на банките.

(7) Износот за докапитализација се утврдува врз основа на последните расположливи податоци за активата пондерирана според ризиците и за изложеноста, прилагодени за промените во нивниот износ коишто би настанале како резултат на примена на инструментите за решавање предвидени во планот за решавање.

(8) Народната банка може да утврди повисоко ниво на износот за докапитализација, доколку оцени дека е тоа потребно за банката да одржи соодветно ниво на пазарна доверба во период од најмалку една година по завршувањето на решавањето на банката. При утврдување на износот на докапитализација потребен за остварување на оваа цел се поаѓа од вкупниот износ на заштитните слоеви на капиталот коишто банката би била должна да го одржува по примената на инструментите за решавање, намален за износот од противцикличниот заштитен слој на капиталот.

(9) Народната банка може да утврди пониско ниво на износот за докапитализација, доколку оцени дека намалениот износ е соодветен за банката да одржи соодветно ниво на пазарна доверба и да продолжи непречено да ги извршуваа критичните функции и да има пристап до извори на финансирање, по примената на соодветната стратегија за решавање, без да биде потребна вонредна јавна финансиска помош, со исклучок на користењето на средствата од Фондот за решавање, согласно со членот 34 ставови (2) и (6) и членот 74 став (2) на овој закон.

(10) Збирот на сопствените средства и на дозволените обврски за банка којашто е идентификувана како системски значајна банка, согласно со законот кој го уредува работењето на банките, е еднаков најмалку на:

1) 13,5% од активата пондерирана според ризиците, и
2) 5% од вредноста на изложеноста.

(11) Народната банка може да одлучи да го примени минимумот од ставот (10) на овој член и на банка којашто не е идентификувана како системски значајна банка согласно со законот кој го уредува работењето на банките, доколку оцени дека престанокот со работа на банката може да претставува ризик за финансиската стабилност во Република Северна Македонија. При одлучувањето се имаат предвид:

- нивото на депозитите и нивото на должничките инструменти, како извори на финансирање на банката,
- пристапот до пазарот на инструментите коишто се сметаат за дозволени обврски, и
- степенот до кој банката го користи редовниот основен капитал за исполнување на потребното ниво на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски од членот 10 став (2) на овој закон.

(12) Збирот на сопствените средства и на дозволените обврски за банка којашто не е носител на решавањето се утврдува со соодветна примена на ставовите (4), (5), (6), (7), (8), (9) и (10) на овој член. При утврдувањето на износот на докапитализација се има предвид износот којшто би бил потребен по спроведување на отписот или претворањето на соодветни капитални инструменти и дозволени обврски, извршени согласно со членот 43 на овој закон.

**Збир на сопствени средства и на дозволени обврски на консолидирана основа**

Член 13

(1) Банката којашто е носител на решавањето е должна да ги исполнува барањата од членот 12 на овој закон на консолидирана основа, на ниво на групата за решавање.

(2) При утврдувањето на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски за банка којашто е носител на решавањето на консолидирана основа, се зема предвид дали подружниците во други земји ќе бидат предмет на поединечно решавање, согласно со планот за решавање.

(3) Банката којашто е подружница на банка којашто е носител на решавање или на лице коешто е носител на решавањето од друга земја, но којашто не е носител на решавањето, е должна да ги исполнува барањата од членот 12 на овој закон, на поединечна основа.

(4) По исклучок на ставот (3) на овој член, Народната банка може да ја исклучи банката којашто е подружница на банка којашто е носител на решавање од исполнување на барањата од членот 12 на овој закон, на поединечна основа, доколку:

1) подружницата и носителот на решавањето се со седиште во Република Северна Македонија и се дел од иста група за решавање;
2) носителот на решавањето ги исполнува барањата од ставот (1) на овој член;
3) нема и не се очекува дека ќе има значајни практични или правни пречки за брз пренос на сопствените средства или за отплата на обврските на носителот на решавањето во корист на подружницата;
4) носителот на решавањето ги исполнува барањата на Народната банка како надлежен орган за супервизија во однос на системот на управувањето со подружницата и дал писмена изјава со која го гарантира плаќањето на обврските на подружницата;

5) процесите за управување со ризиците коишто ги врши носителот на решавањето ја опфаќаат и подружницата.

**Право за ограничување на распределбата на резултатот од работењето**
Член 14

(1) Банката којашто заради исполнување на минималната стапка на сопствени средства од членот 10 на овој закон не го исполнува вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот, е должна да го утврди дозволениот максимален износ за распределба поврзан со збирот на сопствените средства и на дозволените обврски.

(2) Банката од ставот (1) на овој член е должна веднаш да ја извести Народната банка за неисполнувањето на вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот и за висината на дозволениот максимален износ за распределба поврзан со збирот на сопствените средства и на дозволените обврски, утврден во согласност со овој член.

(3) Народната банка може да одлучи на банката од ставот (1) на овој член да ѝ ја ограничи распределбата на резултатот од работењето само во износ којшто не го надминува дозволениот максимален износ за распределба поврзан со збирот на сопствените средства и на дозволените обврски, врз основа на оцената на следниве елементи:

- причината, времетраењето и висината на неисполнувањето на вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот согласно со ставот (1) на овој член, вклучувајќи го и влијанието од неисполнувањето врз можноста за решавање на банката;
- финансиската состојба на банката и веројатноста за исполнување на условите од членот 19 став (2) на овој закон;
- реалните можности на банката за постигнување на вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот во разумен рок;
- причините поради кои банката не е во можност да ги замени обврските коишто повеќе не ги исполнуваат критериумите на овој закон за дозволени обврски (дали тие причини се поврзани со состојби во банката или се резултат на пазарни движења);
- влијанието коешто одлуката за ограничувањето на распределба на резултатот од работењето ќе го има врз финансиската состојба и можноста за решавање на банката.

(4) Оцената на елементите од ставот (3) на овој член се врши најмалку на месечна основа, во текот на целиот период додека банката не го исполнува вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот согласно со ставот 1 на овој член.

(5) Доколку банката продолжи да не го исполнува вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот согласно со ставот 1 на овој член и во период од девет месеци по доставувањето на известувањето од ставот (2) на овој член, Народната банка ќе ја донесе одлуката од ставот (3) на овој член, освен доколку оцени дека се исполнети најмалку два од следниве критериуми:

1) Неисполнувањето на вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот согласно со ставот 1 на овој член е резултат на сериозни нарушувања на начинот на функционирање на финансиските пазари што предизвикува појава на шокови во повеќе сегменти на финансиските пазари;
2) Нарушувањата од точката 1) од овој став предизвикуваат негативни движења кај цените на капиталните инструменти коишто се дел од сопствените средства и на инструментите коишто се сметаат за дозволени обврски на банката или

зголемување на нејзините трошоци, како и водат кон целосно или делумно затворање на финансиските пазари поради што банката нема можност за издавање на овие инструменти на тие пазари;

3) Затворањето на финансиските пазари од точката 2) од овој став негативно влијае врз банката, но и врз неколку други банки и/или финансиски институции;
4) Нарушувањата од точката 1) од овој став ја ограничуваат банката за издавање капитални инструменти коишто се дел од сопствените средства и/или на инструментите коишто се сметаат за дозволени обврски во доволен износ за надминување на неисполнувањето на вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот согласно со ставот 1 на овој член;
5) Донесувањето на одлуката од ставот (3) на овој член може да предзвика негативни ефекти врз останатите банки, со што може да се загрози финансиската стабилност во Република Северна Македонија.

(6) Ако врз основа на оцената од ставот (5) на овој член, Народната банка одлучи да не ја донесе одлуката од ставот (3) на овој член, должна е да го проверува исполнувањето на критериумите од ставот (5) на овој член на месечна основа, во текот на целиот период додека банката не го исполнува вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот согласно со ставот 1 на овој член.

(7) Рапределбата на резултатот на работењето од ставот (3) на овој член се однесува на:

- распределбата на резултатот од работењето поврзана со позициите од редовниот основен капитал;
- преземањето обврска за исплата на варијабилни надоместоци или исплата на варијабилни надоместоци ако обврската за плаќање банката ја презела во времето кога не го исполнувала потребниот износ на заштитни слоеви на капиталот, утврден согласно со овој закон, или
- исплатата врз основа на инструменти коишто се дел од додатниот основен капитал на банката.

**Непочитување на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски**

Член 15

(1) Народната банка е должна да презема активности во случај на непочитување на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски пропишана согласно со овој закон.

(2) Активностите од ставот (1) на овој член се однесуваат најмалку на: мерките што можат да се преземат согласно со членот 9 на овој закон за отстранување на пречките за решавање, ограничувањето на распределбата на резултатот од работењето од членот 14 на овој закон, прекршочните санкции што можат да се изречат во согласност со овој закон, како и мерките коишто можат да се преземат согласно со законот кој го уредува работењето на банките.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, Народната банка како надлежен орган за супервизија може да покрене постапка за процена на исполнувањето на условите од членот 19 став (2) на овој закон.

**Дозволени исклучоци**

Член 16

(1) Барањето за нивоата на збирот на сопствените средства и на дозволените обврски од членот 12 ставови (10) и (11) на овој закон нема да се применуваат во период од две години по датумот:

1) на донесување на одлуката за примената на инструментот за внатрешна распределба на загубата;
2) на кој банката спровела мерки согласно со членот 19 став (1) точка 2) на овој закон со кои е извршен отпис или претворање на капитални инструменти или на други обрски во инструменти од редовниот основен капитал;
3) на кој е извршен отпис или претворање на соодветните капитални инструменти и дозволени обрски, согласно со членот 43 на овој закон, доколку отписот или претворањето се извршени за да се докапитализира банката, без примена на инструментите за решавање.

(2) Барањето за нивоата на збирот на сопствените средства и на дозволените обврски од членот 12 ставови (10) и (11) на овој закон нема да се применува во период од три години откако банката ги исполнила условите за примена на одредбите од членот 12 ставови (10) и (11) на овој закон.

(3) Народната банка ќе достави до банката од ставовите (1) и (2) на овој член план со годишна динамика за достигнување на потребното ниво на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски, којшто банката е должна да го почитува.

(4) Народната банка може да го ревидира планот од ставот (3) на овој член и да побара поинаква динамика за достигнување на потребното ниво на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски, којшто банката е должна да го почитува.

## ГЛАВА III
## РЕШАВАЊЕ НА БАНКА

### Оддел 1
### Започнување на постапката за решавање на банка

#### Цели на решавањето
Член 17

(1) Решавањето на банка се спроведува заради остварување на следните цели:

1) обезбедување континуитет во извршувањето на критичните функции на банката;
2) избегнување на значително негативно влијание врз стабилноста на финансискиот систем;
3) заштита на јавните средства преку сведување на минимум на можноста за користење вонредна јавна финансиска помош;
4) заштита на депонентите коишто имаат покриени депозити;
5) заштита на паричните средства и другите средства на клиентите на банката.

(2) Целите на решавањето имаат еднаква важност, а при примената на инструментите и овластувањата за решавање Народната банка меѓусебно ги усогласува целите на решавањето според околностите на секој поединечен случај.

(3) При остварувањето на целите на решавањето, Народната банка настојува да ги намали трошоците на решавањето и да спречи намалување на вредноста на банката, освен кога е тоа потребно заради остварување на целите на решавањето.

**Начела на решавањето**
Член 18

(1) Постапката на решавање на банката се спроведува врз основа на следниве начела:

1) акционерите на банката први ги покриваат загубите;
2) доверителите на банката ги покриваат загубите после акционерите, по обратен редослед од редоследот на намирување на побарувањата во стечајна постапка на банка, освен ако со овој закон не е поинаку определено;
3) покриените депозити се целосно заштитени;
4) се разрешуваат членовите на надзорниот одбор, членовите на управниот одбор и/или лицата со посебни права и одговорности на банката, освен ако Народната банка оцени дека задржувањето на постојните членови на надзорниот и/или управниот одбор и/или лицата со посебни права и одговорности е потребно заради остварување на целите на решавањето;
5) членовите на надзорниот и управниот одбор и лицата со посебни права и одговорности на банката којашто се решава се должни да ја обезбедат целата потребна помош за остварување на целите на решавањето;
6) физичките и правните лица коишто придонеле за состојбата во банката и за неможноста таа да продолжи да работи, подлежат на кривична одговорност и/или одговорност за штета, согласно со закон;
7) доверителите од ист исплатен ред имаат ист третман, освен ако со овој закон не е поинаку определено;
8) ниту еден доверител нема да има поголеми загуби од оние коишто би ги имал доколку над банката се отвори стечајна постапка, во согласност со заштитните мерки од членовите 60, 61 и 62 на овој закон;
9) при спроведувањето на решавањето се применуваат заштитните мерки од главата VII на овој закон.

(2) Доколку банката е дел од банкарска група, при спроведувањето на решавањето Народната банка настојува да не се предизвика значително негативно влијание врз другите членки на групата и врз стабилноста на финансискиот систем во Република Северна Македонија.

(3) Кога на банката којашто се решава се применуваат инструментите продажба на дејноста, преодна институција или издвојување на дел од активата, не се применуваат одредбите од законот кој ги уредува работните односи во однос на правата на вработените во случај на пренесување на трговско друштво или делови на трговско друштво.

(4) При примената на инструментите и овластувањата за решавање, согласно со овој закон, се обезбедува усогласеност со прописите со кои се уредува користењето државна помош, доколку се тие применливи.

**Услови за започнување постапка за решавање на банката**
Член 19

(1) Народната банка започнува постапка за решавање на банката доколку утврди дека се исполнети следните услови:

1) состојбата во банката е таква што таа не може или е веројатно дека нема да може да продолжи да работи, согласно со ставот (2) на овој член;
2) не е реално да се очекува дека кои било други мерки преземени од банката или друго лице од приватниот сектор, мерки преземени согласно со законот кој го уредува работењето на банките или отпис или претворање на соодветните капитални инструменти и дозволени обврски согласно со овој закон, би можеле во разумен временски период да го спречат престанокот со работа на банката; и
3) решавањето на банката е од јавен интерес, согласно со ставот (4) на овој член.

(2) За потребите на ставот (1) точка 1) на овој член, се смета дека состојбата во банката е таква што таа не може или е веројатно дека нема да може да продолжи да работи доколку е исполнет најмалку еден од следниве услови:

1) постои основа за укинување на дозволата за основање и работење на банката согласно со законот кој го уредува работењето на банките или постојат објективни околности коишто укажуваат дека наскоро ќе настанат основи за укинување на дозволата за основање и работење на банката, вклучувајќи, но не исклучиво и поради тоа што банката остварила или веројатно ќе оствари загуби со кои целосно или во значителен износ ќе се намалат нејзините сопствени средства;
2) средствата на банката се помали од нејзините обврски или постојат објективни околности коишто укажуваат дека наскоро средствата ќе бидат помали од обврските;
3) банката не може или постојат објективни околности коишто укажуваат дека наскоро нема да може да ги плаќа пристигнатите обврски; или
4) потребна е вонредна јавна финансиска помош, освен кога, заради отстранување на сериозни нарушувања во економијата и одржување на финансиската стабилност, вонредната јавна финансиска помош се обезбедува во облик на:
   - државна гаранција на ликвидносната поддршка којашто ја дава Народната банка, согласно со условите што таа ги определила;
   - државна гаранција на ново издадени обврски на банката; или
   - докапитализација или купување капитални инструменти, по цена и под услови што не ѝ даваат предност на банката на пазарот, ако во времето кога се одобрува финансиската помош не се исполнети условите од точките 1), 2) и 3) од овој став, ниту условите од членот 43 став (6) на овој закон. Оваа помош се обезбедува до износот потребен да се надомести недостатокот на сопствени средства утврден со стрес тестови, проценки на квалитетот на активата или слични проценки на нивото на сопствените средства.

(3) Вонредната јавна финансиска помош од ставот (2) точка 4) алинеи 1, 2 и 3 на овој член се обезбедува на солвентна банка во согласност со прописите со кои се уредува користењето државна помош. Помошта е од привремена природа, сразмерна на отстранувањето на последиците од сериозни нарушувања во економијата и не се користи за покривање на загубите коишто банката ги остварила или е веројатно дека наскоро ќе ги оствари.

(4) За потребите на ставот (1) точка 3) на овој член, решавањето на банката е од јавен интерес ако се работи за банка којашто е идентификувана како системски значајна

банка или ако постапката на решавање на банката, согласно со одредбите на овој закон, е потребна за остварување на една или повеќе од целите на решавањето од членот 17 на овој закон коишто не би можеле во иста мера да се остварат преку стечајна постапка или ликвидација на банката.

(5) Народната банка го утврдува постоењето јавен интерес при изработката на планот за решавање и при исполнувањето на условите од ставот (2) на овој член. При исполнувањето на условите од ставот (2) на овој член, Народната банка може да го смени заклучокот во однос на јавниот интерес утврден во планот за решавање и не е должна да го ревидира планот за решавање на банката, односно на банкарската група.

(6) Преземањето мерки за рана интеревенција согласно со законот кој го уредува работењето на банките не е услов за започнување постапка за решавање на банката, согласно со овој закон.

(7) Членовите на управниот одбор на банката се должни веднаш да ја известат Народната банка доколку сметаат дека состојбата во банката е таква што таа не може или е веројатно дека нема да може да продолжи да работи во смисла на ставот (2) на овој член.

(8) За банката за која Народната банка утврдила дека се исполнети условите од ставот (1) точки 1) и 2) на овој член, но дека решавањето не е во јавен интерес согласно со ставот (1) точка 3) на овој член, Народната банка како надлежен орган за супервизија донесува решение за укинување на дозволата за основање и работење на банката и за утврдување на исполнувањето на условите за отворање стечајна постапка, согласно со законот кој го уредува работењето на банките.

(9) За случаите кога е утврдено дека се исполнети условите од ставот (1) точки 1) и 2) на овој член, Народната банка, како надлежен орган за супервизија или како надлежен орган за решавање е должна да ги извести:

- Агенцијата за заштита на депозитите, Министерство за финансии и Комитетот за финансиска стабилност;
- надлежниот орган за супервизија и надлежниот орган за решавање на матичното лице на банката во однос на која е утврдено исполнувањето на условите од ставот (1) точки 1) и 2) на овој член;
- надлежниот орган за супервизија и надлежниот орган за решавање на секоја членка на банкарската група во однос на која е утврдено исполнувањето на условите од ставот (1) точки 1) и 2) на овој член;
- надлежниот орган за супервизија и надлежниот орган за решавање на лице од членот 2 став (1) точки 2) и 3) на овој закон во однос на кое е утврдено исполнувањето на условите од ставот (1) точки 1) и 2) на овој член.

**Услови за решавање на финансиска институција и холдинг друштво**

Член 20

(1) Народната банка може да преземе активности за решавање на финансиската институција од членот 2 став (1) точка 2) на овој закон ако условите од членот 19 став (1) на овој закон се исполнети и во однос на финансиската институција и во однос на матичното лице на финансиската институција над која Народната банка врши супервизија на консолидирана основа.

(2) Народната банка презема активности за решавање на холдинг друштвото од членот 2 став (1) точка 3) на овој закон ако условите од членот 19 став (1) на овој закон се исполнети во однос на холдинг друштвото.

**Процена на вредноста за целите на решавањето**
Член 21

(1) Пред да ја започне постапката на решавање или пред да спроведе отпис или претворање на соодветните капитални инструменти и дозволени обврски, Народната банка обезбедува извршување објективна и реална процена на вредноста на средствата и обврските на банката којашто ја врши друштво за ревизија, овластен ревизор или проценител што ги исполнува условите за независност во однос на банката, во однос на кое било државно тело или орган и во однос на Народната банка (во понатамошниот текст: независен проценител). Процената којашто ги исполнува сите барања на овој член од законот се смета за конечна процена.

(2) Доколку не е можно да се изврши независна процена на вредноста согласно со ставот (1) на овој член, Народната банка може самостојно да изврши привремена процена на вредноста на средствата и обврските на банката согласно со ставот (11) на овој член.

(3) Целта на процената на вредноста е да се процени вредноста на средствата и обврските на банката во однос на која се исполнети условите од членот 19 став (1) на овој закон.

(4) Процената од ставот (1) на овој член се врши заради добивање информации за:

1) да се утврди дали се исполнети условите за решавање или условите за отпис и претворање на соодветните капитални инструменти и дозволени обврски;
2) финансиските ефекти од преземањето различни активности за решавање спрема банката, доколку се исполнети условите за решавање;
3) да се донесе одлука за износот за кој треба да се повлечат или да се намали вредноста на акциите или другите сопственички инструменти и за износот за кој треба да се изврши отпис или претворање на соодветните капитални инструменти и дозволени обврски во инструменти на редовниот основен капитал, доколку се применува овластувањето за отпис или претворање на соодветните капитални инструменти и дозволени обврски;
4) да се донесе одлука за износот за кој треба да се изврши отпис или претворање на обврските за внатрешна распределба на загубите, доколку се применува инструментот внатрешна распределба на загубите;
5) да се донесе одлука за средствата, правата, обврските или акциите или другите сопственички инструменти коишто треба да се пренесат и за износот на надоместокот што треба да ѝ се плати на банката или на акционерите, доколку се применуваат инструментите: преодна институција или издвојување на активата;
6) да се донесе одлука за средствата, правата, обврските или акциите или другите сопственички инструменти коишто треба да се пренесат и добивање информации за пазарните услови, доколку се применува инструментот продажба на дејноста.

(5) Со процената треба да се обезбеди целосно да бидат признати сите загуби на банката во моментот кога се применуваат инструментите за решавање на банката или овластувањето за отпис или претворање на соодветните капитални инструменти и дозволени обврски.

(6) Процената се заснова на конзервативни претпоставки, особено за висината на загубите. Процената не смее да се заснова на претпоставка за добивање вонредна јавна финансиска помош, ликвидносна поддршка во исклучителни околности од Народната банка

или ликвидносна помош од Народната банка со средства за обезбедување, рок на достасување и каматна стапка коишто отстапуваат од вообичаените.

(7) При вршењето на процената се земаат предвид правото на Народната банка и на Фондот за решавање банки за надомест на трошоците за решавање од банката којашто се решава, во согласност со членот 24 став (5) на овој закон, како и правото на пресметка на камати и надоместоци за кредитите или гаранциите дадени на банката којашто се решава од средствата на Фондот за решавање банки, согласно со членот 74 на овој закон.

(8) Извештајот за процената од ставот (1) на овој член содржи податоци од деловната и сметководствена документација на банката, и тоа:

1) ажуриран биланс на состојба и биланс на успех на банката;
2) анализа и процена на сметководствената вредност на активата на банката;
3) попис на билансните и вонбилансните обврски прикажани во сметководствената евиденција на банката, со наведување на исплатниот ред во кој би се распределиле тие обврски согласно со законот кој го уредува работењето на банките;
4) други информации што се значајни за процената.

(9) Заради донесување на одлуката од ставот (4) точки 5) или 6) на овој член, Народната банка може да побара од независниот проценител податокот од ставот (8) точка 2) на овој член да го надополни со анализа и процена на пазарната вредност на средствата и обврските на банката.

(10) Процената опфаќа и рангирање на доверителите во исплатни редови согласно со законот кој го уредува работењето на банките и оцена за тоа колкав износ би можеле да добијат доверителите од секој исплатен ред доколку над банката се отвори стечајна постапка. Оваа оцена не влијае врз примената на начелото според кое ниту еден доверител нема да биде доведен во понеповолна положба од онаа во која би бил доколку се отвори стечајна постапка над банката во согласност со членот 61 на овој закон.

(11) Доколку поради итност не е можно да се изврши процена што ќе ги содржи и податоците од ставовите (8) и (10) на овој член или кога се применува ставот (2) на овој член, се врши привремена процена на вредноста на средствата и обврските на банката. Привремената процена се врши во согласност со ставот (3) на овој член и во онаа мера во која е тоа применливо во согласност со ставовите (1), (8) и (10) на овој член. Со привремената процена се предвидува и износ на дополнителни загуби со соодветно образложение.

(12) Доколку е извршена привремена процена на вредноста на средствата и обврските на банката, таа се користи сѐ додека независниот проценител не изврши дополнителна конечна процена којашто во целост ги исполнува сите барања на овој член. Народната банка обезбедува дополнителната конечна процена да се изврши веднаш штом ќе се создадат услови за тоа и може да биде извршена од истото лице коешто ја врши процената од членот 61 на овој закон и истовремено со таа процена, но двете процени мора да бидат издвоени. По исклучок, во согласност со ставот (14) на овој член, Народната банка не е должна да обезбеди дополнителна конечна процена во случаите кога е применет само инструментот за продажба на дејноста согласно со членот 25 на овој закон.

(13) Целта на дополнителната конечна процена на вредноста е:

1) сите загуби за кои е потребно да се намали активата на банката да бидат целосно признати во сметководствената евиденција на банката; и
2) да се обезбедат податоци за донесување на одлуката за зголемување на вредноста на побарувањата на доверителите или за зголемување на надоместокот согласно со ставот (14) на овој член.

(14) Доколку нето вредноста на активата на банката утврдена со дополнителната конечна процена е поголема од нето вредноста на активата утврдена со привремената процена, Народната банка може да донесе одлука со која:

1) ја зголемува вредноста на побарувањата на доверителите или сопствениците на соодветни капитални инструменти врз кои бил спроведен отпис при примената на инструментот за внатрешна распределба на загубите или
2) ѝ наложува на преодната институција или на друштвото за управување со актива да ѝ исплати дополнителен надоместок на банката којашто се решава за пренесените средства, права и обврски или да им исплати дополнителен надоместок на акционерите за акциите или другите сопственички инструменти, во зависност од случајот.

(15) Народната банка може и врз основа на привремената процена од ставот (11) на овој член да презема активности за решавање на банката или да спроведе отпис или претворање на соодветните капитални инструменти и дозволени обврски, во согласност со членот 43 став (1) на овој закон, вклучително и да преземе контрола над банката којашто се решава, согласно со членот 59 на овој закон.

(16) Процената е составен дел на одлуката за започнување постапка за решавање на банката, за примена на инструментите или овластувањата за решавање или за спроведување отпис или претворање на соодветните капитални инструменти и дозволени обврски.

(17) Процената може да се оспорува само во рамките на тужба поднесена против одлуката од ставот (16) на овој член.

(18) Народната банка со подзаконски акт подетално ја пропишува методологијата за начинот на вршење на процената на вредноста за целите на решавањето на банка и/или отпис или претворање на соодветните капитални инструменти и дозволени обврски и условите за независност на независниот проценител којшто може да ја врши процената.

(19) По исклучок на законот со кој се уредуваат јавните набавки, Народната банка може да склучи договор со независниот проценител и преку непосредна спогодба, без обврска за спроведување постапка на јавна набавка.

## Одлука за започнување постапка за решавање на банката

Член 22

(1) Доколку се исполнети условите од членот 19 став (1) на овој закон, Народната банка донесува одлука за започнување постапка за решавање на банката, којашто ги содржи:

1) причините поради кои постојат услови за решавање на банката, вклучувајќи ги и резултатите од процената на вредноста;
2) активностите за решавање коишто Народната банка има намера да ги преземе, вклучувајќи ги особено инструментите за решавање;
3) денот и точното време на започнување на постапката за решавање банка.

(2) Одлуката за започнување постапка за решавање на банката се доставува до банката, Агенцијата за заштита на депозити, Фондот за решавање банки, Комитетот за финансиска стабилност, надлежниот орган за супервизија и надлежниот орган за решавање од членот 19 став (9) алинеи 2, 3 и 4 на овој закон, операторот на платниот систем или системот за порамнување на хартии од вредност до кои имала пристап банката којшто се решава, доколку е применливо, и до Министерството за финансии, истиот ден кога е донесена. Народната банка без одлагање ја доставува одлуката за започнување на

постапката за решавање на банката за упис до Централниот регистар на Република Северна Македонија, до Централниот депозитар на хартии од вредност и до други надлежни органи во земјата и странство, доколку е применливо, коишто се должни да постапат согласно со одлуката, од моментот на нејзиното доставување.

(3) Одредбите од ставот (2) на овој член се однесуваат и на сите натамошни одлуки на Народната банка со кои се преземаат активности за решавање на банката.

(4) На денот на донесување на одлуката од ставот (1) на овој член, престануваат да важат сите мерки преземени од Народната банка како надлежен орган за супервизија кон банката којашто се решава, согласно со законот кој го уредува работењето на банките, како и сите надлежности на управниот и надзорниот одбор и собранието на банката којашто се решава, освен ако не е поинаку определено согласно со членот 18 став (1) на овој закон.

(5) Надлежностите на собранието на банката и надлежностите на надзорниот одбор, доколку престануваат неговите надлежностите согласно со ставот (4) на овој член, ги извршува Народната банка преку одлуки на Извршниот одбор.

(6) Членовите на управниот одбор на банката којашто се решава немаат право на отпремнина и/или на варијабилен дел од надоместокот, без разлика дали ваквото право било договорено со банката којашто се решава или произлегува од интерен акт на банката којашто се решава, а договорните одредби за ваквото право стануваат ништовни.

(7) Банката којашто се решава е должна да ги извести сите лица на кои се однесува одлуката од ставот (1) на овој член и сите натамошни одлуки со кои се преземаат активности за решавање, за делот од одлуките на Народната банка којшто се однесува на тие лица.

(8) Народната банка на својата интернет страница објавува известување за донесената одлука од ставот (1) на овој член и за сите натамошни одлуки со кои се преземаат активности за решавање, како и за последиците од активностите за решавање на банката, особено во однос на физичките лица коишто се клиенти на банката и доколку е применливо, условите и периодот на одложување или ограничување на договорните права и обврски, согласно со членовите 55, 56 и 57 на овој закон.

(9) Банката е должна на својата интернет страница да објави известување за донесената одлука од ставот (1) на овој член и за сите натамошни одлуки со кои се преземаат активности за решавање.

(10)Доколку банката котира на берзата или е друштво со посебни обврски за известување согласно со закон, известувањето од ставот (8) на овој член се доставува и до Македонската берза за хартии од вредност заради објавување на нејзината интернет страница.

(11) Доколку банката не котира на берза или не е друштво со посебни обврски за известување согласно со закон, се смета дека со објавата согласно со ставот (8) на овој член на акционерите на банката им е доставена одлуката од ставот (1) на овој член и сите натамошни одлуки со кои се преземаат активности за решавање.

(12) Договорите што ги склучила банката до денот на донесувањето на одлуката од ставот (1) на овој член остануваат во сила, а примената на активностите и инструментите за решавање на банката не може да претставува основа за другата договорна страна да раскине или да бара измена на договор, ниту да бара пребивање или реализација на обезбедување дадено по договорот, под услов обврските по тој договор непречено да се исполнуваат од страна на банката којашто се решава.

(13) Централниот регистар ги запишува без одлагање промените коишто настануваат врз основа на одлуките на Народната банка донесени во постапката на решавање на банка согласно со овој закон.

**Посебна управа**

Член 23

(1) Народната банка може да донесе одлука за воведување посебна управа во банката во која е започната постапка на решавање и за именување еден или повеќе членови на посебната управа (во понатамошниот текст: посебни управители), доколку оцени дека промената во управувањето на банката ќе придонесе за остварување на целите на решавањето.

(2) Народната банка може да ја донесе одлуката од ставот (1) на овој член во кој било момент во текот на постапката за решавање на банката.

(3) Лицето именувано за посебен управител согласно со ставот (1) на овој член, мора да ги исполнува условите коишто согласно со законот кој го уредува работењето на банките се однесуваат на член на управен одбор и на независен член на надзорен одбор на банка. На именувањето посебен управител не се применуваат одредбите за давање претходна согласност за член на управен одбор, ниту пак посебните управители мора да бидат вработени со полно работно време во банката којашто се решава.

(4) Со денот на донесувањето на одлуката од ставот (1) на овој член, надлежностите на управниот одбор на банката преминуваат на посебната управа, којашто ги извршува тие надлежности под контрола на Народната банка.

(5) Посебниот управител се именува за период не подолг од една година. По исклучок, овој период може да се продолжи, доколку Народната банка оцени дека сé уште постојат причините поради кои е воведена посебната управа.

(6) Во одлуката од ставот (1) на овој член, Народната банка може да назначи еден или повеќе помошници на посебната управа, коишто не се членови на посебната управа и коишто не се во работен однос во банката којашто се решава, а коишто ќе извршуваат помошни работи, по насоки добиени од посебната управа. Посебните управители можат по потреба да користат услуги од надворешни лица, по претходно одобрение од Народната банка.

(7) Посебната управа е должна да ги преземе сите мерки што се потребни за остварување на целите на решавањето и за спроведување на активностите предвидени во одлуките донесени од Народната банка. Оваа должност има предност во однос на сите други должности на органите на управување коишто произлегуваат од закон или од интерните акти на банката којашто се решава.

(8) Посебната управа е должна без одлагање да ја извести Народната банка за сите случаи коишто можат негативно да влијаат врз остварувањето на целите на решавање од членот 17 на овој закон и врз спроведувањето на активностите за решавање, предвидени во одлуката за започнување на постапката за решавање од членот 22 на овој закон.

(9) Со одлуката на Народната банка од ставот (1) на овој член се определуваат овластувањата и должностите на посебната управа и ограничувањата во однос на нејзините овластувања. Со одлуката може да се предвиди дека за одредени дејствија на посебната управа е потребно претходно одобрение од Народната банка.

(10) Покрај овластувањата, ограничувањата и дејствијата определени согласно со ставот (1) на овој член, Народната банка може да ѝ дава на посебната управа и други писмени налози и насоки, а посебната управа е должна да ги спроведува тие налози и насоки.

(11) Со одлуката на Народната банка од ставот (1) на овој член се определува висината на надоместокот за работењето на посебната управа, вклучувајќи и на

помошниците од ставот (6) на овој член, што го исплатува банката во која е започната постапката на решавање.

(12) Дотогашните членови на управниот одбор и лицата со посебни права и одговорности се должни на посебната управа да ѝ овозможат пристап до целокупната документација на банката и да ѝ ги дадат сите потребни информации, образложенија и извештаи за работењето на банката.

(13) Вработените во банката којашто се решава се должни да соработуваат со посебната управа и со лицата од ставот (6) на овој член. Посебните управители имаат право да го отстранат секое лице коешто ја попречува нивната работа, а кога е тоа потребно можат да побараат помош и од Министерството за внатрешни работи.

(14) Посебната управа доставува до Народната банка извештаи за финансиската состојба на банката и за дејствијата што ги презела при извршувањето на своите надлежности, на квартална основа, а по барање на Народната банка и почесто. Посебната управа доставува до Народната банка и извештај на почетокот и на крајот од периодот за кој е именувана.

(15) Именувањето на посебните управители се објавува на интернет страницата на Народната банка. Одлуките за разрешувањето на членовите на управниот одбор на банката којашто се решава и одлуките за именувањето и разрешувањето на посебните управители, Народната банка ги доставува за упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија, кој е должен без одлагање да го спроведе уписот на промените.

(16) Правата и обврските на посебната управа започнуваат со денот на донесување на одлуката од ставот (1) на овој член, без разлика на денот на упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(17) Народната банка може во секое време да донесе одлука за разрешување на посебниот управител и/или на помошник на посебната управа, особено доколку не ги извршува своите овластувања, согласно со овој член или доколку ги извршува на начин којшто не е соодветен за остварување на задачите на посебната управа, определени со ставовите (7), (8), (9) и (10) на овој член.

(18) Во случаите од ставот (17) од овој член, Народната банка именува нов посебен управител и/или нов помошник на посебната управа чијшто период на именување трае најдоцна до истекот на периодот на именување на посебниот управител, односно на помошникот на посебната управа, на чие место се именува.

(19) Периодот на именување на посебната управа престанува на:

1) денот на донесување на одлуката за завршување на решавањето на банката;
2) истекот на мандатот за кој е воведена, односно се именувани посебните управители;
3) денот на донесување одлука за отворање стечајна постапка на банката.

(20) На денот на престанокот на периодот на именување на посебната управа, престанува и периодот на именување на помошниците на посебната управа.

## Оддел 2
## Инструменти за решавање на банката

### Отсек 1
### Видови и основни начела на инструментите за решавање на банка

Член 24

(1) Инструменти за решавање на банка се:

1) продажба на дејноста;
2) преодна институција;
3) издвојување на активата;
4) внатрешна распределба на загубите.

(2) Народната банка може да примени еден или повеќе инструменти за решавање, при што инструментот издвојување на активата се применува само заедно со некој од другите инструменти за решавање.

(3) Кога ги применува инструментите од ставот (1) точки 1) или 2) на овој член, Народната банка може да изврши и делумен пренос на средствата, правата и обврските, при што во однос на банката којашто се решава и во која останал непренесениот дел од средствата, правата и обврските, Народната банка донесува решение за укинување на дозволата за основање и работење на банката и за утврдување на исполнувањето на условите за отворање стечајна постапка во согласност со законот кој го уредува работењето на банките, најдоцна до завршувањето на постапката за решавање.

(4) Одредбите од законот кој ги уредува стечајните постапки коишто се однесуваат на побивање на правните дејствија преземени пред започнувањето на стечајната постапка, не важат во однос на преносот на средствата, правата и обврските од банката којашто се решава на друго лице, преку примена на инструментите или овластувањата за решавање или преку користење државни инструменти за финансиска стабилизација.

(5) Народната банка, Фондот за решавање банки и Министерството за финансии имаат право на надомест на сите разумни трошоци направени во врска со примената на инструментите или овластувањата за решавање или на државните инструменти за финансиска стабилизација, на еден или повеќе од следниве начини:

1) преку намалување на кој било надоместок кој друштвото примач го платило на банката којашто се решава или на акционерите;
2) од банката којашто се решава, во улога на повластени доверители; или
3) од износот добиен како резултат на престанокот со работа на преодната институција или друштвото за управување со актива, во улога на повластени доверители.

(6) Во вонредни услови на финансиска криза утврдена согласно со законот кој ја уредува финансиската стабилност, Народната банка може да бара користење државни инструменти за финансиска стабилизација во согласност со главата V на овој закон, само доколку:

1) акционерите, имателите на соодветни капитални инструменти и имателите на обврски за внатрешна распределба на загубите придонеле за покривање на загубите и докапитализација на банката преку отпис, претворање или на друг начин, во износ којшто не е понизок од 8% од вкупните обврски на банката, вклучувајќи ги и нејзините сопствени средства пресметани согласно со процената на вредноста од членот 21 на овој закон; и
2) обезбедено е претходно одобрение, согласно со прописите со кои се уредува користењето државна помош.

(7) Доколку повеќе не постојат причините поради кои е започната постапката на решавање на банката или биле преземени сите потребни активности за решавање, Народната банка донесува одлука за завршување на постапката за решавање на банката.

(8) При примената на инструментите за решавање на банка не се применуваат одредбите од законот кој ги уредува трговските друштва, во однос на: обврската за донесување одлука на собрание на акционери за зголемување или намалување на основната главнина, обврската за свикување собрание во случај на загуба, презадолженост

или неспособност за плаќање, заштитата на доверителите при намалување на основната главнина, правото на првенство на постојните акционери на запишување нови акции, постапката на присоединување или спојување на акционерски друштва, прекуграничното спојување, свикувањето собрание на акционери, учеството и начинот на гласање на акционерите на друштво чии акции котираат на берза или е со посебни обврски за известување.

(9) При примената на инструментите за решавање на банка не се применуваат одредбите од Законот за преземање на акционерски друштва за задолжителна понуда за преземање.

**Отсек 2**
**Продажба на дејноста**
Член 25

(1) Народната банка има право да му пренесе на купувач, којшто не е преодна институција:

1) акции или други сопственички инструменти издадени од банката којашто се решава; и/или
2) сите или дел од средствата, правата или обврските на банката којашто се решава.

(2) Преносот од ставот (1) на овој член се врши без да се бара согласност од акционерите и доверителите на банката којашто се решава или од кое било трето лице, освен од купувачот.

(3) Во однос на спроведувањето на продажбата на дејноста се применуваат одредбите од членот 27 на овој закон, а не се применуваат процедуралните барања предвидени со законот кој ги уредува трговските друштва и законот кој ги уредува проспектите и обврските за транспарентност коишто се во спротивност со одредбите за продажба на дејноста на овој закон.

(4) Народната банка донесува одлука за пренос на акциите или другите сопственички инструменти, односно на сите или дел од средствата, правата или обврските на банката на купувачот, при што презема соодветни чекори за спроведување на преносот по пазарни услови, во согласност со процената на вредноста од членот 21 на овој закон и имајќи ги предвид околностите на секој поединечен случај.

(5) Одлуката за пренос на акциите или другите сопственички инструменти, односно на средствата, правата или обврските на банката којашто се решава, купувачот е должен да ја достави до Централниот депозитар за хартии од вредност и до други регистри заради упис, доколку е применливо.

(6) Надоместокот платен од страна на купувачот, намален за износите утврдени согласно со членот 24 став (5) на овој закон, се исплатува на:

1) акционерите, доколку нивните акции или други сопственички инструменти издадени од банката којашто се решава се продадени на купувачот; и/или
2) банката којашто се решава, доколку сите или дел од нејзините средства, права или обврски се продадени на купувачот.

(7) Народната банка може повеќе пати во текот на постапката на решавање на банката да донесе одлука за преносот од ставот (1) на овој член.

(8) По извршениот пренос, Народната банка може да донесе одлука со која акциите или другите сопственички инструменти, односно средствата, правата или обврските, со согласност на купувачот, повторно се пренесуваат на поранешните акционери, односно на

банката којашто се решава, а поранешните акционери, односно банката којашто се решава се должни да ги примат во сопственост пренесените акции или други сопственички инструменти, односно средства, права и обврски.

**Услови за спроведување на продажба на дејноста**
Член 26

(1) Купувачот којшто согласно со членот 25 став (1) точка 2) на овој закон, стекнал средства, права и обврски од банката којашто се решава, во моментот на преносот мора да има согласност од Народната банка како надлежен орган за супервизија за вршење на финансиските активности поврзани со пренесените средства, права или обврски, согласно со одредбите на законот кој го уредува работењето на банките и/или доколку е применливо, согласност од друг надлежен орган.

(2) Доколку купувачот ја нема потребната согласност од ставот (1) на овој член, должен е до Народната банка како надлежен орган за супервизија и/или до друг надлежен орган, доколку е применливо, да поднесе барање за добивање претходна согласност за вршење на соодветната финансиска активност. Одлуката за пренос на средствата, правата или обврските на купувачот од членот 25 став (4) на овој закон, влегува во сила најрано на денот на донесувањето решение на Народната банка како надлежен орган за супервизија за издавање согласност за вршење на соодветната финансиска активност или од другиот надлежен орган, доколку е применливо.

(3) Купувачот којшто согласно со членот 25 став (1) точка 1) на овој закон, стекнал акции коишто претставуваат квалификувано учество во банката којашто се решава, во моментот на преносот мора да има претходна согласност од Народната банка како надлежен орган за супервизија за стекнување квалификувано учество во банката, согласно со одредбите на законот кој го уредува работењето на банките. Народната банка како надлежен орган за супервизија одлучува по поднесеното барање во рок од 15 дена од денот на поднесувањето комплетно барање.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, за да не дојде до одложување на преносот на акциите или другите сопственички инструменти и неможност да се остварат целите на решавањето на банката, Народната банка може да донесе одлука за пренос на акциите или другите сопственички инструменти од членот 25 став (4) на овој закон, а дополнително како надлежен орган за супервизија да одлучи по барањето за издавање претходна согласност за стекнување квалификувано учество во банката, согласно со ставот (3) на овој член. Во овој случај, одлуката за пренос на акциите или другите сопственички инструменти на купувачот веднаш произведува правно дејство, а правото на глас коешто го даваат акциите стекнати од страна на купувачот припаѓа на Народната банка, којашто не е обврзана ова право да го користи и не подлежи на одговорност за користење или воздржување од користење на правото на глас.

(5) Доколку Народната банка како надлежен орган за супервизија издаде претходна согласност за стекнување квалификувано учество во банката согласно со ставот (4) на овој член, од денот на приемот на решението за издавање на согласноста правото на глас од акциите преминува од Народната банка на купувачот.

(6) Доколку Народната банка како надлежен орган за супервизија го одбие барањето за издавање претходна согласност од ставот (4) на овој член:

1) правото на глас од акциите останува во корист на Народната банка;
2) Народната банка како надлежен орган за супервизија со решение му наложува на купувачот да ги отуѓи акциите во определен период;

3) доколку купувачот не ги отуѓи акциите согласно со точката 2) на овој став, се применуваат мерките и прекршочните одредби за стекнување акции без согласност од Народната банка како надлежен орган за супервизија, предвидени во законот кој го уредува работењето на банките.

(7) Преносите извршени преку примена на инструментот продажба на дејноста, подлежат на заштитните мерки од главата VII на овој закон.

(8) Купувачот од ставот (1) на овој член, стапува на местото на банката којашто се решава, во сите договорни односи и постапки поврзани со пренесените средства, права или обврски.

(9) Операторите на платниот систем и системот за порамнување на хартии од вредност, берзата на хартии од вредност и Агенцијата за заштита на депозити до кои имала пристап банката којшто се решава, се должни на купувачот од ставот (1) на овој член да му овозможат да продолжи да го остварува правото на членството и пристап, доколку ги исполнува условите за членство и пристап до тие системи.

(10) По исклучок на ставот (9) на овој член, ако купувачот не ги исполнува условите за пристап и членство до платните системи, системите за порамнување на хартии од вредност, берзата на хартии од вредност или Агенцијата за заштита на депозити, операторот на тие системи, односно лицето коешто управува со берзата или Агенцијата за заштита на депозити се должни, на барање на Народната банка, да му одобрат право на членство и пристап за период којшто ќе го определи Народната банка, а којшто не може да биде подолг од 24 месеци.

(11) Пристапот од ставот (9) на овој член не може да биде забранет доколку купувачот не поседува рејтинг од кредитна рејтинг агенција или доколку рејтингот е понизок од кредитниот рејтинг којшто е потребен за пристап до системите и институциите од ставот (9) на овој член.

(12) Акционерите и доверителите на банката којашто се решава и кои било трети лица чии средства, права или обврски не се пренесени со инструментот продажба на дејноста, немаат никакви права врз продадените средства, права или обврски, освен правото на заштитните мерки од главата VII на овој закон.

## Спроведување на продажбата на дејноста

Член 27

(1) Народната банка ја објавува продажбата на дејноста.

(2) Објавата на продажбата на дејноста се спроведува во согласност со следните начела:

1) транспарентно и реално прикажување на средствата, правата, обврските, акциите или другите сопственички инструменти на банката којашто се решава, водејќи сметка за околностите на случајот и потребата од одржување на финансиската стабилност;
2) обезбедување рамноправна положба на потенцијалните купувачи, без нечие фаворизирирање или дискриминирање;
3) избегнување ситуации на судир на интересите;
4) итност на постапката за решавање на банката; и
5) обезбедување колку што е можно повисока цена на акциите или другите сопственички инструменти, средствата, правата или обврските коишто се продаваат.

(3) Придржувањето до начелото од ставот (2) точка 2) на овој член, не ја исклучува можноста Народната банка да побара доставување понуди од одредени потенцијални купувачи или да ја договори продажбата директно со одреден купувач.

(4) Народната банка ја спроведува продажбата без јавна објава доколку оцени дека таквата објава би го оневозможила остварувањето на некоја од целите на решавањето на банката, а особено ако оцени дека:

1) постои сериозна закана за финансиската стабилност којашто произлегува од можниот престанок со работа на банката; и
2) со јавната објава би се оневозможила ефикасноста на продажбата и остварување на целта на решавањето од членот 17 став (1) точка 2) на овој закон.

(5) Народната банка со подзаконски акт подетално го пропишува постоењето сериозна закана за финансискиот систем за потребите на ставот (4) точка 1) на овој член.

**Отсек 3**
**Преодна институција**
Член 28

(1) Преодна институција е правно лице коешто ги исполнува следниве услови:

1) целосно или делумно е во сопственост на Република Северна Македонија, врз основа на одлука на Владата на Република Северна Македонија и е контролирано од Народната банка во смисла на членот 59 на овој закон;
2) основано е со цел да му бидат пренесени сите или дел од акциите или другите сопственички инструменти или сите или дел од средствата, правата и обврските на банката којашто се решава, заради одржување пристап до нејзините критични функции и подоцнежна продажба на пренесените акции или други сопственички инструменти, средства, права и обврски.

(2) Примената на инструментот за внатрешна распределба на загубите согласно со членот 31 став (1) точка 2) на овој закон, не влијае на овластувањето на Народната банка да остварува контрола врз преодната институција.

(3) Народната банка има право да донесе една или повеќе одлуки со кои на преодната институција ѝ се пренесуваат:

1) акциите или другите сопственички инструменти издадени од една или повеќе банки коишто се решаваат;
2) сите или дел од средствата, правата и обврските на една или повеќе банки коишто се решаваат.

(4) Вкупниот износ на обврските коишто се пренесени на преодната институција не смее да го надмине вкупниот износ на средствата и правата коишто се пренесени од банката којашто се решава или се обезбедени од други извори.

(5) Надоместокот платен од страна на преодната институција, намален за износите утврдени согласно со членот 24 став (5) на овој закон, се исплатува на:

1) акционерите, доколку нивните акции или други сопственички инструменти издадени од банката којашто се решава се пренесени на преодната институција;
2) на банката којашто се решава, доколку сите или дел од нејзините средства, права или обврски се пренесени на преодната институција.

(6) Преносот од ставот (3) на овој член се врши без да се бара согласност од акционерите и доверителите на банката којашто се решава или од кое било трето лице,

освен од преодната институција. На преносот не се применуваат процедуралните барања предвидени со законот кој ги уредува трговските друштва и законот кој ги уредува проспектите и обврските за траспарентност коишто се во спротивност со одредбите за преодна институција на овој закон.

(7) По преносот од ставот (3) на овој член, Народната банка може да донесе одлука со која:

1) средствата, правата и обврските коишто се пренесени на преодната институција можат повторно да се пренесат на банката којашто се решава, односно акциите или другите сопственички инструменти коишто се пренесени на преодната институција можат повторно да се пренесат на акционерите на банката којашто се решава, а банката којашто се решава, односно нејзините акционери се должни да ги примат средствата, правата, обврските, акциите или другите сопственички инструменти, под условите од ставот (8) на овој член;
2) се пренесуваат акции или други сопственички инструменти, односно средства, права или обврски од преодната институција на трето лице.

(8) Одлуката од ставот (7) точка 1) на овој член може да биде донесена доколку е исполнет еден од следниве услови:

1) таквата можност била предвидена во одлуката од ставот (3) на овој член;
2) тие акции или други сопственички инструменти, односно средства, права и обврски по својата суштина не ги исполнуваат условите за пренос, согласно со одлуката од ставот (3) на овој член.

(9) Преносот од ставот (7) на овој член може да се изврши во кое било време во текот на постапката на решавање и мора да биде во согласност со условите определени во одлуката на Народната банка од ставот (3) на овој член.

(10) На преносот помеѓу банката којашто се решава или поранешните акционери и преодната институција, се применуваат заштитните мерки од главата VII на овој закон.

(11) Преодната институција стапува на местото на банката којашто се решава, во сите договорни односи и постапки поврзани со пренесените средства, права или обврски.

(12) Операторите на платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност, берзата на хартии од вредност и Агенцијата за заштита на депозити до кои имала пристап банката којшто се решава, се должни на преодната институција да ѝ овозможат да продолжи да го користи правото на членство и пристап, доколку ги исполнува условите за членство и пристап до тие системи.

(13) По исклучок на ставот (12) на овој член, ако преодната институција не ги исполнува условите за пристап и членство до платните системи, системите за порамнување на хартии од вредност, берзата на хартии од вредност или Агенцијата за заштита на депозити, операторот на тие системи, односно лицето коешто управува со берзата или Агенцијата за заштита на депозити се должни, на барање на Народната банка, да ѝ одобрат право на членство и пристап за период којшто ќе го определи Народната банка, којшто не може да биде подолг од 24 месеци.

(14) Пристапот од ставот (12) на овој член не може да биде забранет доколку преодната институција не поседува рејтинг од кредитна рејтинг агенција или доколку рејтингот е понизок од кредитниот рејтинг којшто е потребен за пристап до системите и институциите од ставот (12) на овој член.

(15) Врз основа на одлуката на Народната банка од ставот (3) на овој член, преодната институција презема активности за:

1) запишување во Централниот депозитар на хартии на вредност на правото на сопственост на преодната институција врз пренесените акции и други сопственички инструменти издадени од банката којашто се решава; и/или
2) запишување во катастарот на недвижности и/или соодветен регистар на правото на преодната институција врз пренесените средства и права од банката којашто се решава, доколку е применливо.

(16) Акционерите и доверителите на банката којашто се решава и кои било трети лица чии средства, права или обврски не се пренесени на преодната институција, немаат никакви права врз средствата, правата или обврските пренесени на преодната институција, освен правото на примена на заштитните мерки од главата VII на овој закон.

(17) Членовите на управниот и надзорниот одбор и лицата со посебни права и одговорности на преодната институција не им одговараат за штета на акционерите и доверителите на банката којашто се решава за дејствијата или пропуштањето на дејствија при извршувањето на нивните должности, освен ако штетата е предизвикана од крајно невнимание или поради сериозна повреда на нивните должности.

**Основање и работење на преодната институција**

Член 29

(1) Преодната институција се основа како:
1) преодно акционерско друштво согласно со законот кој ги уредува трговските друштва, кога на преодната институција се пренесуваат акциите и другите сопственички инструменти на банката којашто се решава; или
2) преодна банка согласно со законот кој го уредува работењето на банките, кога на преодната институција се пренесуваат средствата, правата и обврските на банката којашто се решава.

(2) Основната главнина на преодното акционерско друштво од ставот (1) точка 1) од овој член, односно почетниот капитал на преодната банка од ставот (1) точка 2) на овој член се обезбедува од следните извори:
1) претворање на побарувањата или должничките инструменти во акции на преодната институција преку инструментот за внатрешна распределба на загубите, согласно со членот 35 став (1) точка 2) на овој закон;
2) средства од Фондот за решавање на банки, и/или
3) јавни средства обезбедени во согласност со прописите со кои се уредува користењето државна помош.

(3) Независно од изворот на основната главнина, односно на почетниот капитал и од сопственоста врз акциите на преодната институција, надлежностите на собранието на акционери ги извршува Народната банка.

(4) Народната банка во својство на собрание на акционери на преодната институција донесува одлуки со кои:
1) го одобрува статутот на преодната институција;
2) ги именува или го одобрува именувањето на членовите на надзорниот одбор и членовите на управниот одбор на преодната институција;
3) ги определува надлежностите на членовите на надзорниот и на управниот одбор на преодната институција и ја одобрува висината на нивниот надоместок;
4) ги одобрува стратегискиот и оперативен план на преодната институција.

(5) На преодното акционерско друштво од ставот (1) точка 1) на овој член се применуваат одредбите од законот кој ги уредува трговските друштва, освен доколку со овој закон не е поинаку определено. На преодната банка од ставот (1) точка 2) на овој член се применуваат одредбите од законот кој го уредува работењето на банките, освен доколку со овој закон не е поинаку определено.

(6) Преодната банка од ставот (1) точка 2) на овој член треба да ги исполнува условите за добивање дозвола за основање и работење на банка согласно со законот кој го уредува работењето на банките. По исклучок, одредбите од законот кој го уредува работењето на банките коишто се однесуваат на издавање согласност за стекнување квалификувано учество во банка, не се применуваат на Владата на Република Северна Македонија.

(7) Народната банка како надлежен орган за супервизија донесува решение за издавање дозвола за основање и работење на преодната банка од ставот (1) точка 2) на овој член.

(8) По исклучок на ставот (5) на овој член, Народната банка како надлежен орган за супервизија може да ја издаде дозволата за основање и работење на преодната банка од ставот (1) точка 2) на овој член и доколку не се исполнети сите услови од законот кој го уредува работењето на банките. Во таков случај, во решението за издавање на дозволата ѝ се наложува на преодната банка од ставот (1) точка 2) на овој член да ги исполни условите од законот кој го уредува работењето на банките во рок не подолг од три месеци од денот на издавањето на дозволата.

(9) Народната банка како надлежен орган за супервизија го објавува решението за издавање на дозволата за основање и работење на преодната банка во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на својата интернет страница.

(10) Преодната институција работи во согласност со прописите за контрола на државната помош, а може да се определат соодветни ограничувања во нејзиното работење.

(11) Управниот одбор на преодната институција е должен да управува со неа на начин на кој се обезбедува пристап до критичните функции и продажба на преодната институција, нејзините средства, права и обврски на купувачи од приватниот сектор, кога за тоа ќе се создадат соодветни услови, до истекот на периодот определен во ставот (15) или доколку е применливо, перидот определен во ставот (16) на овој закон.

(12) Владата на Република Северна Македонија врши упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија на основањето на преодната институција, следниот работен ден по добивањето на дозволата од Народната банка како надлежен орган за супервизија за издавање дозвола за основање и работење на преодната банка од ставот (1) точка 2) на овој член, односно следниот работен ден по донесувањето одлука за основање на преодното акционерско друштво од ставот (1) точка 1) на овој член.

(13) Народната банка донесува одлука со која се утврдува дека преодната институција не е веќе преодна институција во смисла на членот 28 став (1) на овој закон, во кој било од следните случаи којшто прв ќе настане:

1) спојување со друга банка или присоединување на преодната институција кон друга банка;
2) преодната институција повеќе не ги исполнува условите од членот 28 став (1) на овој закон;
3) сите или речиси сите средства, права или обврски на преодната институција се продадени на трето лице;
4) истечен е периодот определен согласно со ставот (15) или ставот (16) на овој член;

5) целосно се наплатени средствата на преодната институција, а обврските се целосно измирени.

(14) Народната банка ја спроведува продажбата на преодната институција, односно на нејзините средства, права или обврски по пазарни услови, согласно со околностите на случајот и прописите со кои се уредува користењето државна помош, обезбедувајќи транспарентност и реално прикажување на средствата, правата и обврските и рамноправност на потенцијалните купувачи.

(15) Доколку не настане ниту еден од случаите од ставот (13) точки 1), 2), 3) или 5) на овој закон, Народната банка како надлежен орган за супервизија со решение ја укинува дозволата за работа на преодната институција штом тоа ќе биде можно, а во секој случај по истекот на две години од денот на последниот извршен пренос согласно со членот 28 став (3) на овој закон.

(16) Со одлука на Народната банка, рокот од ставот (15) на овој член може да биде продолжен за еден или повеќе едногодишни периоди, доколку е тоа потребно заради одржување континуитет на клучните банкарски или финансиски активности или за да настанат околностите од ставот (13) точки 1), 2), 3) или 5) на овој закон. Одлуката содржи образложение за пазарните услови и причините за продолжувањето на рокот.

(17) Во случаите од ставот (13) точки 3), 4) и 5) на овој член, Народната банка поднесува до надлежниот суд предлог за отворање стечајна постапка над преодната институција.

(18) Износот кој ќе остане по спроведената стечајна постапка над преодната институција се распределува на нејзините акционери, намален за износите утврдени согласно со членот 24 став (5) на овој закон.

(19) Народната банка со подзаконски акт подетално ги пропишува постапката за издавање дозвола за основање и работење на преодната банка.

## Отсек 4
## Издвојување на активата

Член 30

(1) Народната банка има право да донесе одлука за пренесување на средствата, правата или обврските на банката којашто се решава или на преодната институција, еднаш или повеќе пати на едно или повеќе друштва за управување со актива.

(2) Народната банка ја донесува одлуката од ставот (1) на овој член само ако:

1) состојбата на пазарот е таква што продажбата или впаричувањето на овие средства, права и обврски во стечајна постапка негативно би влијаела на финансискиот пазар;
2) преносот е потребен за да се обезбеди редовно работење на банката којашто се решава или на преодната институција; или
3) преносот е потребен за да се оствари најголем можен приход од продажба или впаричување на имотот.

(3) Преносот од ставот (1) на овој член се врши без да се бара согласност од акционерите на банката којашто се решава или од кое било трето лице, освен од преодната институција. На преносот не се применуваат условите предвидени со законот кој ги уредува трговските друштва коишто се во спротивност со одредбите на овој член од законот.

(4) Друштвото за управување со актива од ставот (1) на овој член е акционерско друштво коешто ги исполнува следниве услови:

1) целосно или делумно е во сопственост на Република Северна Македонија, врз основа на одлука на Владата на Република Северна Македонија и е контролирано од Народната банка согласно со членот 59 на овој закон; и
2) основано е со цел да му бидат пренесени сите или дел од средствата, правата и обврските на една или повеќе банки коишто се решаваат или на преодната институција.

(5) Друштвото за управување со актива не може да врши банкарски активности. Друштвото управува со пренесените средства, права и обврски со внимание на уреден и совесен трговец, со цел зголемување на нивната вредност заради продажба или впаричување. На друштвото за управување со актива соодветно се применуваат одредбите од членот 29 ставови (2), (3) и (4) на овој закон.

(6) Народната банка, врз основа на процената на вредноста од членот 21 на овој закон, а во согласност со прописите со кои се уредува користењето државна помош, го определува износот на надоместокот што го плаќа друштвото за управување со актива за средствата, правата и обврските што му се пренесени. Износот на надоместокот може да биде и со негативна вредност.

(7) Надоместокот платен од друштвото за управување со актива за средствата, правата или обврските што му се пренесени, се исплатува на банката којашто се решава, намален за износите утврдени согласно со членот 24 став (5) на овој закон. Надоместокот може да биде платен и во форма на долг издаден од друштвото за управување со актива.

(8) Ако инструментот за издвојување на активата се користи заедно со инструментот на преодна институција, друштвото за управување со актива може, по примена на инструментот на преодна институција, да стекнува средства, права и обврски од преодната институција. Во овој случај, надоместокот од ставот (6) на овој член се исплаќа на преодната институција.

(9) Со одлука на Народната банка пренесените средства, права и обврски можат повторно да се пренесат на банката којашто се решава, доколку таквата можност била предвидена во одлуката од ставот (1) на овој член и/или доколку тие средства, права и обврски по својата суштина не ги исполнуваат условите за пренос согласно со одлуката од ставот (1) на овој член.

(10) Преносот од ставот (9) на овој член може да се изврши во било кој момент до донесувањето на одлуката за завршување на постапката на решавање.

(11) На преносот помеѓу банката којашто се решава и друштвото за управување со актива се применуваат заштитните мерки од главата VII на овој закон.

(12) Акционерите и доверителите на банката којашто се решава и кои било трети лица чии средства, права или обврски не се пренесени на друштвото за управување со актива, немаат никакви права врз средствата, правата или обврските пренесени на друштвото за управување со актива, освен правото на примена на заштитните мерки од главата VII на овој закон.

(13) Членовите на управниот и надзорниот одбор и лицата со посебни права и одговорности на друштвото за управување со актива не им одговараат за штета на акционерите и доверителите на банката којашто се решава за дејствијата или пропуштањето на дејствија при извршувањето на нивните должности, освен ако штетата е предизвикана од крајно невнимание или поради сериозна повреда на нивните должности.

(14) Друштвото за управување со актива стапува на местото на банката којашто се решава или на преодната институција, во сите договорни односи и постапки поврзани со пренесените средства, права или обврски.

(15) Народната банка со подзаконски акт подетално ги пропишува условите кога се смета дека состојбата на пазарот е таква што продажбата или впаричувањето на овие средства, права и обврски во стечајна постапка негативно би влијаела на финансискиот пазар од ставот (2) точка 1) на овој член.

## Отсек 5
## Внатрешна распределба на загубите

### Инструмент за внатрешна распределба на загубите
Член 31

(1) Инструментот за внатрешната распределба на загубите може да се користи како инструмент за решавање за следниве намени:

1) зголемување на сопствените средства на банката на ниво коешто ќе овозможи непречено работење на банката во согласност со законот кој го уредува работењето на банките и одржување на довербата на пазарот во банката, или
2) претворање во акции или намалување на главницата на побарувањата од банката и должничките инструменти на банката коишто се пренесуваат:
   - на преодна институција заради обезбедување на основната главнина, односно на почетниот капитал на оваа институција, или
   - преку продажба на дејноста или преку издвојување на активата.

(2) Во случај на примена на инструментот за внатрешна распределба на загубите, во одлуката за започнување постапка за решавање на банка од членот 22 на овој закон, се определува износот на дозволените обврски којшто треба да се отпише или претвори во акции, во согласност со членот 35 на овој закон, обврските коишто ќе бидат исклучени од Народната банка согласно со членот 33 на овој закон и целите и елементите коишто треба да ги содржи планот за реоранизација од членот 40 на овој закон.

(3) Инструментот за внатрешната распределба на загубите може да се користи за остварување на намените од ставот (1) точка 1) на овој член, доколку Народната банка оцени дека постои реална можност преку примената на овој инструмент, заедно со примената на други мерки, вклучувајќи ги и мерките предвидени во планот за реорганзација од членот 40 на овој закон, да се обезбеди стабилно и долгорочно непречено работење на банката.

(4) Инструментот за внатрешната распределба на загубите може да се користи за остварување на целите од ставот (1) точка 2) на овој член, доколку Народната банка оцени дека не се исполнети условите од ставот (3) на овој член, при што овој инструмент се користи заедно со било кој од останатите инструменти за решавање банка од членот 24 на овој закон.

### Обврски за внатрешна распределба на загубите
Член 32

(1) Инструментот за внатрешна распределба на загубите може да се примени на сите обврски на банката коишто не се исклучени согласно со ставот (2) на овој член и за кои Народната банка не постапила согласно со членот 33 на овој закон.

(2) Како обврски коишто се исклучени од опфатот на инструментот за внатрешна распределба се сметаат:

1) покриените депозити;

2) обезбедените обврски, вклучувајќи ги и покриените обврзници и обврските врз основа на финансиските инструменти коишто се користат како инструменти за заштита од ризик и коишто, согласно со закон, се обезбедени на сличен начин како покриените обврзници;
3) обврските настанати врз основа на управување со парични средства и други средства на клиенти и давање услуги на чување имот на инвестициски и пензиски фондови, доколку средствата на клиентите, односно имотот на фондот не би биле дел од стечајната маса на банката, согласно со закон;
4) обврските кон други домашни и странски банки и/или инвестициски друштва со договорен рок на достасување до седум дена, со исклучок на обврските кон членките на групата на која и припаѓа банката;
5) обврските со преостанат рок на достасување до седум дена кон системите за порамнување, лицата коишто управуваат со тие системи и учесниците во тие системи, во согласност со закон, настанати врз основа на учеството на банката во соодветниот систем за порамнување;
6) обврските кон:
   - вработените во банката врз основа на плати, пензии и други фиксни надоместоци, со исклучок на варијабилните надоместоци чиишто услови за исплата и за определување на нивната висина не се определени со колективниот договор или друг сличен договор;
   - доверители врз основа на договори за продажба на стоки или давање услуги на банката коишто се значајни за нејзиното секојдневно работење, вклучувајќи ги услугите од областа на информативната технологија, комуналните услуги, услуги на закуп на деловен простор, одржување на деловниот простор;
   - државата врз основа на даноци и задолжително социјално осигурување;
   - Агенцијата за заштита на депозити и/или шеми за осигурување на депозитите во други земји, врз основа на премиите за осигурување на депозитите.
7) обврските кон други лица коишто се дел од иста група за решавање во Република Северна Македонија и коишто не се носители на решавањето, без разлика на нивната рочност, со исклучок на обврските коишто имаат понизок приоиритет на исплата од останатите необезбедени обврски, согласно со закон.

(3) Исклучувањето од опфатот на инструментот за внатрешна распределба на обврските од ставот (2) точка 6) алинеја 1 на овој член не се однесува на обврските врз основа на варијабилните надоместоци коишто се определени во колективниот договор или во друг сличен договор, но кои треба да се исплатат на вработени коишто имаат значителна улога во преземањето ризици во банката.

(4) Во исклучувањето од опфатот на инструментот за внатрешна распределба на обврските од ставот (2) точки 1) и 2) на овој член не се вклучува делот од обезбедените обврски или од обврските за кои е заложено одредено обезбедување којшто го надминува лимитот на обесштетување, односно износот на обезбедувањето.

**Исклучување на обврските од инструментот за внатрешна распределба на загубите од страна на Народната банка**

Член 33

(1) Народната банка може да одлучи целосно или делумно да исклучи одредена обврска за потребите на инструментот за внатрешна распределба на загубите, доколку:

1) обврската не може да се отпише или претвори во акции во разумен рок и покрај активностите коишто ги презела Народната банка заради навремена и ефикасна примена на овој инструмент;
2) исклучувањето е потребно заради продолжување на вршењето критични функции и главни деловни линии;
3) исклучувањето е потребно заради спречување на негативното влијание врз финансискиот систем, особено во поглед на прифатливите депозити доколку нивниот отпис или претворање во акции може да предизвика загрозување на финансиската стабилност на начин кој би предизвикал и сериозно нарушување на домашната економија, или
4) примената на инструментот за внатрешна распределба на тие обврски би довела до поголеми загуби за останатите доверители.

(2) Износот на обврските за внатрешна распределба може да се зголеми за износот на обврските коишто се исклучени согласно со ставот (1) на овој член, доколку таквото зголемување е во согласност со начелото од членот 18 став (1) точка 8) на овој закон.

(3) При одлучувањето од ставот (1) на овој член, Народната банка се раководи од:

1) правилото според кое акционерите на банката први ги покриваат загубите, а потоа другите нејзини доверители, по обратен редослед од редоследот на намирување на побарувањата определен со законот кој го уредува работењето на банките;
2) капацитетот којшто би го имала банката за покривање на загубите, по исклучувањето на обврските, согласно со ставот (1) на овој член, и
3) потребата за обезбедување доволно средства за финансирање на решавањето на банката.

(4) Народната банка со подзаконски акт подетално ги пропишува случаите кога е потребно исклучувањето на одредена обврска за потребите на инструментот за внатрешна распределба на загубите, согласно со ставот (1) на овој член.

**Користење на средствата на Фондот за решавање во случај на делумно или целосно исклучување на дозволените обврски**

Член 34

(1) Во случаите кога заради исклучување на дозволените обврски согласно со членот 33 на овој закон не можат да се покријат во целост загубите на банката од обврските за внатрешна распределба, можат да се користат средствата на Фондот за решавање заради:

1) покривање на сите загуби со што би се овозможило нето-вредноста на активата на банката да биде еднаква на нула, согласно со членот 35 став (1) точка 1) на овој закон;
2) стекнување акции или други капитални инструменти заради зголемување на сопствените средства на банката, согласно со членот 35 став (1) точка 2) на овој закон.

(2) Средствата на Фондот за решавање можат да се користат за потребите на ставот (1) на овој член, доколку:

1) преку отписот или претворањето во акции на обврските за внатрешна распределба, или на друг начин е овозможено покривање на загубите и

докапитализација во износ од најмалку 8% од состојбата на вкупните обврски на банката, вклучувајќи ги и сопствените средства на банката, на датумот на донесувањето на одлуката за преземање активности за решавање на банката, во согласност со проценката на вредноста од членот 21 на овој закон, и

2) искористените средства на Фондот за решавање не надминуваат 5% од состојбата на вкупните обврски на банката, вклучувајќи ги и сопствените средства на банката, на датумот на донесувањето на одлуката за преземање активности за решавање на банката, во согласност со проценката на вредноста од членот 21 на овој закон.

(3) Средствата на Фондот за решавање коишто се користат за потребите на ставот (1) на овој член произлегуваат од:

1) годишните придонеси, во согласност со членот 76 од овој закон;
2) дополнителните придонеси коишто се уплатени во Фондот за решавање согласно со членот 77 на овој закон, во период од три години; и
3) средствата коишто се стекнати преку договори за заем и други облици на финансирање, согласно со членот 78 на овој закон, доколку не се доволни средствата стекнати преку точките 1 и 2 од овој став.

(4) Во исклучителни случаи, Народната банка може да користи дополнителни дополнителни извори на финансирање согласно со членот 78 на овој закон за потребите на ставот (1) на овој член доколку е достигнат лимитот од ставот (2) точка 2) на овој член и се отпишани или претворени во акции сите неозбезбедени обврски, освен прифатливите депозити, коишто согласно со законот со кој се уредува работењето на банка немаат предност за наплата во случај на стечај на банката.

(5) Доколку се исполнети условите од ставот (4) на овој член, може да се користат и средства од Фондот за решавање обезбедени преку годишните придонеси согласно со членот 76 на овој закон, доколку тие средства сé уште не се искористени.

(6) По исклучок на ставот (2) точка 1) на овој член, средствата од Фондот за решавање може да се користат за потребите на ставот (1) на овој член, доколку:

1) покривањето на загубите со акциите и обврските од ставот (2) точка 1) на овој член е еднакво најмалку на 20% од активата пондерирана според ризиците;
2) Фондот за решавање располага со средства во износ којшто е поголем од 3% од вкупниот износ на покриените депозити на сите банки во Република Северна Македонија, и
3) согласно со процената на вредноста од членот 21 на овој закон, активата на банката на консолидирана основа е помала од 10 милијарди денари.

**Утврдување на износот за внатрешна распределба на загубите**

Член 35

(1) Врз основа на процената на вредноста од членот 21 на овој закон, Народната банка го утврдува износот на обврските за внатрешна распределба на загубите којшто треба да биде опфатен со инструментот за внатрешна распределба на загубите, како збир на:

1) износот којшто треба да се отпише со цел да се овозможи нето-вредноста на активата на банката којашто се решава да биде еднаква на нула, доколку е применливо;

2) износот којшто треба да се претвори во акции или други капитални инструменти со цел да се достигне потребната стапка на редовниот основен капитал на банката којашто се решава или на преодната институција, доколку е применливо.

(2) При утврдувањето на износот од ставот (1) на овој член, Народната банка ги има предвид средствата на Фондот за решавање коишто можат да се користат за намената од членот 74 став (2) точка 4) на овој закон, износот на капиталот потребен за исполнување на условите пропишани со законот кој го уредува работењето на банките, во период од најмалку една година по примената на инструментот за решавање на банката, како и износот на капиталот потребен за одржување соодветно ниво на пазарна доверба во банката којашто се решава или во преодната институција.

(3) Во случаите кога е планирано користење на инструментот на издвојување на активата од членот 30 на овој закон, Народната банка го има предвид износот на капиталот потребен за работење на друштвото за управување со активата.

(4) Во случаите кога е направен отпис согласно со членовите 43 и 44 на овој закон и е применет инструментот за внатрешна распределба на загубите согласно со членот 31 став (1) на овој закон, а е утврдено дека спроведениот отпис врз основа на привремената процена од членот 21 став (11) на овој закон го надминува потребниот износ утврден со дополнителната конечна процена од членот 21 став (12) на овој закон, се применуваат одредбите од членот 21 став (14) на овој закон.

**Третман на акционерите при спроведување на инструментот за внатрешна распределба на загубите или отпис или претворање на соодветните капитални инструменти**

Член 36

(1) При спроведувањето на инструментот за внатрешна распределба на загубите од членот 31 став (1) на овој закон или на отписот или претворањето на соодветните капитални инструменти од членот 43 на овој закон, Народната банка може да ги преземе една или двете од следниве активности кон акционерите на банката којашто се решава:

1) Да спроведе поедноставено намалување на почетниот капитал или да ги повлече акциите или другите сопственички инструменти или да ги пренесе на доверителите чиишто побарувања биле вклучени во инструментот за внатрешна распределба;
2) Доколку нето-вредноста на банката којашто се решава е позитивна, согласно со процената од членот 21 на овој закон, да го намали учеството на постојните акционери, како резултат на претворањето во акции или други сопственички инструменти на:
    - соодветните капитални инструменти издадени од банката во согласност со овластувањето од членот 43 став (1) на овој закон, или
    - обврските за внатрешна распределба издадени од банката којашто се решава врз основа на овластувањето од членот 48 став (2) точка 8) на овој закон.

(2) При активноста од ставот (1) точка 2) на овој член, Народната банка применува стапка на претворање којашто ќе овозможи значајно намалување на учеството на постојните акционери.

(3) Активностите од ставот (1) на овој член можат да се применат и во однос на акциите и другите сопственички инструменти издадени или настанати врз основа на:

- претворање на должнички инструменти во акции или други сопственички инструменти на банката, во согласност со договорот со кој е издаден или стекнат должничкиот инструмент, а врз основа на настан којшто му претходел или се случил во исто време со оценката на Народната банка за исполнување на условите за решавање на банката;
- претворање на соодветните капитални инструменти во инструменти од редовниот основен капитал, согласно со членот 44 на овој закон.

(4) При изборот на активноста од ставот (1) на овој член, Народната банка ги има предвид:

1) проценката од членот 21 на овој закон;
2) износот за кој треба да се намали вредноста на инструментите од редовниот основен капитал или за кој треба да бидат отпишани или претворени соодветните капитални инструменти, согласно со членот 44 став (1) на овој закон;
3) износот на обврските за внатрешна распределба определен согласно со членот 35 на овој закон.

(5) Доколку со примената на инструментот за внатрешна распределба на загубите или претворањето на соодветните капитални инструменти ќе се предизвика стекнување или зголемување на квалификуваното учество во банката, Народната банка како надлежен орган за супервизија, навремено, по службена должност, ќе ја спроведе постапката на издавање согласност за стекнување квалификувано учество согласно со законот кој го уредува работењето на банките, со цел да не се предизвика одложување на примената на инструментот за внатрешна распределба на загубите или на претворањето на соодветните капитални инструменти или да не се спречи остварувањето на целите на решавањето.

(6) Доколку Народната банка како надлежен орган за супервизија, не ја доврши постапката за издавање на согласноста од ставот (5) на овој член до датумот на примена на инструментот за внатрешна распределба на загубите или претворање на соодветните капитални инструменти, на секое стекнување или зголемување на квалификуваното учество во банката настанато како резултат на примената на инструментот за внатрешна распределба на загубите или претворање на капиталните инструменти, се применуваат одредбите од членот 26 ставови (4), (5), (6) и (7) на овој закон.

(7) Народната банка со подзаконски акт ќе го пропише третманот на акционерите при спроведувањето на инструментот за внатрешна распределба на загубите или отпис или претворање на соодветните капитални инструменти согласно со ставот (1) на овој член, имајќи ги предвид одредбите од ставот (4) на овој член.

**Редослед за извршувањето на отписот или претворањето**

Член 37

(1) При примената на инструментот за внатрешна распределба на загубите, Народната банка врши отпис или претворање на обврските за внатрешна распределба коишто не се исклучени од опфатот на овој инструмент согласно со членот 32 став (2) и членот 33 на овој закон, со примена на следниов редослед на извршување на отписот или претворањето:

1) Вредноста на инструментите од редовниот основен капитал се намалува согласно со членот 44 став (1) точка 1) на овој закон;

2) Доколку извршеното намалување од точката 1) од овој став е помало од збирот на износите од членот 36 став (4) точки 2) и 3) на овој закон, се намалува вредноста на инструментите од додатниот основен капитал;
3) Доколку извршеното намалување од точките 1) и 2) од овој став е помало од збирот на износите од членот 36 став (4) точки 2) и 3) на овој закон, се намалува вредноста на инструментите од дополнителниот капитал;
4) Доколку извршеното намалување од точките 1), 2) и 3) од овој став е помало од збирот на износите од членот 36 став (4) точки 2) и 3) на овој закон, се намалува вредноста на субординираните инструменти коишто не се вклучени во сопствените средства на банката којашто се решава, според обратниот редослед од редоследот на намирување на побарувањата во стечајна постапка на банка, согласно со законот кој го уредува работењето на банките;
5) Доколку извршеното намалување од точките 1), 2), 3) и 4) од овој став е помало од збирот на износите од членот 36 став (4) точки 2) и 3) на овој закон, се намалува вредноста на останатите обврски за внатрешна распределба, според обратниот редослед од редоследот на намирување на побарувањата во стечајна постапка на банка, согласно со законот кој го уредува работењето на банките.

(2) Народната банка ќе го распореди покривањето на износот од членот 36 став (4) точки 2) и 3) на овој закон подеднакво помеѓу акциите и другите сопственички инструменти и обврските за внатрешна распределба на загубите со ист исплатен ред преку намалување на нивната номинална вредност или на неисплатениот износ, освен доколку не е дозволена различна распределба на покривањето на загубите помеѓу обрски со ист исплатен ред, согласно со условите од членот 33 став (1) на овој закон или доколку обврските се исклучени од опфатот на инструментот за внатрешна распределба согласно со членот 32 став (2) и членот 33 на овој закон.

(3) Пред спроведувањето на отписот или претворањето од ставот (1) точка 5) на овој член, Народната банка ќе изврши претворање или намалување на вредноста на инструментите од ставот (1) точки 2), 3) и 4) на овој член коишто не се претходно претворени и коишто содржат одредби коишто овозможуваат:

1) Намалување на вредноста на инструментот по настанување на одреден настан поврзан со финансиската состојба, солвентноста или нивото на сопствени средства на банката;
2) Претворање на инструментот во акции или други сопственички инструменти по настанување на одреден настан поврзан со финансиската состојба, солвентноста или нивото на сопствени средства на банката.

(4) Во случаите кога вредноста на инструментите од ставот (3) точка 1 на овој член не е целосно намалена пред примената на инструментот за внатрешна распределба на загубите, Народната банка ќе го отпише или претвори остатокот од вредноста на тие инструменти, согласно со ставот (1) на овој член.

(5) При носењето на одлуката за намалување на вредноста на обврската, односно за нејзино претворање во инструменти на редовниот основен капитал, Народната банка не може да изврши претворање на главницата на една категорија обврски, доколку обврските коишто се подредени на таа категорија не се претворени во инструменти на редовниот основен капитал или доколку не е намалена нивната вредност, освен доколку тоа не е дозволено согласно со членовите 32 и 33 на овој закон.

**Финансиски деривативи**
Член 38

(1) По донесувањето на одлуката за решавање на банка, Народната банка има право предвреме да го затвори секој договор за финансиски деривативи и да ја отпише или претвори во соодветни капитални инструменти обврската којашто произлегува од финансискиот дериватив, којашто не е исклучена од опфатот на инструментот внатрешна распределба на загубите од членот 33 на овој закон. Отписот или претворањето на обврските од договорите за финансиски деривативи се врши по нивното нетирање.

(2) Доколку финансискиот дериватив е предмет на нетинг-аранжман, во рамките на проценката од членот 21 на овој закон, Народната банка или друштвото за ревизија ќе ја утврди нето-вредноста на обврската, имајќи ги предвид одредбите и условите предвидени во нетинг аранжманот.

**Стапка на претворање**
Член 39

(1) При примената на овластувањето за отпис или претворање на соодветните капитални инструменти и дозволени обрски согласно со членот 43 став (1) и овластувањето од членот 48 став (2) точка 8) на овој закон, Народната банка може да примени различни стапки на претворање за различни категории на капитални инструменти и обврски, во согласност со едно или двете начела од ставовите (2) и (3) на овој член.

(2) Стапката на претворање мора да претставува соодветен надоместок за засегнатиот доверител за загубите коишто ги имал како резултат на отписот или претворањето.

(3) Доколку се применуваат различни стапки на претворање во согласност со ставот (1) на овој член, стапката на претворање којашто се применува на обврските коишто се од повисок исплатен ред согласно со законот кој го уредува работењето на банките, е повисока од стапката на претворање којашто се применува на обврските од пониските исплатни редови.

(4) Народната банка со подзаконски акт подетално ги определува условите за определување на стапките на претворање.

**План за реорганизација**
Член 40

(1) Најдоцна во период од еден месец по примената на инструментот за внатрешна распределба на загубите согласно со членот 31 став (1) точка 1) на овој закон, управниот одбор на банката што се решава или лицата задолжени од Народната банка да го извршуваат овластувањето од членот 59 став (1) на овој закон, се должни да изработат план за реорганизација на банката што се решава, согласно со критериумите од ставовите (4) и (5) на овој член и да го достават до Народната банка.

(2) Доколку инструментот за внатрешна распределба на загубите се применува на две или повеќе членки на иста група за решавање во Република Северна Македонија, планот за реорганизација го изработува матичното лице и се однесува на сите членки во групата, а го доставува до надлежниот орган за решавање на групата во рокот од ставот (1) на овој член. Надлежниот орган за решавање на групата го доставува планот за реорганизација од овој став до надлежните органи за решавање на сите членки на групата.

(3) По исклучок на ставот (1) на овој член, Народната банка може да дозволи дополнителен период од два месеца за изработка на планот за реорганизација од ставовите (1) и (2) на овој член, доколку е тоа потребно заради остварување на целите на решавањето.

(4) Планот за реорганизација содржи мерки коишто треба да се преземат заради обновување на нормалното работење на банката што се решава или на дел од нејзините активности, на долг рок. Мерките треба да се засноваат на реални претпоставки за економската состојба и состојбата на финансискиот пазар во кои ќе работи банката што се решава, што подразбира да се земат предвид најдобрите и најлошите претпоставки за тековната состојба и идните движења на финансискиот пазар, вклучително и идентификување на најзначајните недостатоци и потенцијални проблеми на банката што се решава.

(5) Планот за реорганизација ги вклучува најмалку следниве елементи:

1) детална оцена на факторите, проблемите и условите коишто предизвикале банката што се решава да ги исполни условите од членот 19 став (1) точка 1) на овој закон;
2) опис на мерките коишто треба да се преземат заради обновување на нормалното работење на банката на долг рок;
3) динамика/временска рамка за спроведување на тие мерки.

(6) Мерките од ставот (5) точка 2 на овој член можат да вклучат:

- реорганизација на начинот на работење на банката којашто се решава;
- промени во организациската структура и оперативните системи на банката којашто се решава;
- престанување со вршење на активностите коишто ѝ носат загуби на банката којашто се решава;
- реструктурирање на активностите што ги врши банката/производите и услугите што ги нуди банката заради зголемување на нивната конкурентност;
- продажба на активата или на деловните линии на банката којашто се решава;
- други активности заради обновување на нормалното работење на банката на долг рок.

(7) Најдоцна во период од еден месец по добивањето на планот за реорганизација, Народната банка го одобрува поднесениот план за реорганизација доколку оцени дека неговото спроведување ќе овозможи обновување на нормалното работење на банката на долг рок.

(8) Доколку Народната банка оцени дека спроведувањето на планот за реорганизација нема да ги оствари целите од ставот (7) на овој член, ќе достави известување до управниот одбор на банката или до лицата задолжени за извршување на овластувањата од членот 59 став (1) на овој закон, со кое ќе побара соодветно ревидирање на планот за реорганизација.

(9) Во рок од две недели по добиеното известување од ставот (8) на овој член, управниот одбор на банката или лицата задолжени за извршување на овластувањата од членот 59 став (1) на овој закон се должни да доставаат ревидиран план за реорганизација до Народната банка. Во рок од една недела по добивањето на ревидираниот план за реорганизација, Народната банка ќе ги извести управниот одбор на банката или лицата задолжени за извршување на овластувањата од членот 59 став (1) на овој закон дали го одобрува планот или е потребно негово дополнително ревидирање.

(10) Управниот одбор на банката или лицата задолжени за извршување на овластувањата од членот 59 став (1) на овој закон се должни да го спроведуваат

одобрениот план за реорганизација, вклучувајќи го и ревидираниот план за реорганизација од ставот (12) на овој член и да доставуваат извештаи до Народната банка за неговото спроведување, најмалку на полугодишна основа.

(11) Управниот одбор на банката или лицата задолжени за извршување на овластувањата од членот 59 став (1) на овој закон се должни да го ревидираат одобрениот план за реорганизација, доколку во текот на неговото спроведување добијат известување од Народната банка дека е тоа потребно заради остварување на целите од ставот (4) на овој член.

(12) Ревидираниот план за реорганизација од ставот (11) на овој член се разгледува и одобрува од Народната банка, во роковите предвидени во ставот (9) на овој член.

(13) Доколку во постапката на решавање на банката се предвидува примена на прописите со кои се уредува користењето државна помош и изработка на план за реструктуирање за таа цел, планот за реорганизација на банката од овој член треба да биде усогласен со планот којшто се поднесува во постапката за оцена на државната помош.

(14) Народната банка со подзаконски акт ја пропишува содржината и начинот на оцена на планот за реорганизација, односно:

- елементите што треба да ги содржи планот, согласно со ставот (5) на овој член;
- содржината на извештаите од ставот (10) на овој член;
- критериумите коишто треба да ги исполни планот за реорганизација.

(15) По исклучок на членот 23 став (19) точка 1) на овој закон, доколку Народната банка оцени дека е потребно, периодот на именување на посебната управа продолжува заради нејзина вклученост во изработката на планот за реорганизација и спроведување на мерките содржани во планот.

**Ефекти на внатрешната распределба на загубите**

Член 41

(1) Намалувањето на главницата или на неисплатениот износ и претворањето на соодветните капитални инструменти и дозволените обврски или повлекувањето на соодветните инструменти, извршени согласно со членот 43 став (1) и членот 48 став (2) точки 7) до 11) на овој закон, се задолжителни за банката којашто се решава и доверителите или акционерите чиишто побарувања, односно инструменти се отпишани, претворени или повлечени.

(2) Народната банка има овластување да ги спроведе или да бара спроведување на сите административни активности и процедури заради остварување на активностите од членот 43 став (1) и членот 48 став (2) точки 7) до 11) на овој закон, вклучувајќи:

- промени во соодветните регистри;
- симнување на сопственичките и должничките инструменти од котациите на официјалниот пазар или од редовниот пазар;
- внесување на новите сопственички и должнички инструменти на котациите на официјалниот пазар, односно прием на редовниот пазар;
- повторно внесување на должничките инструменти коишто биле симнати од котациите на официјалниот пазар, односно нивен повторен прием на редовниот пазар, без обврска за повторно издавање проспект согласно со законот кој го уредува работењето со хартиите од вредност.

(3) Сите институции и лица до кои Народната банка доставила барање за спроведување на активностите од ставот (2) на овој член се должни без одлагање да постапат по доставеното барање.

(4) Доколку Народната банка изврши целосно намалување на главницата или на неисплатениот износ на обврската согласно со членот 48 став (2) точка 7) на овој закон, таа обврска, заедно со секоја друга обрска или побарување поврзани со неа коишто не се достасани на денот кога Народната банка го извршила намалувањето, се смета дека се наплатени и не можат да се докажуваат во било која последователна постапка во однос на банката којашто се решава или кој било нејзин правен наследник.

(5) Доколку Народната банка изврши делумно намалување на главницата или на неисплатениот износ на обврската согласно со членот 48 став (2) точка 7) на овој закон, обврската се смета дека е наплатена во висина на износот којшто е намален, додека преостанатиот износ на обврската продолжува да се извршува согласно со договорот, имајќи ги предвид направените промени во однос на висината на каматата заради извршеното намалување на главницата, како и било кои други промени коишто може да ги направи Народната банка, согласно со членот 48 став (2) точка 12) на овој закон.

**Договорно признавање на внатрешната распределба на загубите**

Член 42

(1) Банката е должна во договорот за издавање, односно за преземање на обврската, да вклучи соодветни одредби врз основа на кои доверителот или другата договорна страна ќе знае дека обврската може да биде предмет на отпис или претворање и коишто потврдуваат дека доверителот или другата договорна страна се согласува со кое било намалување на главницата или на неисплатениот износ на обврската, со претворањето или со повлекувањето на обврската којашто е предмет на договорот, а коишто може да ги изврши Народната банка, при што обврската ги исполнува следниве услови:

1) Не е исклучена согласно со членот 32 став (2) на овој закон;
2) Не е заштитен депозит којшто го надминува износот на обесштетувањето;
3) На неа се применуваат законските одредби од друга земја, и
4) Издадена е или е преземена по датумот на стапување во сила на овој закон.

(2) Народната банка може да одлучи одредбите од ставот (1) на овој член да не се применуваат на банка за која минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски од членот 10 на овој закон се утврдува единствено врз основа на износот за покривање на загубите, согласно со членот 12 став (3) на овој закон, но само доколку обврските од ставот (1) на овој член не се земаат предвид при утврдувањето на исполнувањето на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски.

(3) Одредбите од ставот (1) на овој член не се применуваат на обврски коишто можат да бидат отпишани врз основа на закон од друга земја или врз основа на договор склучен со другата земја.

(4) Банката е должна да ја извести Народната банка доколку утврдила дека поради правна или друга пречка не може да вклучи соодветни одредби согласно со ставот (1) на овој член, со наведување на видот на обрската на која тоа се однесува.

(5) Заедно со известувањето од ставот (4) на овој член, банката доставува до Народната банка детално образложение за утврдената пречка за примена на одредбите од ставот (1) на овој член и на барање на Народната банка, доставува дополнителни

информации и/или документација врз основа на која Народната банка ќе може да го утврди ефектот од ваквото известување врз можноста за решавање на банката.

(6) Од датумот на кој Народната банка го примила известувањето од ставот (4) на овој член, во однос на обврските на кои се однесува известувањето престанува да важи обврската за вклучување на соодветните одредби во согласност ставот (1) на овој член.

(7) Доколку Народната банка, врз основа на информациите и документацијата доставена согласно со ставот (5) на овој член, утврди дека не постои правна или друга пречка за примена на одредбите од ставот (1) на овој член, ќе побара од банката во соодветен временски рок да ги примени одредбите од ставот (1) на овој член на обврските од ставот (4) на овој член, како и да направи соодветни промени во практиките на банката за примена на исклучоците од договорното признавање на внатрешна распределба на загубите.

(8) Доколку Народната банка утврди дека во рамките на одредена класа обврски, износот на обврските од ставот (1) на овој член, заедно со износот на обврските од таа класа коишто се исклучени од обврските за внатрешна распределба на загубите согласно со членот 32 став (2) или коишто можат да бидат исклучени од Народната банка согласно со членот 33 на овој закон, надминува 10% од вкупниот износ на таа класа, го оценува ефектот што може да го има вака исклучениот износ врз можноста за решавање на банката, вклучувајќи го и влијанието што може да го има ризикот од непочитување на заштитните мерки од членот 61 на овој закон, при примена на отписот или претворањето на дозволените обврски.

(9) Доколку Народната банка утврди дека случаите на овој член претставуваат значајни пречки во можноста за решавањето на банката, презема соодветни мерки согласно со членот 9 на овој закон.

(10) Обврските коишто не ги исполнуваат или на кои, согласно со овој член, не се однесуваат барањата од ставот (1) на овој член, не можат да се вклучат во исполнувањето на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски од членот 10 на овој закон.

(11) Народната банка може да побара од банката правно мислење во однос на правната основа за спроведување на одредбите од ставот (1) на овој член.

(12) Народната банка може да спроведе отпис или претворање на обврската од ставот (1) на овој член, дури и во случаите кога банката не ги вклучила соодветните договорни одредби согласно со ставот (1) на овој член.

## ГЛАВА IV
## ОТПИС И ПРЕТВОРАЊЕ НА СООДВЕТНИТЕ КАПИТАЛНИ ИНСТРУМЕНТИ И ДОЗВОЛЕНИ ОБВРСКИ

### Услови за отпис или претворање на соодветните капитални инструменти и дозволени обврски

Член 43

(1) Народната банка може да донесе одлука за отпис или претворање на соодветните капитални инструменти или на дозволените обврски од ставот (3) на овој член, издадени од банката, во акции или други сопственички инструменти на банката или друго правно лице од членот 2 став (1) на овој закон:

1) независно од активностите за решавање или

2) заедно со преземањето активности за решавање кога се исполнети условите за решавање од членовите 19 или 20 на овој закон.

(2) По примената на овластувањето за отпис и претворање на соодветните капитални инструменти или на дозволени обврски од ставот (3) на овој член, согласно со ставот (1) точка 1) на овој член, се врши проценката од членот 61 на овој закон и се применува членот 62 на овој закон.

(3) Народната банка со подзаконски акт подетално ги определува условите коишто треба да ги исполнат дозволените обврски во однос на кои може да се спроведе отписот или претворањето на дозволените обврски од ставот (1) на овој член, при што се има предвид начелото од членот 18 став (1) точка 8) на овој закон. Со подзаконскиот акт се пропишува и начинот на вршење отпис и претворање на соодветните капитални инструменти и дозволени обврски.

(4) При примената на отписот или претворањето на соодветните капитални инструменти или на дозволени обврски од ставот (3) на овој член, соодветно се применуваат одредбите од членот 36 на овој закон.

(5) Кога се преземаат активности за решавање спрема носител на решавањето, износот којшто се намалува, отпишува или претвора согласно со членот 44 став (1) на овој закон, се зема предвид при утврдување на праговите од членот 24 став (6) точка 1) и членот 34 став (2) точка 1) или членот 34 став (6) точка 1) на овој закон, коишто се применливи на носителот на решавањето.

(6) Народната банка го спроведува отписот или претворањето на соодветните капитални инструменти или дозволените обврски од ставот (3) на овој член, издадени од банката или друго правно лице од членот 2 став (1) на овој закон, согласно со членот 44 на овој закон и без одлагање, ако оцени дека е исполнет најмалку еден од следните услови:

1) исполнети се условите за решавање од членот 19 на овој закон;
2) банката или банкарската група нема да може да продолжи да работи доколку не се изврши отпис или претворање на соодветните капитални инструменти или на дозволените обврски од ставот (3) на овој член;
3) потребна е вонредна јавна финансиска помош за банката, со исклучок на помошта предвидена во членот 19 став (2) точка 4) на овој закон.

(7) Во случаите од ставот (6) точка 1) на овој член, Народната банка го спроведува отписот или претворањето на соодветните капитални инструменти или дозволени обврски пред преземањето која било активност за решавање.

(8) За потребите на ставот (6) точка 2) на овој член, се смета дека банката односно банкарската група нема да може да продолжи да работи, доколку се исполнети следниве два услова:

1) во однос на банката е исполнет некој од условите од членот 19 став (2) на овој закон, односно банкарската група не ги исполнува или постојат објективни околности коишто укажуваат дека наскоро нема да ги исполнува барањата од законот кој го уредува работењето на банките на консолидирана основа, во обем којшто оправдува преземање супервизорски мерки согласно со тој закон, вклучувајќи и поради тоа што групата остварила или веројатно ќе оствари загуби со кои целосно или во значителен износ ќе се намалат нејзините сопствени средства; и
2) со оглед на околностите, не е веројатно дека преземањето која било мерка, вклучувајќи мерки иницирани од приватниот сектор или супервизорски мерки, во разумен период би го спречиле престанок со работа на банката или банкарската група.

(9) Пред да го спроведе отписот или претворањето на соодветните капитални инструменти или на дозволените обврски од ставот (3) на овој член, Народната банка обезбедува независна процена на средствата и обврските на банката во согласност со членот 21 на овој закон. Врз основа на процената се определува износот на отписот на соодветните капитални инструменти или на дозволените обврски од ставот (3) на овој член потребен за покривање на загубите и нивото на претворање на соодветните капитални инструменти или на дозволените обврски од ставот (3) на овој член потребно за докапитализација на банката.

**Спроведување на отписот или претворањето на капиталните инструменти и дозволени обврски**

Член 44

(1) Народната банка го спроведува отписот или претворањето на соодветните капитални инструменти или на дозволените обврски од членот 43 став (3) на овој закон по обратен редослед од редоследот на намирување на побарувањата во стечајна постапка на банка, на следниот начин:

1) прво се намалуваат инструментите на редовниот основен капитал, сразмерно на износот на загубите до износот на редовниот основен капитал и Народната банка презема една или двете мерки од членот 36 став (1) на овој закон спрема акционерите на банката;
2) главницата на инструментите на додатниот основен капитал се отпишува и/или се претвора во инструмент на редовниот основен капитал, до износот потребен за остварување на целите на решавањето на банка или до вкупниот износ на тие капитални инструменти, во зависност од тоа кој износ е понизок;
3) главницата на инструментите на дополнителниот капитал се отпишува и/или се претвора во инструмент на редовниот основен капитал, до износот потребен за остварување на целите на решавањето на банка или до вкупниот износ на тие капитални инструменти, во зависност од тоа кој износ е понизок;
4) главницата на дозволените обврски од членот 43 став (3) на овој закон се отпишува и/или се претвора во инструмент на редовниот основен капитал, до износот потребен за остварување на целите на решавањето на банка или до вкупниот износ на соодветните дозволени обврски, во зависност од тоа кој износ е понизок.

(2) При спроведувањето отпис на соодветните капитални инструменти или на дозволените обврски од членот 43 став (3) на овој закон:

1) отписот е траен, со можност за зголемување на вредноста во согласност со членот 35 став (4) на овој закон;
2) престануваат обврските спрема имателот на соодветниот капитален инструмент или на дозволената обврска од членот 43 став (3) на овој закон во однос на отпишаниот износ на капиталниот инструмент или дозволена обврска, освен веќе пресметаните обврски и обврските за надомест на штета утврдени во постапка поведена по тужба против законитоста на спроведениот отпис;

3) на имателот на соодветниот капитален инструмент или на дозволената обврска од членот 43 став (3) на овој закон не му се исплатува надоместок освен во согласност со ставот (3) на овој член.

(3) Со цел да се спроведе претворањето на соодветните капитални инструменти и на дозволените обврски од членот 43 став (3) на овој закон согласно со ставот (1) точки 2), 3) и 4) на овој член, Народната банка може да ѝ наложи на банката да издаде инструменти на редовниот основен капитал за имателите на соодветните капитални инструменти и дозволени обврски. Соодветните капитални инструменти и дозволени обврски можат да се претворат во инструменти на редовниот основен капитал под следните услови:

1) тие инструменти на редовниот основен капитал да бидат издадени од банката или од нејзиното матично лице со претходна согласност од Народната банка, или доколку е тоа применливо, со согласност на органот за решавање на матичното лице;
2) тие инструменти на редовниот основен капитал да бидат издадени пред банката да издаде акции или други сопственички инструменти за целите на обезбедувањето државна помош за докапитализација;
3) тие инструменти на редовниот основен капитал се доделуваат и пренесуваат без одлагање по спроведувањето на овластувањето за претворање на соодветните капитални инструменти или дозволени обврски;
4) стапката на претворање врз основа на која се определува бројот на инструменти од редовниот основен капитал коишто се доделуваат за секој релевантен капитален инструмент или секоја дозволена обврска е во согласност со начелата од членот 39 на овој закон и подзаконскиот акт донесен врз основа на тој член.

(4) Заради обезбедување инструменти на редовниот основен капитал во согласност со ставот (3) на овој член, Народната банка може да ја задолжи банката да ги обезбеди сите потребни претходни одобренија од надлежните органи за издавање на потребниот број инструменти на редовниот основен капитал.

(5) Доколку со претворањето на соодветните капитални инструменти и дозволени обврски дојде до стекнување квалификувано учество или зголемување на квалификуваното учество во банката, се применуваат одредбите од членот 36 ставови (5) и (6) на овој закон.

## ГЛАВА V
## ДРЖАВНИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ФИНАНСИСКА СТАБИЛИЗАЦИЈА

### Државни инструменти за финансиска стабилизација
Член 45

(1) Владата на Република Северна Македонија може да обезбеди вонредна јавна финансиска помош преку државни инструменти за финансиска стабилизација, со вклучување во постапката на решавање на банка со цел да се избегне отворање стечајна постапка и да се остварат целите на решавањето од членот 17 став (1) на овој закон.

(2) Државните инструменти за финансиска стабилизација се користат само доколку се исполнети условите од членот 24 став (6) на овој закон и во согласност со прописите со кои се уредува користењето државна помош, како последна можност откако ќе бидат земени предвид другите инструменти за решавање банка.

(3) Државни инструменти за финансиска стабилизација се:

1) државна помош за докапитализација и

2) привремена државна сопственост.

(4) Владата на Република Северна Македонија врз основа на информациите од Народната банка за финансиската состојба на банката и мерките коишто биле преземени спрема банката, како и врз основа на препорака/барање од Народната банка, може да одлучи да ги примени државните инструменти за финансиска стабилизација доколку се исполнети условите од членот 19 став (1) на овој закон и еден од следниве услови:

1) Министерството за финансии и Народната банка утврдиле дека примената на инструментите за решавање нема да биде доволна за да се спречи значајно негативно влијание врз финансискиот систем; или
2) Министерството за финансии и Народната банка утврдиле дека примената на инструментите за решавање нема да биде доволна за да се заштити јавниот интерес, во случаите кога на банката веќе ѝ бил одобрена ликвидносна поддршка во исклучителни околности од Народната банка.

(5) Државните инструменти за финансиска стабилизација се определуваат и применуваат од страна на Владата на Република Северна Македонијаво соработка со Народната банка, под услов доделувањето вонредна јавна финансиска помош да било одобрено согласно со прописите со кои се уредува користењето државна помош.

(6) Заради примена на државните инструменти за финансиска стабилизација Владата на Република Северна Македонија ги има соодветните овластувања во постапка на решавање на банка од глава VI. на овој закон.

**Државна помош за докапитализација**

Член 46

(1) Во согласност со законот кој ги уредува трговските друштва, Владата на Република Северна Македонија во име на Република Северна Македонија, може да учествува во докапитализација на банката којашто се решава, преку вложување парични средства во замена за:

1) инструменти на редовниот основен капитал;
2) инструменти на додатниот основен капитал; или
3) инструменти на дополнителниот капитал.

(2) Во зависност од влогот на Република Северна Македонија во банката, Владата на Република Северна Македонија е должна да обезбеди банката во која е применет инструментот државна помош за докапитализација да биде управувана со внимание на уреден и совесен трговец.

(3) Доколку е применет инструментот државна помош за докапитализација, Владата на Република Северна Македонија е должна да обезбеди влогот на Република Северна Македонија во банката којашто се решава да биде продаден на приватен купувач веднаш штом ќе се создадат услови за продажба.

**Привремена државна сопственост**

Член 47

(1) Владата на Република Северна Македонија може да ја пренесе банката којашто се решава во привремена државна сопственост. Овој инструмент се применува само ако на банката веќе ѝ била одобрена државна помош за докапитализација, а Министерството за финансии и Народната банка утврдиле дека примената на инструментите за решавање нема да биде доволна за да се заштити јавниот интерес.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, Владата на Република Северна Македонија издава еден или повеќе налози до Централниот депозитар за хартии од вредност за пренос на акциите во банката на друштво во целосна државна сопственост, коишто Централниот депозитар за хартии од вредност ги спроведува без одлагање.

(3) Владата на Република Северна Македонија е должна да обезбеди банката којашто се решава во која е применет инструментот од ставот (1) на овој член да биде управувана со внимание на уреден и совесен трговец и да се продаде на приватен купувач веднаш штом ќе се создадат услови за продажба.

## ГЛАВА VI
## ОВЛАСТУВАЊА НА НАРОДНАТА БАНКА КАКО НАДЛЕЖЕН ОРГАН ЗА РЕШАВАЊЕ

### Општи овластувања
Член 48

(1) Народната банка има право на пристап до сите податоци и информации потребни за подготвување и спроведување на активностите за решавање, како и за ажурирање и дополнување на плановите за решавање, а банката, вработените во банката, акционерите и другите лица се должни да ѝ обезбедат пристап и да ѝ ги достават сите податоци и информации потребни за извршување на нејзините надлежности, како и да ѝ обезбедат пристап до просториите на банката заради спроведување на теренската контрола од ставот (2) точка 1) на овој член.

(2) Народната банка како орган за решавање, може да ги применува поединечно или комбинирано следните овластувања:

1) да бара и обезбедува податоци и информации согласно со ставот (1) на овој член, вклучувајќи и преку теренска контрола во банката извршена согласно со законот кој го уредува работењето на банките, како и да изрекува мерки за спроведување на овој закон, во согласност со членот 9 на овој закон;
2) да ги примени инструментите за решавање на банка определени во овој закон;
3) да ги преземе овластувањата на собранието на акционери, надзорниот одбор и управниот одбор на банката којашто се решава;
4) да ги разреши членовите на надзорниот и/или управниот одбор на банката којашто се решава, како и да разреши лице со посебни права и одговорности во банката;
5) да ги пренесе акциите или другите сопственички инструменти издадени од банката којашто се решава;
6) да ги пренесе средствата, правата или обврските на банката којашто се решава на друго лице, со негова согласност;
7) целосно или делумно да ја намали главницата или неисплатениот износ од обврските за внатрешна распределба на банката којашто се решава;
8) да ги претвори обврските за внатрешна распределба на банката којашто се решава во акции или други сопственички инструменти на таа банка, на нејзиното матично лице или на преодната институција на која се пренесени средствата, правата или обврските од банката којашто се решава;
9) да ги поништи должничките инструменти издадени од банката којашто се решава, освен обврските исклучени согласно со членот 32 став (2) на овој закон;

10) целосно или делумно да ја намали номинална вредност на акциите или другите сопственички инструменти издадени од банката којашто се решава или да ги повлече акциите;
11) да ѝ наложи на банката којашто се решава или на нејзиното матично лице да издаде нови акции или други сопственички инструменти или други капитални инструменти, вклучувајќи приоритетни акции и конвертибилни обврзници;
12) да го менува рокот на достасување на должничките инструменти и други обврски за внатрешна распределба издадени од банката којашто се решава, да ја менува каматната стапка на тие инструменти и обврски и датумот на кој треба да се плати каматата, вклучувајќи и привремено одлагање на плаќањето, освен на обврските исклучени согласно со членот 32 став (2) на овој закон;
13) да ги достаса или да ги затвори финансиските договори или договорите за финансиски деривативи со цел примена на членот 38 на овој закон.

(3) Теренската контрола од ставот (2) точка 1) на овој член го вршат лица вработени во Народната банка. По исклучок, Народната банка може да овласти и други лица за извршување на теренската контрола од ставот (2) точка 1) на овој член, коишто располагаат со соодветни стручни знаења.

(4) Народната банка може да донесе подзаконски акт со кој подетално се пропишуваат условите и начинот на спроведување на теренската контрола и на изрекувањето мерки од ставот (2) точка 1) на овој член.

(5) Доколку со овој закон не е поинаку определено, при примената на овластувањата и инструментите за решавање во согласност со овој закон, на Народната банка не се применуваат одредбите од други закони и склучени договори коишто се однесуваат на следниве прашања:

1) обврска за добивање согласност или одобрение од надлежен орган или од кое било правно и физичко лице, вклучувајќи ги акционерите и доверителите на банката којашто се решава;
2) обврска за доставување податоци, вклучувајќи објавување на известување или проспект или доставување и регистрирање каков било документ кај надлежен орган; и
3) ограничувања за пренос или обврска за добивање согласност за пренос на финансиски инструменти, права, средства или обврски.

(6) Уписите во соодветните регистри направени или предложени од Народната банка во согласност со други прописи, а во врска со примената на овластувањата и инструментите за решавање, имаат декларативно дејство.

**Дополнителни овластувања**

Член 49

(1) Доколку оцени дека е тоа потребно заради остварување на една или повеќе од целите на решавањето, Народната банка во постапката за решавање на банка е овластена:

1) да обезбеди финансиските инструменти, средствата, правата или обврските да се пренесуваат без какви било дополнителни обврски или товари коишто влијаат на нив, освен во случаите од членот 63 на овој закон, при што правото на надомест во согласност со овој закон не се смета за обврска;

2) да го одземе правото на стекнување нови акции или други сопственички инструменти;
3) да бара од надлежната институција да го прекине тргувањето со хартии од вредност на банката којашто се решава и да ја исклучи банката од редовниот или официјалниот пазар;
4) да обезбеди спрема друштвото примач да се постапува на ист начин како спрема банката којашто се решава, во поглед на какви било права или обврски на банката или дејствија преземени од банката, вклучувајќи и права и обврски поврзани со учество во пазарната инфраструктура во согласност со членовите 26 и 28 на овој закон;
5) да им наложи на банката којашто се решава или на друштвото примач, меѓусебно да разменуваат информации;
6) да раскине договор или да измени услови од договор склучен од банката којашто се решава или да обезбеди друштвото примач да стапи на нејзино место како договорна страна.

(2) Заради обезбедување континуитет на дејноста којашто се пренесува, Народната банка има право да наложи:

1) продолжување на договорите склучени од банката којашто се решава, на начин што друштвото примач ги презема правата и обврските поврзани со финансиските инструменти, средствата, правата и обврските коишто се пренесени и стапува како договорна страна наместо банката којашто се решава;
2) друштвото примач да стапи на местото на банката којашто се решава во сите правни постапки поврзани со финансиските инструменти, средствата, правата или обврските што му се пренесени од банката.

(3) Овластувањата од ставот (1) точка 4) и ставот (2) точка 2) на овој член, не влијаат на:

1) правото на вработен во банката којашто се решава да го откаже договорот за вработување;
2) остварувањето на правата на договорна страна, вклучувајќи и правото да го раскине договорот склучен со банката којашто се решава, доколку е тоа предвидено со договорот, поради дејствие или пропуштање на дејствие сторено од банката којашто се решава пред преносот, односно од друштвото примач по преносот, освен во случаите од членовите 53, 55, 56 и 57 на овој закон.

**Овластување во фазата на рана интервенција**

Член 50

Доколку се исполнети условите за рана интервенција, согласно со законот кој го уредува работењето на банките, Народната банка може да ја задолжи банката да контактира со потенцијални купувачи со цел подготовка на банката за решавање, со почитување на начелата од членот 27 став (2) на овој закон и одредбите за доверливост од членот 65 на овој закон.

**Овластување да се бара вршење услуги и користење простор и опрема**

Член 51

(1) Народната банка има право да донесе одлука со која ѝ наложува на банката којашто се решава или на друга членка на банкарската група да обезбеди вршење на услугите или користење на просторот и опремата коишто се потребни за да може друштвото примач ефикасно да ги извршува работите што му се пренесени.

(2) Народната банка има право да донесе одлука согласно со ставот (1) на овој член и доколку над банката којашто се решава или над друга членка на банкарската група е отворена стечајна постапка.

(3) Вршењето услуги и користењето простор и опрема согласно со овој член не вклучува каква било финансиска поддршка.

(4) Услугите се вршат, односно просторот и опремата се користат под следниве услови:

1) ако услугите или просторот и опремата ѝ биле обезбедени на банката којашто се решава во согласност со договор непосредно пред преземањето активности за решавање, под истите услови за времетраењето на тој договор;
2) ако не постои договор за вршење услуги или користење простор и опрема или таквиот договор престанал да важи, под разумни услови.

(5) Народната банка оценува, во зависност од околностите на секој поединечен случај, дали и кои услуги се потребни заради континуирано извршување на пренесената дејност, права и обврски, а особено на критичните функции.

(6) При оценувањето дали на банката којашто се решава или на друга членка на банкарската група треба да им се наложи да го обезбедат вршењето услуги или да овозможат користење на просторот и опремата, се земаат предвид најмалку следниве области: информациска технологија, човечки ресурси, процесирање на трансакции, спречување перење пари и финансирање тероризам, обезбедување деловен простор, правни услуги и усогласеност со прописи, управување со актива, управување со ризици, сметководство, управување со готовина.

(7) Обезбедувањето на услугите не смее да вклучува преземање финансиски ризици што би можело да претставува финансиска поддршка спротивно на ставот (2) на овој член.

**Овластувања во поглед на средства, права, обврски, акции и други сопственички инструменти во други држави**

Член 52

(1) Во случаите кога решавањето на банка вклучува преземање активности во поглед на средства коишто се наоѓаат во друга земја или акции, други сопственички инструменти, права или обврски на кои се применува правото на друга земја, Народната банка има право со одлука да наложи:

1) посебните управители на банката којашто се решава и друштвото примач да ги преземат сите потребни дејствија за да се реализира преносот, отписот, претворањето во акции или останатите активности;
2) посебните управители на банката којашто се решава да располагаат со акциите, другите сопственички инструменти, средства или права или да ги исполнат обврските во име на друштвото примач, сѐ додека не се реализира преносот, отписот, претворањето или останатите активности;
3) оправданите трошоци на друштвото примач коишто настанале при преземањето на дејствијата од точките 1) и 2) на овој став, да се надоместат на начинот определен во членот 24 став (6) на овој закон.

(2) Доколку Народната банка оцени дека и покрај сите дејствија преземени од посебните управители согласно со ставот (1) точка 1) на овој член, мала е веројатноста да се реализираат преносот, отписот, претворањето или останатите активности во поглед на средства коишто се наоѓаат во друга земја или во поглед на акции, други сопственички инструменти, права или обврски на кои се применува правото на друга земја, нема да продолжи со преносот, отписот, претворањето или останатите активности. Доколку веќе била донесена одлука за пренос, отпис, претворање или останата активност, таа ќе престане да важи.

## Исклучување на одредени договорни услови при решавање на банка

Член 53

(1) Примената на мерка за спречување криза, овластувањето за одложување на плаќање или исполнувањето обврски од членот 54 на овој закон или примената на мерка за управување со криза, како и настанувањето на настан директно поврзан со примената на тие мерки и овластувања, сами по себе не може да се сметаат за неисполнување на обврските или да и дадат на која било договорна страна:

1) право на раскинување, одложување, изменување, пребивање или порамнување на договорот, вклучувајќи и на:
   - договор склучен од подружница на банката, при што за обврските од договорот гарантира лице од банкарската група, или
   - договор склучен од кое било лице од банкарската група, при што договорот вклучува одредби за вкрстено неисполнување на обврските (cross-default provisions);
2) право да стекнува имот, контрола или да реализира заложно право над кој било имот на банката којашто се решава или на кое било лице од банкарската група, ако договорот вклучува одредби за вкрстено неисполнување на обврските (cross-default provisions);
3) право да влијае на кое било договорно право на банката којашто се решава или на кое било лице од банкарската група, ако договорот вклучува одредби за вкрстено неисполнување на обврските (cross-default provisions).

(2) Ставот (1) на овој член се применува и на договори склучени од:

1) подружница на банката, при што за обврските од договорот гарантира банката или друго лице од банкарската група; или
2) кое било лице од банкарската група, при што договорот вклучува одредби за вкрстено неисполнување на обврските (cross-default provisions).

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член не влијаат на правото на договорната страна да ги преземе дејствијата од ставот (1) на овој член, доколку тоа право се заснова на настан кој не е резултат на примената на мерка за спречување криза или мерка за управување со криза или на настан директно поврзан со примената на тие мерки.

(4) Одложувањето или ограничувањето од членовите 54, 55, 56 и 57 на овој закон не се сметаат за неисполнување на договорните обврски во смисла на овој член од законот.

## Овластување за одложување на плаќање или исполнување обврски пред донесување одлука за започнување постапка на решавање на банката

Член 54

(1) Народната банка има право да донесе одлука со која привремено се одложуваат обврски за плаќање или исполнување други обврски по кои било договори склучени од банката, доколку се исполнети следниве услови:

1) состојбата во банката е таква што таа не може или е веројатно дека нема да може да продолжи да работи;
2) не е достапна друга мерка согласно со членот 19 став 1) точка 2) на овој закон што би можела да го спречи престанокот со работа на банката;
3) одложувањето се смета за потребно за да се спречи натамошно влошување на финансиската состојба на банката; и
4) одложувањето се смета за потребно за да се:
   - оцени постоењето на јавен интерес или
   - да се преземе соодветна активност за решавање или да се обезбеди ефикасна примена на инструмент за решавање.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член, одлуката за одложување не се применува на обврските за плаќање и исполнување обврски спрема:

1) платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност и операторите на тие системи;
2) централните други договорни страни;
3) централните банки.

(3) При одлучувањето за обврските на кои ќе се однесува одлуката од ставот (1) на овој член, Народната банка ги зема предвид околностите на секој поединечен случај и оценува дали е соодветно одлуката да се однесува и на прифатливите депозити во банката, а особено на покриените депозити.

(4) Доколку одлуката на Народната банка од ставот (1) на овој член се применува и на прифатливите депозити, со неа се определува соодветен дневен износ од тие депозити кој им се става на располагање на депонентите.

(5) Народната банка објавува известување за донесената одлука од ставот (1) на овој член на начинот определен во членот 22 став (8) на овој закон.

(6) Банката е должна на својата интернет страница да објави известување за донесената одлука од ставот (1) на овој член.

(7) Одложувањето важи од моментот на објавата на одложувањето, согласно со ставот (5) на овој член и трае колку што е потребно за остварување на целите од ставот (1) точки 3) и 4) на овој член, а најдоцна до полноќ наредниот работен ден по објавата од ставот (5) на овој член.

(8) При примената на овластувањето од овој член, Народната банка ги зема предвид можните ефекти врз нормалното функционирање на финансиските пазари, како и правата на доверителите во стечајна постапка на банка во согласност со начелата од членот 18 став (1) точки 7) и 8) на овој закон.

(9) Доколку обврските за плаќање и исполнување други договорни обврски на банката се одложени согласно со ставот (1) на овој член, обврските за плаќање и исполнување други обврски на другата договорна страна по тој договор се одложени за истиот период.

(10) Обврската за плаќање или исполнување друга обврска којашто би достасала за време на периодот на одложување, достасува веднаш по истекот на тој период.

(11) За одлуката од ставот (1) на овој член, Народната банка без одлагање ги известува банката на којашто се однесува одлуката, Агенцијата за заштита на депозити, Министерството за финансии, надлежниот орган за супервизија и надлежниот орган за решавање од членот 19 став (9) алинеи 2, 3 и 4 на овој закон.

(12) Со одлуката од ставот (1) на овој член, Народната банка може за времетраењето на одложувањето, истовремено:

1) да го ограничи правото на доверителите на банката да започнат реализација на обезбедувањето во врска со кои било средства на банката, при што се применуваат одредбите од членот 56 ставови (3) и (4) на овој закон;
2) да го одложи правото на другата договорна страна да го раскине договорот склучен со банката, при што се применуваат одредбите од членот 57 ставови (4) до (8) на овој закон.

(13) Доколку по донесувањето на одлуката од ставот (1) на овој член, Народната банка донела одлука за започнување постапка на решавање на банката, спрема таа банка не може да ги примени овластувањата од членовите 55, 56 и 57 на овој закон.

**Овластување за одложување на плаќање и исполнување обврски по донесување одлука за започнување постапка на решавање на банката**

Член 55

(1) Народната банка има право да донесе одлука со која привремено се одложуваат обврски за плаќање или исполнување други обврски по договорите коишто ги склучила банката којашто се решава. Народната банка го објавува известувањето за донесената одлука на начинот определен во членот 22 став (8) на овој закон.

(2) Одложувањето важи од моментот на објавата на одложувањето, согласно со ставот (1) на овој член и трае до полноќ наредниот работен ден по објавата од ставот (1) на овој член.

(3) Обврската за плаќање или исполнување друга обврска којашто би достасала за време на периодот на одложување, достасува веднаш по истекот на тој период.

(4) Доколку обврските за плаќање и исполнувањето други договорни обврски на банката којашто се решава се одложени согласно со ставот (1) на овој член, обврските за плаќање и исполнувањето други обврски на другата договорна страна по тој договор се одложени за истиот период.

(5) По исклучок од ставот (1) на овој член, одлуката за привремено одложување не се однесува на обврските за плаќање и исполнување обврски спрема:

1) платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност и операторите на тие системи;
2) централните други договорни страни;
3) централните банки.

(6) При примената на овластувањето од овој член, Народната банка ги зема предвид можните ефекти врз нормалното функционирање на финансиските пазари.

(7) Според околностите на секој поединечен случај, Народната банка оценува дали е соодветно овластувањето од ставот (1) на овој член да се однесува и на прифатливите депозити во банката, а особено на покриените депозити. Во одлуката на Народната банка со која овластувањето од ставот (1) на овој член се применува и на прифатливите депозити, може да се определи соодветен дневен износ од тие депозити кој им се става на располагање на депонентите.

**Овластување за ограничување на правото за реализацијата на обезбедувањето**

Член 56

(1) Народната банка има право да донесе одлука со која привремено се ограничува правото на доверителите на банката којашто се решава да започнат реализација на обезбедувањето во врска со кои било средства на банката. Народната банка го објавува известувањето за донесената одлука на начинот определен во членот 22 став (8) на овој закон.

(2) Ограничувањето важи од моментот на објавата на ограничувањето согласно со ставот (1) на овој член до полноќ наредниот работен ден по објавата од ставот (1) на овој член.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, одлуката за привремено ограничување не се однесува на:

1) обезбедувањето на платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност и операторите на тие системи;
2) централни други договорни страни и
3) централни банки, во врска со средствата заложени како обезбедување од страна на банката којашто се решава.

(4) Во случаите од членот 64 на овој закон, Народната банка зема предвид дали ограничувањата врз основа на овластувањето од ставот (1) на овој член се исти за сите членки на групата во однос на кои се преземаат активности за решавање.

(5) При примената на овластувањето од овој член, Народната банка ги зема предвид можните ефекти врз нормалното функционирање на финансиските пазари.

## Овластување за привремено одложување на правото на раскинување на договор

Член 57

(1) Народната банка има право да донесе одлука со која привремено се одложува правото на другата договорна страна да го раскине договорот склучен со банката којашто се решава, под услов обврските за плаќање и испорака, како и за давање обезбедување согласно со договорот и понатаму да се исполнуваат.

(2) Народната банка го објавува известувањето за донесената одлука на начинот определен во членот 22 став (8) на овој закон.

(3) Одложувањето од ставовите (1) и (4) на овој член важи од моментот на објавата на одложувањето до полноќ наредниот работен ден по објавата од ставот (1) на овој член.

(4) Овластувањето од ставот (1) на овој член може да се однесува и на договор којшто другата договорна страна го склучила со подружница на банката којашто се решава, доколку:

1) за исполнувањето на обврските од договорот гарантира или на друг начин ги обезбедува банката којашто се решава;
2) правото на раскинување на договорот зависи исклучиво од солвентноста или финансиската состојба на банката којашто се решава; и
3) при пренос на средства, права или обврски на банката којашто се решава согласно со овој закон, сите средства, права и обврски на подружницата поврзани со договорот се пренесени или можат да бидат пренесени на друштво примач или Народната банка на друг начин ги обезбедува тие обврски.

(5) По исклучок од ставовите (1) и (4) на овој член, одлуката за привремено одложување не се однесува на:

1) платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност и операторите на тие системи;
2) централните други договорни страни;
3) централните банки.

(6) По исклучок од ставовите од (1) до (5) на овој член, договорната страна може да го раскине договорот пред истекот на периодот во кој важи одложувањето, доколку добие известување од Народната банка дека средствата, правата или обврските опфатени со договорот нема да бидат пренесени на друштво примач или нема да бидат отпишани или претворени во акции при примена на инструментот за внатрешна распределба на загубите.

(7) Правото на раскинување на договорот од ставовите (1) и (4) на овој член, може да се оствари по истекот на периодот на одложувањето, во согласност со членот 53 на овој закон, на следниот начин:

1) ако правата и обврските опфатени во договорот се пренесени на друштво примач, другата договорна страна може да го раскине договорот само ако по преносот настанат услови за раскинување на договорот;
2) ако правата и обврските опфатени во договорот остануваат на банката којашто се решава, а Народната банка не го применила иструментот за внатрешна распределба на загубите, другата договорна страна може да го раскине договорот ако по истекот на периодот на одложувањето настанат услови за раскинување на договорот.

(8) При примената на овластувањето од овој член, Народната банка ги зема предвид можните ефекти врз нормалното функционирање на финансиските пазари.

**Договорно признавање на овластувањата за одложување и ограничување во финансиските договори на кои се применува правото на друга земја**

Член 58

(1) Банката е должна да обезбеди дека финансискиот договор на кој се применува правото на друга земја, содржи одредби кои предвидуваат дека правата и обврските кои произлегуваат од тој договорен однос можат да бидат предмет на одложување или ограничување во согласност со членовите 54, 55, 56 и 57 од овој закон и дека на нив се применуваат и одредбите од членот 53 од овој закон.

(2) Ставот (1) на овој член се применува на секој финансиски договор којшто:

1) создава нова обврска или значајно ја менува постоечката обврска по влегувањето во сила на овој закон и
2) предвидува остварување на право на раскинување или реализација на обезбедувањето, а на кои би се примениле членовите 53 до 57 од овој закон, кога финансискиот договор би бил регулиран согласно со правото на Република Северна Македонија.

(3) Независно од тоа дали финансискиот договор содржи одредби согласно со став (1) на овој член, Народната банка може да ги извршува овластувањата од членовите 53 до 57 од овој закон во однос на тој финансиски договор.

**Извршување на овластувањата за решавање**

Член 59

(1) При спроведувањето на активностите за решавање, Народната банка може да остварува контрола над банката којашто се решава, на начин што:

1) управува со банката којашто се решава со сите овластувања на акционерите, управниот одбор и надзорниот одбор; и
2) управува и располага со имотот на банката којашто се решава.

(2) Народната банка може да ја остварува контролата од ставот (1) на овој член директно или преку лица именувани од Народната банка.

(3) Правата на глас од акциите на банката којашто се решава не можат да се остваруваат додека трае постапката на решавање на банката.

(4) Народната банка може да презема активности за решавање и преку поединечните управни акти во нејзина надлежност, без да остварува контрола врз банката којашто се решава.

**ГЛАВА VII**
**ЗАШТИТНИ МЕРКИ**

**Постапување спрема акционерите и доверителите при делумен пренос и примена на инструментот внатрешна распределба на загубите**
Член 60

(1) Во случаите кога Народната банка применувајќи еден или повеќе инструменти за решавање банка, врши пренос на дел од средствата, правата и обврските на банката којашто се решава, акционерите и доверителите чиишто побарувања не се пренесени како надоместок за своите побарувања добиваат најмалку износ којшто би го добиле доколку во времето кога е донесена одлуката од членот 22 на овој закон над банката била отворена стечајна постапка.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случаите кога Народната банка го применува инструментот за внатрешна распределба на загубите, акционерите и доверителите чиишто побарувања биле отпишани или претворени во акции не остваруваат поголеми загуби од оние коишто би ги имале доколку во времето кога е донесена одлуката од членот 22 на овој закон над банката била отворена стечајна постапка.

**Независна процена на загубите на акционерите и доверителите**
Член 61

(1) Со цел да се утврди дали акционерите и доверителите на банката којашто се решава би биле во поповолна положба доколку над банката била отворена стечајна постапка, Народната банка обезбедува независна процена на вредноста, штом тоа ќе биде можно по преземањето на активностите за решавање на банката.

(2) Процената може да ја врши само независен проценител којшто ги исполнува условите од членот 21 став (1) на овој закон. Доколку процената ја врши независен проценител којшто ја извршил независната процена на вредноста од членот 21 на овој закон, овие две процени мораат да бидат различни.

(3) Со процената треба да се утврдат:
1) загубите коишто би ги имале акционерите, доверителите и Агенцијата за заштита на депозити доколку во времето на донесувањето на одлуката за започнување постапка на решавање на банката била отворена стечајна постапка над банката;
2) загубите коишто ги имаат акционерите и доверителите на банката во постапката на решавање на банката; и

3) евентуалната разлика во висината на загубите од точките 1) и 2) на овој став.

(4) Процената се заснова на претпоставката дека:

1) над банката којашто се решава е отворена стечајна постапка во времето на донесување на одлуката од членот 22 на овој закон;
2) не се преземени активности за решавање на банката; и
3) на банката не ѝ е одобрена вонредна јавна финансиска помош.

(5) Народната банка со подзаконски акт подетално го определува начинот на вршење на независната процена од овој член.

**Заштитни мерки спрема акционерите и доверителите**
Член 62

(1) Доколку со процената од членот 61 на овој закон се утврди дека во постапката на решавање на банката кој било акционер, доверител или Агенцијата за заштита на депозити во случаите од членот 79 став (1) на овој закон, имале поголеми загуби од оние кои би ги имале во стечајна постапка над банката, тие лица имаат право на надомест на разликата од средствата на Фондот за решавање на банки.

**Заштита на другата договорна страна при делумни преноси**
Член 63

(1) Доколку Народната банка врши пренос на дел од средствата, правата и обврските од банката којашто се решава, од преодната институција или од друштвото за управување со актива на друго лице или доколку го применува овластувањето од членот 48 став (2) точка 6) на овој закон, предмет на соодветна заштита се следните договори, аранжмани и инструменти:

1) договори за финансиско обезбедување со заложно право;
2) договори за финансиско обезбедување со пренос на сопственост;
3) договори/изјави за пребивање на две или повеќе побарувања или обврски помеѓу банката којашто се решава и другата договорна страна;
4) нетинг аранжмани;
5) покриени обврзници;
6) договори за структурирано финансирање, вклучувајќи секјуритизации и инструменти коишто се користат за заштита од ризици коишто се составен дел на група средства за обезбедување и коишто согласно со важечките прописи се обезбедени на сличен начин како покриените обврзници, врз основа на кои една договорна страна или застапник или полномошник стекнува или држи хартија од вредност.

(2) Заштитата согласно со ставот (1) на овој член се применува независно од бројот на договорни страни во договорот и независно од тоа:

1) дали правните односи настанале врз основа на договор, со пренос на правото на сопственост заради обезбедување или на друг начин или настанале врз основа на закон;
2) дали на тие правни односи се применува во целост или делумно правото на друга држава.

(3) Народната банка не може да изврши делумен пренос на правата и обврските за кои со договор за финансиско обезбедување со пренос на сопственост, договор/изјава за пребивање или нетинг аранжман склучен од банката е утврдено дека можат да бидат

предмет на пребивање или нетирање, ниту може да бара измена или престанок на важноста на договорните одредби со кои се уредени тие права и обврски.

(4) Во смисла на ставот (3) на овој член, се смета дека правата и обврските се заштитени со таквите договори или аранжмани ако нивните договорни страни се овластени да извршат пребивање или нетирање на тие права и обврски.

(5) Во однос на обврските од договорите за финансиско обезбедување со заложно право, Народната банка не може:

1) да изврши пренос на имотот кој е даден како обезбедување на обврската, ако истовремено не се пренесува и обврската и користа од обезбедувањето;
2) да изврши пренос на обезбедените обврски, ако истовремено не се пренесува и користа од обезбедувањето;
3) да изврши пренос на користа од обезбедувањето, ако истовремено не се пренесува и обезбедената обврска;
4) да го менува или раскине договорот за финансиско обезбедување со заложно право ако како резултат на тоа обврската престанува да биде обезбедена.

(6) Народната банка не може да изврши делумен пренос на правата и обврските коишто се предмет на договор за структурирано финансирање или делумен пренос на покриените обврзници, ниту може да ги менува или раскинува правата и обврските коишто произлегуваат од нив.

(7) По исклучок од ставовите (3), (4), (5) и (6) на овој член, заради обезбедување достапност на покриените депозити Народната банка може:

1) да ги пренесе покриените депозити коишто се предмет на кој било од договорите и аранжманите од ставовите (3), (4), (5) и (6) на овој член без истовремено да пренесе други средства, права и обврски коишто се предмет на истиот договор; и
2) да ги пренесе, измени или поништи тие средства, права или обврски без истовремено да ги пренесе покриените депозити.

(8) Народната банка со подзаконски акт подетално ги определува видовите договори, аранжмани и инструменти коишто се предмет на заштита во согласност со ставот (1) на овој член.

**Заштита на системите на тргување, клиринг и порамнување при делумни преноси**

Член 64

(1) Примената на инструментите за решавање на банка не смее да влијае на работата и правилата на системите уредени со прописите со кои се регулира конечноста на порамнувањата во платните системи и системите на порамнување на хартии од вредност, во случаите кога Народната банка:

1) врши делумен пренос на средства, права и обврски од банката којашто се решава на друго лице или
2) со примена на дополнителните овластувања го раскинува договорот или ги менува условите од договорот склучен од банката којашто се решава или обезбедува друштвото примач да стапи на нејзино место како договорна страна.

(2) Со преносот, измената или раскинувањето од ставот (1) на овој член не смее да се отповикува налог за пренос, не се попречува спроведувањето на налогот за пренос и нетирањето, користењето средства, хартии од вредност и заеми, согласно закон

## ГЛАВА VIII
## ДОВЕРЛИВОСТ, СОРАБОТКА И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ, ПРИЗНАВАЊЕ И ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА

### Доверливост
Член 65

(1) Информациите и податоците добиени и создадени во врска со активностите за решавање на банка што се преземаат согласно со овој закон, се сметаат за доверливи.

(2) Обврската за чување на доверливоста на информациите и податоците од ставот (1) на овој член се однесува на следниве лица:

1) вработените во Народната банка како надлежен орган за решавање и за супервизија и членовите на Советот на Народната банка;
2) вработените во Министерството за финансии;
3) вработените во Агенцијата за заштита на депозити и Фондот за решавање банки;
4) посебните управители именувани согласно со овој закон;
5) потенцијалните купувачи/стекнувачи на акции, средства, права или обврски од банката којашто се решава коишто добиле доверливи информации од Народната банка и вработените кај нив, без оглед на тоа дали преносот се реализирал или не;
6) вработените во друштва за ревизија, правни консултанти, проценители и други стручни лица коишто директно или индиректно биле ангажирани од Народната банка, Министерството за финансии или потенцијалниот купувач од точка 5) на овој став;
7) вработените во преодната институција или друштвото за управување со актива;
8) останатите вработени во Народната банка и вработените во други органи коишто се директно или индиректно вклучени во решавањето на банката и
9) други лица коишто директно или индиректно, постојано или привремено, обезбедуваат или обезбедувале услуги на лицата од точка (1) до точка (8) на овој став, како и членовите на органите на управување на лицата од точка (1) до точка (8) од овој став, доколку не се опфатени со овие точки.

(3) Обврската за чување на доверливоста на информациите и податоците од ставот (1) на овој член се однесува на периодот во текот и по именувањето, односно по вработувањето на лицата од ставот (2) на овој член.

(4) Со цел да се обезбеди почитување на обврските за доверливоста од ставовите (1) и (3) на овој член, правните лица од ставот (2) точки 1), 2), 3), 7) и 8) на овој член, како и преодната институција и друштвото за управување со активата, се должни да донесат и применуваат интерни правила во врска со чувањето на доверливоста на информациите и податоците од ставот (1) на овој член.

(5) Лицата од ставот (2) на овој член не смеат да ги обелоденат на кое било лице или тело доверливите информации и податоци коишто ги добиле во текот на извршувањето на своите професионални активности, согласно со овој закон или ги добиле од Народната банка, како надлежен орган за решавање и за супервизија согласно со овој закон, освен ако обелоденувањето е заради извршување на нивните должности согласно со овој закон или доколку информациите се обелоденуваат во скратена или збирна форма, така што не можат

да се идентификуваат поединечни банки или доколку добиле претходно одобрение од Народната банка или од банката којашто се решава од која ги добиле тие информации.

(6) Органите, односно правните лица од ставот (2) на овој член се должни во случаите од ставот (5) на овој член да спроведат оцена на влијанието коешто обелоденувањето доверливи информации и податоци би можело да го има врз јавниот интерес поврзан со финансискиот систем, спроведувањето на монетарната политика или со економијата во целина, врз деловните интереси на физичките и правните лица, како и врз супервизијата, надзорот и ревизијата. Оваа оцена вклучува посебна оцена на влијанието од секое обелоденување поврзано со содржината на плановите за решавање и со заклучоците од оценката на можноста за решавање.

(7) По исклучок, доверливи информации и податоци смеат да разменуваат:

1) лицата од ставот (2) на овој член во рамките на правното лице во кое работат или извршуваат функција;
2) Народната банка со надлежни органи за супервизија и за решавање на банки од други земји, Министерството за финансии, Агенцијата за заштита на депозити, Фондот за решавање банки, надлежен суд за спроведување стечајна постапка, независниот проценител или со потенцијалниот купувач, како и во согласност со одредбите за доверливост од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија.

(8) Одредбите на овој член не се однесуваат на давањето информации на барање на надлежен суд во согласност со закон.

**Соработка**

Член 66

(1) Народната банка соработува со други надлежни органи за решавање и за супервизија во земјата или во странство заради остварување на целите на решавање од членот 17 на овој закон и заради остварување на активностите и овластувањата пропишани со овој закон.

(2) Соработката од ставот (1) на овој член Народната банка може да ја оствари преку склучување договори за соработка и размена на информации согласно со членот 67 на овој закон, како и преку формирање или учество на колегиуми за решавање согласно со членовите 68 и 69 на овој закон, при што се имаат предвид одредбите за доверливост од членот 65 на овој закон.

(3) Народната банка може да склучува необврзувачки договори за соработка со надлежни органи за решавање од други земји, како и со Единствениот орган за решавање (Single Resolution Board) доколку:

- матично лице со седиште во другата земја има подружница - банка или филијала во Република Северна Македонија или
- банка со дозвола од Народната банка има филијала или подружница којшто е кредитна институција или финансиска институција во странство.

**Размена на информации**

Член 67

(1) Народната банка разменува информации со Министерството за финансии за активностите преземени во постапката за решавање на банка доколку тие можат да имаат

влијание на јавните средства и во случаите во кои со овој закон е предвидено известување или соработка со министерството.

(2) Народната банка разменува информации со Фондот за решавање банки во врска со планирањето, подготовката и спроведувањето на активностите за решавање банки.

(3) Народната банка може да разменува доверливи информации и податоци со надлежни органи за решавање и за супервизија на други земји доколку се исполнети следниве услови:

1) информациите и податоците коишто се разменуваат подлежат на барањата и стандардите за чување доверливи информации, коишто се најмалку еднакви на барањата и стандардите од членот 65 на овој закон, при што размената на личните податоци се врши во согласност со прописите во Република Северна Македонија и во другата земја со кои се уредува заштитата на личните податоци; и
2) размената на информации и податоци е потребна за извршување на овластувањата на надлежниот орган на друга земја во која законот со кој се уредува решавањето банки содржи одредби коишто се најмалку еднакви на одредбите на овој закон, при што, во согласност со одредбите од точката 1) од овој став, информациите или податоците нема да се користат за други потреби, освен за потребите на решавањето.

(4) Доверливите податоци добиени од надлежните органи за решавање и за супервизија од други земји можат да се обелоденат на трети лица, само доколку се исполнети следниве услови:

1) надлежниот орган од кој е добиен доверливиот податок дал согласност за обелоденување на тој податок,
2) податокот се обелоденува само за целите за кои е добиена согласноста од точката 1) од овој став.

**Колегиум за решавање**

Член 68

(1) Народната банка може да формира колегиум за решавање на банкарска група, во која има членки чиешто седиште се наоѓа во други земји, заради спроведување на обврските од членовите 7, 8, 9, 12 и 13 на овој закон, како и заради остварување соработка и признавање на постапката на решавање на друга земја.

(2) Во колегиумот за решавање учествуваат:

1) надлежните органи за решавање на земјите во кои се наоѓа седиштето на секоја од членките на групата за решавање, само доколку согласно со прописите во тие земји, надлежниот орган за решавање подлежи на истите обврски за чување на доверливите податоци, пропишани со овој закон;
2) Министерството за финансии;
3) Агенцијата за заштита на депозитите, односно Фондот за решавање банки;
4) претставници на централните банки, надлежните министерства и/или на институциите за осигурување на депозитите на земјите во кои се наоѓа седиштето на секоја од членките на групата за решавање, доколку тие не се во исто време и надлежни органи за решавање и доколку така одлучил надлежниот орган за решавање на таа земја;

(3) За потребите на ставот (2) на овој член, како надлежни органи за решавање коишто подлежат на исти обврски за чување на доверливите податоци се сметаат:

- надлежните органи за решавање од земјите членки на ЕУ;
- надлежните органи за решавање на трети земји коишто според одлука на Европската комисија се признаени како земји со усогласени прописи за чување доверливи податоци при спроведувањето решавање банки.

(4) Во случаите кога членка на групата за решавање е со седиште во земја членка на ЕУ, на колегиумот за решавање можат да присуствуваат и Единствениот супервизорски орган, односно Единствениот одбор за решавање, без право на глас.

(5) Во рамките на колегиумот за решавање се:

1) разменуваат податоци и информации за потребите на изработка на плановите за решавање на групата, согласно со членот 7 на овој закон;
2) оценува можноста за решавање на групата, во согласност со членот 8 на овој закон;
3) одлучува за постапувањето заради отстранување на пречките за решавање на групата, согласно со членот 9 на овој закон;
4) се одлучува за минималната стапка на сопствени средства и дозволени обрски за групата за решавање и за одделните членки на групата коишто не се носители на решавање во согласност со членот 13 на овој закон;
5) се одлучува за примена на овластувањата во случај на непочитување на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски и одлучување за ограничувањето на распределбата на резултатот од работењето, во согласност со членовите 14 и 15 на овој закон;
6) разменуваат податоци и информации за исполнувањето на условите од членот 19 став (1) точки 1) и 2) на овој закон
7) разменуваат податоци и информации за примената на инструментите за решавање од членот 24 на овој закон, вклучително и на отписот и претворањето на соодветните капитални инструменти и дозволени обврски од главата IV на овој закон;
8) разменуваат податоци и информации за планот за реорганизација од членот 40 на овој закон;
9) советување при преземање мерки во согласност со овој закон коишто можат да имаат значајно влијание врз групата за решавање;
10) координира комуникацијата со јавноста во однос на преземањето активности за решавање на групата;
11) координира користењето финансиска поддршка;
12) разговара за други прашања поврзани со решавањето на групата.

(6) Надлежностите и работата на колегиумите за решавање немаат влијание врз овластувањата на Народната банка пропишани со овој закон.

(7) Размената на податоците и информациите за потребите на функционирањето на колегиумот за решавање не претставува непочитување на обврските за доверливост на податоците, во согласност со овој закон.

(8) Колегиумот за решавање се формира врз основа на договор склучен помеѓу Народната банка и останатите органи од ставот (2) на овој член со кој се уредува и начинот на работа на колегиумот.

(9) Народната банка претседава со колегиумот за решавање, одлучува кои органи ќе учествуваат на седниците, ги определува активностите на колегиумот за решавање, согласно со овој закон и се грижи за навремено и целосно информирање на учесниците во колегиумот за времето и местото на одржување на состаноците, за прашањата коишто ќе

бидат разгледани на состаноците, како и за одлуките и заклучоците донесени на тие состаноци.

**Учество на Народната банка во колегиуми за решавање**
Член 69

(1) Народната банка може да учествува во работата на колегиум за решавање формиран за група за решавање во странство во која е членка банка со седиште во Република Северна Македонија, имајќи ги предвид прописите на земјата на надлежниот орган за начинот на формирање и работа на колегиумите за решавање и следејќи ги одредбите за доверливост од членот 65 на овој закон.

(2) Учеството во работата на колегиумот за решавање од ставот (1) на овој член нема влијание врз овластувањата на Народната банка пропишани со овој закон.

**Признавање на постапка на решавање на друга земја**
Член 70

(1) Народната банка може да ја признае постапката на решавање на друга земја во која се наоѓа надлежниот орган за решавање на матичното лице од членот 66 став (3) алинеја 1 на овој закон, во сите случаи кога не се исполнети условите од ставот (5) на овој член.

(2) Доколку надлежниот орган за решавање од ставот (1) на овој член одлучи дека се исполнети условите за решавање на матичното лице од членот 66 став (3) алинеја 1 на овој закон, согласно со прописите на другата земја, Народната банка има право, доколку е тоа од јавен интерес, врз банката или филијалата од членот 66 став (3) алинеја 1 на овој закон да преземе активности за решавање и да ги примени овластувањата на овој закон.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, Народната банка има право да:

1) ги спроведува овластувањата пропишани со овој закон на имотот на матичното лице од членот 66 став (3) алинеја 1 на овој закон, којшто се наоѓа во Република Северна Македонија или на кој се применуваат прописите на Република Северна Македонија;
2) спроведе или да бара спроведување пренос на акции и други сопственички инструменти на банката или филијалата во Република Северна Македонија од членот 66 став (3) алинеја 1 на овој закон;
3) ги извршува овластувањата од членовите 55, 56 и 57 на овој закон на банката или филијалата во Република Северна Македонија од членот 66 став (3) алинеја 1 на овој закон;
4) укине договорното право на раскинување, исполнување или предвремено достасување на договорот, доколку тоа право произлегува од активност за решавање преземена од надлежниот орган за решавање на другата земја во однос на матичното лице од членот 66 став (3) алинеја 1 на овој закон, под услов и понатаму да се извршуваат битните елементи на договорот, вклучително и обврските за плаќање или исполнување други обврски, како и обврските во врска со обезбедувањето.

(4) Спроведувањето на решавањето на матичното лице од членот 66 став (3) алинеја 1 на овој закон, не го спречува отворањето стечајна или ликвидациска постапка, согласно со законот кој го уредува работењето на банките.

(5) Народната банка нема да ја признае постапката на решавање на друга земја во која се наоѓа надлежниот орган за решавање на матичното лице од членот 66 став (3) алинеја 1 на овој закон доколку оцени дека:

1) постапката на решавање во другата земја ќе има негативно влијание врз финансиската стабилност во Република Северна Македонија;
2) е потребно да се преземе посебна активност за решавање кон банката или филијалата од членот 66 став (3) алинеја 1 на овој закон, за да се постигне еден или повеќе цели на решавањето;
3) доверителите, особено депонентите во Република Северна Македонија или на кои им се врши исплата во Република Северна Македонија, во рамките на постапката на решавање во другата земја не би имале ист третман како доверителите во другата земја, со слични законски права;
4) признавањето и спроведувањето на постапката на решавање од другата земја би имало сериозни влијание врз јавните средства;
5) резултатите од признавањето и спроведувањето на постапката на решавање од другата земја би биле во спротивност со прописите во Република Северна Македонија.

**Одговорност за штета**
Член 71

(1) Народната банка, нејзините вработени, посебните управители именувани од Народната банка и кои било лица кои се овластени врз основа на одлука на Народната банка или врз основа на одредбите на овој закон, не одговараат за штетата која ќе настане од извршувањето на нивните должности во согласност со овој закон и прописите донесени врз негова основа, освен ако се докаже дека штетата е предизвикана од крајно невнимание или со намерна повреда на нивните должности.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член не можат да одговараат за штета и по престанувањето на работниот однос во Народната банка, односно престанувањето на должноста која ја вршеле.

## ГЛАВА IX
## ФОНД ЗА РЕШАВАЊЕ НА БАНКИ

**Воспоставување Фонд за решавање на банки**
Член 72

(1) Заради обезбедување ефикасна примена на инструментите и овластувањата за решавање банки, се воспоставува Фонд за решавање на банки. Средствата од Фондот за решавање на банки се користат за остварување на целите на решавање банка од членот 17 на овој закон, во согласност со начелата на решавањето од членот 18 на овој закон.

(2) Со Фондот за решавање на банки управува Агенцијата за заштита на депозити во согласност со одредбите на овој закон и законот со кој се уредува заштитата на депозитите.

(3) Агенцијата за заштита на депозити средствата од Фондот за решавање на банки ги води одделно од другите средства со кои располага.

**Извори на финансирање на Фондот за решавање на банки**

Член 73

Средствата на Фондот за решавање на банки се обезбедуваат преку:

1) годишни придонеси од банките;
2) дополнителни придонеси од банките;
3) договори за заем и други облици на финансирање;
4) средства уплатени од банката којашто се решава или од преодната институција, преку примената на инструментите за решавање на овој закон, како и каматите и другите приходи од вложувања.

**Користење на средствата од Фондот за решавање на банки**

Член 74

(1) Народната банка одлучува за користење на средствата од Фондот за решавање на банки.

(2) Средствата од Фондот за решавање на банки можат да се користат во обем којшто е потребен заради примена на инструментите за решавање, за следниве намени:

1) како гаранција за средствата и обврските на банката којашто се решава, на нејзини подружници, на преодната институција или на друштвото за управување со актива;
2) за одобрување кредити на банката којашто се решава, нејзините подружници, преодната институција или друштвото за управување со актива;
3) за купување имот од банката којашто се решава;
4) за уплата на капитал и други потребни средства на преодната институција или друштвото за управување со актива;
5) за исплата на надоместок на акционерите согласно со членот 62 на овој закон;
6) за исплата на средства на банката којашто се решава за износот кој е резултат на исклучувањето на обврските на одредени доверители при примена на инструментот внатрешна распределба на загубите согласно со членот 33 на овој закон;
7) за каква било комбинирана употреба на средствата од точките 1) до 6) на овој став.

(3) При примената на инструментот продажба на дејноста, средствата од Фондот за решавање на банка можат да се користат за намените од став (2) точки 1) до 7) на овој закон во однос на купувачот.

(4) Средствата на Фондот за решавање на банки не се користат за директно покривање на загубите или за докапитализација на банката којашто се решава. Доколку преку користењето средства од Фондот индиректно се покрива дел од загубите на банката којашто се решава, се применуваат начелата за користење на средствата од Фондот за решавање на банки определени во членот 34 на овој закон.

**Ниво на средствата на Фондот за решавање на банки**

Член 75

(1) Средствата на Фондот за решавање на банки изнесуваат најмалку 1% од износот на вкупните покриени депозити во банките во Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: потребно ниво на Фондот).

(2) Доколку по достигнувањето на потребното ниво на Фондот, средствата на Фондот се намалат, банките продолжуваат да ги плаќаат придонесите согласно со членот 79 на овој закон сé додека не се достигне потребното ниво на Фондот.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, доколку средствата на Фондот се намалат на ниво пониско од две третини од потребното ниво на Фондот, Фондот ја определува висина на придонесите со која ќе се обезбеди достигнување на нивото од ставот (1) на овој член во рок од шест години.

**Годишни придонеси**
Член 76

(1) Банките плаќаат годишен придонес во Фондот за решавање на банки, во висина определена од Народната банка.

(2) Придонесот на секоја банка е сразмерен на износот на нејзините обврски (без сопствените средства), намалени за износот на покриените депозити, во однос на вкупните обврски (без сопствените средства) намалени за износот на покриените депозити на сите банки во Република Северна Македонија.

(3) Придонесите се прилагодуваат на профилот на ризичност на банката.

(4) Народната банка со подзаконски акт подетално го пропишува начинот на пресметка на годишните придонеси, начинот на плаќање на придонесите и известување за извршената уплата.

**Дополнителни придонеси**
Член 77

(1) Во случаите кога расположливите средства на Фондот за решавање на банки не се доволни за покривање на загубите, трошоците и другите расходи настанати преку користењето средства од Фондот, Агенцијата за заштита на депозити може да побара од банките уплата на дополнителни придонеси во Фондот.

(2) Дополнителниот придонес се пресметува за секоја банка согласно со членот 76 на овој закон и не може да го надмине трикратниот износ на годишниот придонес кој го плаќа банката.

(3) Банката е должна да го уплати дополнителниот придонес од ставот (2) на овој член во рок од 15 дена по добивањето на налогот за плаќање од Агенцијата за заштита на депозити, согласно со ставот (1) на овој член.

(4) На барање на банката, Народната банка може да и одобри на банката делумно или целосно одложување на обврската за плаќање дополнителен придонес во Фондот ако оцени дека таквата обврска би ја загрозила нејзината ликвидност или солвентност. Одложувањето може да се одобри најдолго за период од шест месеци, а по барање на банката поднесено пред истекот на тој период, Народната банка може да го продолжи тој период за уште шест месеци.

(5) Народната банка ја известува банката од ставот (4) на овој член дека има обврска за плаќање на дополнителниот придонес и пред истекот на периодот од ставот (4) на овој член, ако со неговото плаќање веќе не се загрозува солвентноста или ликвидноста на банката.

(6) Народната банка со подзаконски акт подетално ги пропишува условите за одложување на плаќањето на дополнителните придонеси.

**Договори за заем и други облици на финансирање**
Член 78

(1) /Агенцијата за заштита на депозити може да се задолжува кај банки, финансиски институции или трети лица во случај кога расположливите средства на Фондот за решавање на банки обезбедени согласно со членот 76 на овој закон и дополнителните придонеси од членот 77 на овој закон не се доволни или достапни за покривање на загубите, трошоците и другите расходи.

**Користење на средства од Фондот за заштита на депозити во постапка на решавање на банка**
Член 79

(1) Во случаите кога Народната банка презема активности за решавање на банка, при што и понатаму е обезбеден пристап на депонентите до нивните депозити, Народната банка може да донесе одлука со која се наложува од Фондот за заштита на депозити да се надоместат следните износи:

1) при примена на инструментот внатрешна распределба на загубите, износот на покриени депозити кој би бил отпишан заради покривање на загубите согласно со членот 35 став (1) точка 1) на овој закон, кога покриените депозити би биле опфатени со внатрешната распределба на загубите и би биле отпишани сразмерно со побарувањата на други доверители од ист исплатен ред согласно со законот кој го уредува работењето на банките; или
2) при примена на другите инструменти за решавање на банка, износот на загубата која би ја имале обезбедените депоненти, кога нивната загуба би била сразмерна на загубата на други доверители од ист исплатен ред согласно со законот кој го уредува работењето на банките.

(2) Во постапката на решавање на банка износот на надоместокот од Фондот за заштита на депозити не може да биде повисок од износот на загубите на Фондот во стечајна постапка на банката.

(3) Доколку се применува инструментот на внатрешна распределба на загубите, Фондот за заштита на депозити нема обврска за докапитализација на банката којашто се решава или на преодната институција, во согласност со членот 35 став (1) точка 2) на овој закон.

(4) Пред донесувањето на одлуката од ставот (1) на овој член, Народната банка ќе обезбеди мислење од Агенцијатаза заштита на депозити.

(5) Износот кој треба да се надомести од Фондот за заштита на депозити во согласност со ставот (1) на овој член се определува со примена на одредбите од членот 21 на овој закон.

(6) Доколку со независната процена на загубите од членот 61 на овој закон се утврди дека надоместокот од Фондот за заштита на депозити во постапката на решавање на банката бил повисок од износот на нето загубите што би ги имал Фондот во стечајна постапка на банката, Фондот за заштита на депозити има право на исплата на разликата од страна на Фондот за решавање на банки согласно со членот 62 на овој закон.

(7) Агенцијата за заштита на депозити го исплатува надоместокот од ставот (1) на овој член на сметката на банката којашто се решава во Народната банка.

(8) Кога прифатливите депозити во банката којашто се решава се пренесуваат на друго правно лице преку инструментите продажба на дејноста или преодна институција,

депонентот нема право на обесштетување од Фондот за заштита на депозити за оној дел од депозитот кој не е пренесен од банката којашто се решава, под услов износот на пренесените депозити да е еднаков на или повисок од максималниот износ кој подлежи на обесштетување согласно со законот кој се уредува заштитата на депозитите.

(9) Доколку паричните средства од Фондот за заштита на депозити се користат согласно со ставовите (1) до (8) на овој член и како последица на тоа се намалат на помалку од две третини од нивото пропишано со законот кој се уредува заштитата на депозитите, Агенцијата за заштита на депозити ја зголемува премијата за осигурување на висина која ќе овозможи достигнување на пропишаното ниво во рок од шест години.

(10) Во постапката на решавање на банка, учеството на Фондот за заштита на депозити не може да биде поголемо од 50% од нивото на средствата на Фондот пропишано со законот кој се уредува заштитата на депозитите, ниту повеќе од износот на загубите кои би ги имал Фондот во стечајна постапка.

## ГЛАВА X
## ПОСТАПКА НА ДОНЕСУВАЊЕ ПОЕДИНЕЧНИ УПРАВНИ АКТИ И СУДСКА ЗАШТИТА

### Постапка на донесување поединечни управни акти
Член 80

(1) Во постапката на донесување на одлуки и решенија врз основа на овој закон се применуваат одредбите на законот кој ја уредува општата управна постапка, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

(2) Против одлуките и решенијата на Народната банка донесени врз основа на овој закон не е дозволена жалба и истите се конечни во управна постапка.

### Судска заштита
Член 81

(1) Против одлуките и решенијата на Народната банка донесени врз основа на овој закон може да се поведе управен спор, согласно со законот кој ги уредува управните спорови, во рок од 30 дена од денот на приемот на актот.

(2) За засегнатите лица кои со јавната објава се известуваат за одлуката за започнување постапка на решавање на банката, рокот од ставот (1) на овој член почнува да тече од денот на објавата согласно со членот 22 став (9) од овој закон.

(3) Тужбата не го одлага извршувањето на одлуките и решенијата донесени врз основа на овој закон, ниту може во управниот спор да се донесе времена мерка за одлагање на извршувањето на одлуката односно решението.

(4) Управниот суд при одлучувањето за тужбата ја користи деталната проценка на финансиската состојба на банката којашто ја спровела Народната банка.

(5) Доколку во управниот спор судот ја уважи тужбата, со пресуда ја утврдува незаконитоста на оспорената одлука или решение донесени врз основа на овој закон. Правата и обврските коишто ги стекнале трети лица врз основа на актот остануваат во важност, а правото на тужителот се ограничува на надомест на штета предизвикана со актот.

(6) Надоместокот на штета од ставот (5) на овој член се исплатува од средствата на Фондот за решавање на банка.

## ГЛАВА XI
## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Прекршочна постапка
Член 82

(1) За прекршоците предвидени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

(2) За сторените прекршоци од овој закон, лицата кои од гувернерот се овластени да вршат активности на решавање на банка се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(3) Народната банка, со подзаконски акт, ја пропишува формата и задолжителните елементи на прекршочниот платен налог.

### Прекршоци за банката
Член 83

(1) Глоба во износ од 8.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на банка доколку:

1) не ја извести Народната банка за промените коишто можат да влијаат на содржината или спроведливоста на планот за решавање на банка (член 5 став 4);
2) не ги обезбеди и достави до Народната банка сите информации потребни за изработување, ажурирање и спроведување на планот за решавање или не учествува во неговата изработка (член 5 став 5);
3) не воспоставила и/или не го ажурира редовно списокот на финансиски договори во кои е договорна страна или не го доставува списокот на барање на Народната банка (член 5 став 9);
4) не ги обезбеди и достави до Народната банка сите информации потребни за подготвување и изработка на планот за решавање на банкарска група (член 7 став 4);
5) не достави или не достави во рокот предлог мерки за отстранување на пречките за решавање (член 9 став 2 или став 3);
6) не ги спроведе во определениот рок мерките за отстранување на пречките за решавање (член 9 став 4);
7) не достави или не достави во рокот план за спроведување на мерките содржани во решението (член 9 став 7);
8) не ги спроведе во определениот рок мерките за отстранување на пречките за решавање (член 9 став 2);
9) не ја одржува минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски (член 10 ставови 1 и 2)
10) не ѝ овозможува на Народната банка пристап до и/или не ѝ ги доставува бараните податоци и информации (член 48 став 1);
11) не постапи по одлуката на Народната банка од членот 51 став (1) на овој член;
12) не го плаќа годишниот придонес во Фондот за решавање на банки во согласност со членот 76 на овој закон;

13) не плаќа дополнителен придонес во Фондот за решавање на банки согласно со членот 77 на овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорното лице во банката.

**Прекршоци на други лица**

Член 84

(1) Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на член на управниот одбор на банката доколку:

1) без одлагање не ја извести Народната банка доколку смета дека состојбата во банката е таква што таа не може или е веројатно дека нема да може да продолжи да работи (член 19 став 5);
2) на посебните управители не им овозможи пристап до целокупната документација на банката или не им даде информации и извештаи за работењето на банката (член 23 став 10).

(2) Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на независниот проценител доколку:

1) процената на вредноста ја изврши спротивно на членот 21 ставови (5), (6), (7), (8) и/или (10) на овој закон;
2) дополнителната процена на вредноста ја изврши спротивно на членот 21 став (13) на овој закон;
3) процената на вредноста од членот 61 на овој закон не ја изврши согласно со ставовите (3) и (4) од истиот член.

(3) Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на посебните управители доколку:

1) презеле дејствија без претходно одобрение на Народната банка во случаите кога такво одобрение е превидено (член 16 став 8);
2) не доставуваат до Народната банка извештаи согласно со членот 23 став 11 од овој закон.

(4) Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лице со посебни права и одговорности во банка доколку на посебните управители не им овозможи пристап до целокупната документација на банката или не им даде информации и извештаи за работењето на банката (член 16 став 10).

(5) Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лице од членот 65 став (2) на овој закон ако не ја чува доверливоста на информациите и податоците што ги добило при вршење на активности според овој закон, односно обелоденило доверливи информации и податоци спротивно на членот 65 од овој закон.

## ГЛАВА XII
## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Рокови за донесување на подзаконските акти**

Член 85

Подзаконските акти коишто произлегуваат од овој закон Народната банка ќе ги донесе во рок од осумнаесет месеци од стапувањето во сила на овој закон.

**Рокови за усогласување со барањата за потребното ниво на Фондот**
Член 86

(1) Потребното ниво на Фондот од членот 75 на овој закон треба да се достигне во рок од десет (10) години од денот на стапувањето во сила на овој закон.

(2) Во текот на период од ставот (1) на овој член, придонесите во Фондот коишто се уплатуваат согласно со членот 76 на овој закон, временски рамномерно се распределуваат, колку што е тоа можно, сé додека не се достигне пропишаната висина на средствата на Фондот. При временското распоредување на придонесите, се зема предвид фазата на деловниот циклус и влијанието коешто процикличните придонеси би можеле да го имаат врз финансиската состојба на банките кои ги уплатуваат придонесите.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, Народната банка може со подзаконски акт да го продолжи почетниот период најдолго за четири години, доколку од Фондот за решавање на банки во текот на периодот од ставот (1) на овој член е исплатен вкупен износ на средства повисок од 0,5% од прифатливите депозити на сите банки во Република Северна Македонија.

**Рокови за усогласување со барањата за плановите за решавање**
Член 87

(1) Народната банка ќе ги изработи првите планови за решавање согласно со ченовите 5, 6 или 7 на овој закон, најдоцна до 30 јуни 2026 година.

(2) Одлуките од членот 88 став (1) на овој закон, се составен дел на плановите од ставот (1) на овој член.

**Рокови за усогласување со барањата за минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски**
Член 88

(1) Народната банка ќе ги донесе првите одлуки за потребното ниво на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски од членот 10 став (2) на овој закон за секоја банка, најдоцна до 30 јуни 2026 година, во кои ќе биде наведен рокот за исполнување на потребното ниво на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски.

(2) Рокот за исполнување на потребното ниво на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски од ставот (1) на овој член не може да биде подолг од 1 јануари 2031 година.

(3) Со цел да се овозможи постепено достигнување на потребното ниво на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски, утврдена во одлуката од ставот (1) на овој член, Народната банка може да пропише посредно ниво на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски којашто банката е должна да ја достигне најдоцна до 1 јануари 2029 година.

(4) По исклучок на ставот (2) на овој член, рокот за исполнување на потребното ниво на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски може да заврши и по 1 јануари 2031 година, доколку Народната банка оцени дека е тоа оправдано, имајќи ги предвид критериумите од ставот (7) на овој член, како и:

1) финансиската состојба на банката;

2) веројатноста дека банката ќе може во разумен рок да се усогласи со барањата од членовите 10 до 13 на овој закон;
3) можноста банката да ги замени обврските коишто не ги исполнуваат критериумите од членот 11 на овој закон, при што доколку се оцени дека банката не е во можност да ја изврши замената, се оценува дали таа неможност е резулатат на ограничувања коишто произлегуваат од работењето на банката или е резултат на пазарни ограничувања.

(5) По исклучок на ставот (2) на овој член, рокот за исполнување на потребното ниво на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски од ставот (1) на овој член за банката од членот 12 ставови **Error! Reference source not found.** или **Error! Reference source not found.** на овој закон, не може да биде подолг од 1 јануари 2029 година.

(6) Во случаите од ставовите (1) до (5) на овој член, Народната банка доставува до банката план со годишна динамика за достигнување на потребното ниво на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски, којшто банката е должна да го почитува.

(7) При определувањето на рокот за исполнување на висината на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски, Народната банка ги има предвид:

1) нивото на депозитите и нивото на должничките инструменти, како извори на финансирање на банката;
2) пристапот до пазарот на капитал на дозволени обврски, и
3) степенот до кој банката го користи редовниот основен капитал за исполнување на потребното ниво на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски од членот 10 став (2) на овој закон

(8) Народната банка може да го ревидира рокот за исполнување на потребното ниво на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски или да го ревидира планот од ставот (6) на овој член и да побара поинаква динамика за достигнување на потребното ниво на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски, којшто банката е должна да го почитува.

(9) Во случаите од ставот (4) на овој член, рокот за исполнување на висината на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски, определен согласно со членот 10 став (2) на овој закон е еднаков на рокот определен согласно со ставот (4) на овој член.

**Преодни одредби во врска со дозволените обврски**
Член 89

(1) Одредбите на овој закон во однос на дозволените обврски коишто се користат за потребите на инструментот за внатрешна распределба, потребното ниво на минимална стапка на сопствени средства и дозволени обврски и отписот и претворањето на соодветните капитални инструменти и дозволени обврски, ќе се применуваат на сите дозволени обврски коишто ќе настанат по стапувањето во сила на овој закон, како и на дозволените обврски настанати пред стапувањето во сила на овој закон, доколку по стапувањето во сила на овој закон е настаната значајна промена којашто овозможува примена на одредбите на овој закон.

**Завршни одредби**
Член 90

Овој закон стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува во рок од осумнаесет месеци од стапувањето во сила.